У Н И В Е Р З И Т Е Т "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" – Скопје
ФИЛОЗОВСКИ ФАКУЛТЕТ – ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА

# ПРИЛЕП И ПРИЛЕПСКО ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА
# 1945 – 1953

- (ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА)

Ментор,
Д-р Новица Вељановски

Кандидат,
М-р Дукадин Камшикоски

Скопје, 1998 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

Предговор........................................................................................2

## Г Л А В А  П Р В А
## 1. ПРИЛЕП И ПРИЛЕПСКО ЗА ВРЕМЕ НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

1.1. Германската окупација на Прилеп и Прилепско........................................................................................11
1.2. Воспоставување на бугарска фашистика власт и организирање на окупаторскиот систем, воена окупација нејзини задачи и цели........................................................................................12
1.3. Појава и развој на антифашистичкиот отпор.......................................17
1.4. Непосредни подготовки за формирање на Партизанскиот одред “Гоце Делчев”..............................................................................21
1.5. Формирање на Првиот прилепски Партизански одред...................23
1.6. Формирање на Партизанскиот одред “Димитар Влахов”................27
1.7. Завршните борби за ослободување на Прилеп и Прилепско..........29

## Г Л А В А  В Т О Р А
## 2. СОЗДАВАЊЕ и РАЗВОЈ НА ОРГАНИТЕ НА НАРОДНА ВЛАСТ ВО ПРИЛЕПСКА ОКОЛИЈА

2.1. Административно-територијална поделба на Прилеп и Прилепско до Првото заседание на АСНОМ..............................................32
2.2. Донесување на Првиот закон за административно – територијална Поделба на Федерална Македонија и Прилеп и Прилепско...........43
2.3. Административно-територијалната поделба на НРМ и Прилепска околија во 1950 година ..............................................49
2.4. Административно-територијална поделба на Прилепска Околија во 1952 година..........................................................................52
2.5. Создавање, организација и развој на народната власт..................54
2.6.1. Создавање и развој на органите на народна власт во Прилепска околија..........................................................................58

## Г Л А В А  Т Р Е Т А
## 3. СТОПАНСКИ РАЗВОЈ НА ПРИЛЕПСКА ОКОЛИЈА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА 1945 – 1953

3.1. Промени и поопштествување на сопственоста на земјата и во Прилепска околија..........................................................................69

3.2. Поопштествување на сопственоста на земјата и развојот на земјоделското производство....................................71
3.3. Формирање и организација и развој на земјоделските задруги 1945 – 1953 година..........................................................................78
3.4. Основни карактеристики на земјоделските задруги 1947-1953.......83
3.5. Колективизација и нејзиниот одраз во Прилепска околија 1949-1950 ..........................................................................................85
3.6. Односот на населението кон задругите – СРЗ и појавата на окуќницата..........................................................................................91
3.7. Изградба на Задружни домови и други објекти во Прилепска околија..................................................................................95

## ГЛАВА ЧЕТВРТА
## 4. МАСОВНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ПРИЛЕПСКА ОКОЛИЈА

5.
4.1. Масовни-политички организации во Прилепска околија...............101
4.2. Развој и дејноста на Партиската организација на КПМ – Прилеп по Втората светска војна 1945-1953 год..........................102
4.3. Дејноста на Народниот фронг на Прилепска околија...................119
4.4. Развојот на активноста на Синдикалното движење во Прилепска околија..............................................................................129
4.5. Развој и активност на СКОЈ и НОМСМ..........................................138
4.6. Развој и активност на АФЖ...............................................................142
4.7. Мерките и активностите на народната власт и масовните политички организации во спречување на отпор на разни реакционерни групи и новопојавени политички сили во Прилепска околија..............................................................................144

## ГЛАВА ПЕТА
## 5. ОРГАНИЗАЦИЈА и РАЗВОЈ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ ВО ПРИЛЕПСКА ОКОЛИЈА

5.1. Првото заседание на АСНОМ и неговите одлуки во развојот на училишната мрежа во Прилепска околија...........................151
5.2. Организационо создавање и функционирање на просветните органи во Прилепска околија...................................154
5.3. Просветните прилики во Прилепската околија...........................160
5.4. Отворање на основните и средните училишта...........................165
5.5. Број на состојба на училишта, ученици.........................................171
5.6. Формирање на гимназијата “Мирче Ацев”.....................................176
5.7. Аналфабетските, основните и општообразовните курсеви...........178
5.8. Библиотекарството во Прилеп и Прилепско.................................183
5.9. Народен универзитет, театар, хор.................................................189
5.10. Здравствената и социјалната заштита на

населението во Прилепската околија.......................................190
5.11. Спортот и спортскиот живот....................................................191

Заклучок......................................................................................197
Консултирани извори и литература..........................................200
Список на скратеници..................................................................202

# П Р Е Д Г О В О Р

Во овој труд - “Прилеп и Прилепско по Втората светска војна 1945 - 1953”, напра-вив обид да ги прикажам настаните што се случиле во Прилепска околија не поединечно, туку во контекст на случувањата што се одиграле во Македонската држава. Тоа е време на радикални промени во државата на општествен, политички, економски, културен и просветен план. Овие промени допреа до сите пори на човековото живеење во Прилепската околија. Тоа, е период на обнова и изградба на државата или уште познат “условно” како период на административно - централистичко раководење, па сé до почетокот на функционирањето на самоуправниот систем од 1950 година, а со нагласено развојно темпо од 1953 година. Периодот што е под наша опсервација, е период од исклучително значење за конституирањето и развојот на македонската држава, со посебен осврт на Прилепска околија, како составен сегмент на Македонската држава.

Прилеп и Прилепско од првите денови на ослободувањето, па сé до 1953 година, е околија, која територијално, во зависност од административно - територијалната поделба, имала поголема или помала површина. Но, тоа не влијаело многу на организационата поставеност. Во натамошниот текст на трудов ќе го задржам именувањето Прилепска околија.

Прилепската околија е сместена во северниот дел на Пелагониската Рамнина. Таа, се граничи на југ со Грција, а потоа со Битолска околија, со Кавадарска, Велешка, Крушевска, Бродска. Околијата има вкупно површина од 1.487 $км^2$ . Поголема река што тече низ Прилепска околија е Црна Река, а другите реки се со помал водотек. Во Околијата имало околу 66 ха под мочуриште, кои биле извор на разни заболувања.[1]

Прилепската околија е поврзана со другите околии со железнички и патен сообраќај и тоа; со железничка пруга; Велес - Прилеп - Битола, патна комуникација; Велес - Градско - Прилеп - Битола, Прилеп - Крушево, Прилеп - Брод, Прилеп - Витолиште. Во неа во овој период живеат 52.842 жители кои по национален состав се: Македонци 43.842, Срби 77, Хрвати 48, Словенци 1, Црногорци 38, Муслимани 3.945, Шиптари 4.895 и неодредени 48 жители.[2]

---

[1] Архив на Македонија - Подрачно одделение - Прилеп Фонд: Околиски Народноослободителен одбор 1945-1955 год. К-1

[2] Ибидем ...К-1

Прилепската околија за периодот од 1944-1953-55 година, постои како една единствена административно-политичка единица со оформени органи на власт и органи на линија на политички план. Тие се носители на целокупниот живот на ова подрачје и се зафати да ја понесат целокупната промена што настанува во државата, па и во Прилепската околија. Сите мерки, наредби, нормативни акти што се донесувале од повисоките органи наоѓаат и место во Прилепската околија со сите нејзини специфичности што ги имале. Посебно внимание и посветив и на улогата што ја имале субјективните - политички сили, како што биле Партија, Народниот фронт, Синдикалната организација, АФЖ, НОМСМ кои имале голем удел во динамизирањето на стопанскиот развој, во процесот на образованието и воспитанието во Прилепска околија.

Во нашата историографија, за овој период што е најзначаен е мошне малку пишувано, а додека за случувањата што се одиграле во Прилепската околија, нема ништо напишано, ниту објавено или било каква студија, ниту бил предмет на некакво научно интересирање.

Главен извор од каде што црпев податоци е необјавената архивска граѓа, пред сé пишуваните извори, државни, правни акти и други официјални материјали, потоа ги користев и другите јавни извори, политички публикации, дневни, неделни списанија, билтени, соопштенија и пропаганден материјал и секако тука доаѓаат и усните искажувања на живи актери, сведоци и учесници на настаните од цитираниот период.

Во трудов, напорите беа свртени, пред сé кон истражување на настанатите што се одиграле веднаш по завршувањето на Втората светска војна. Прилепската околија по војната излегла доста осиромашена, разрушена, опљачкана, опустошена, населението било на работ на голата егзистенција, а од друга страна се поставило прашањето за изградба на своја држава, создавање и работа на своја народна власт, за првпат во својата долгогодишна историја. Во првите години од завршувањето на Втората светска војна, преовлада голем ентузијазам, се градело со доброволна работна рака, Таквата работа добила, и масовен карактер. Тоа се должело на големиот ентузијазам што ги зафатил широките народни маси. Народот бил уверен дека сите овие промени ќе доведат до ед-

наквост меѓу луѓето. Тоа е време кога се вршела промена на сопственичките односи во индустриско - економската структура и општествено-економската структура воопшто, се оствариле и промените во аграрно-поседовните односи. По ослободувањето, по директива на Партијата, се озаконила аграрната реформа. Се пристапило кон законско санкционирање на сопственичките односи што се негувале уште за време на НОВ. За таа цел со Законот за аграрна реформа се ограничил земјишниот посед од 53 ха, или на 25-30 ха или на 10 ха. [3]

Законот за аграрна реформа бил пропратен со другите законски нормативни акти, Законот за конфискација, Законот за национализација, експропријација и др.

При истражувањето наидов на низа потешкотии и тоа опстојна анализа на постојната обемна архивкса граѓа, која се уште не е средена, не е обработена, особено за работата и дејноста на АФЖ, НОМСМ во Прилепската околија, со еден збор ја нема во фондовите. Тоа беше голем недостаток за обработка на овие масовни општествено - политички организации. Во фондовите се зачувани само дел од записниците каде е регистрирана работата. За активноста на овие организации може да се сретне во работата на Партијата, на НФ, но не е целосна.

При оформувањето на темата се раководев од принципот не само да се регистрираат севкупните активности што се покренувале и спроведувале во живот, туку и анализираат. Ги издвоив само оние што се пообемни, што даваат еден рељефен пресек и можност да се согледа што по целосно, сестрано и по димензионирано учеството и уделот на органите на власт, масовните општествено-политички организации во периодот на обновата и изградбата на целокупното живеење во Прилепската околија.

Овој труд го сочинуваат пет глави, кои иако меѓу себе се поврзани и претставуваат една целина, сепак се разликуваат по својот карактер.

Првата глава, го третира прашањето на Прилепската околија за време на Втората светска војна, воспоставувањето на окупаторската власт, организацијата и отпорот против окупаторскиот режим во Прилеп и Прилепско, со посебен осврт на создавање на вооружените единици во овој крај, одреди, бригади,

---

[3] Привремената Народна скупштина на ДФЈ, на 23 август 1945 год. го донесе Законот за аграрна реформа и

дивизии. Тука се и почетните никулци на создавањето на Народната власт преку Одборите како органи на борбата, а потоа и на Народната власт кои имаат еден свој специфичен континуиран развој.

Во втората глава е третирано прашањето за административно - територијалната поделба на Прилепската околија во рамките на Македонската држава. По одржувањто на Првото заседание на АСНОМ, се наметнала и потребата од прва поделба на административно-територијални единици. Со тоа се овозможува организација и градба на народната власт. Во Прилепската околија од 1945 година па сé до 1953, година и потоа, биле чести административно-територијалните поделби. Во слободна Македонија првата административно-територијална поделба била извршена на 6 август 1944 година. Прилеп бил во рангот на околија и биле формирани ГНОО, Околиски НОО, Општински НОО, Месни НОО, и во најодалеченото село беа формирани органи на власт. Секако, тука е разгледано прашањето за развојот и дејноста на органите на власт во Прилепската околија, нивното формирање, составот, структурата, на членовите и проблемите на нивното работење.

Третата глава го третира прашањето на материјалната обнова и изградба, односно целокупниот стопански живот. Тука е опфатено и донесувањето на Законот за конфискација, аграрна реформа и колонизација, национализацијата, формирањето и работата на РЗЗ-кооперациите и СРЗ-колективизацијата и последиците од ваквиот начин на работење. Тука, пред сé доаѓа до израз нивната ангажираност во развивањето на агитпропаганда, акции, сé со цел да се разобличат шпекулантските дејствувања.

Четврдата глава ја опфаќа работата и дејноста на масовните општествено-политички организации на подрачјето на Прилеп и Прилепско, нивното работење во зацврстувањето во сите пори на општественото живеење. Секако, дека основна поента во разгледувањето на дејноста на масовните општествено-политички организации во покренувањето на акции што се севкупно значење за понатамошно подобрување на условите за живот.

---

колонизација, мотивиран уште од НОВ земјата да им припадне на оние што ја работат.

Петтата глава го третира прашањето за развојот на просветата, културата, спортот во градот, отворањето на училишта, бројот на учениците, библиотеките, читалните и целокупниот развој на спортот во услови на голема немаштија.

# Г Л А В А  П Р В А

## ПРИЛЕП И ПРИЛЕПСКО ЗА ВРЕМЕ НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

## 1.1. Германската окупација на прилеп и прилепско

Прилеп и Прилепско, во априлската војна 1941 година бил заземен на 8 април 1941 година од претходницата на германската 13-та пешадиска дивизија, од 40 корпус, на 12-та армија. Германската војска пристигна во Прилеп без да наиде на било каков отпор. Во градот влегла во попладневните часови. Пред тогашната општина бил одржан говор од страна на еден германски офицер, а потоа оформен Градски одбор од граѓани кои биле наклонети кон Германците. Во 13,00 часот во Прилеп пристигна капетанот Тролер, одреден за командант на Прилеп.[4] Во говорот изнесол дека доаѓа како ослободител "пријател". Говорот го преведува заболекарот Методија Тројачанец од Прилеп кој добро знаел германски. На 9 април 1941 година бил формиран и квислиншки одбор и била пренесена телеграма до Хитлер и благодарност за неговото "ослободување". [5] По барање на германската команда биле назначена општинска квислиншка власт. Оваа квислиншка власт била позната како Градски одбор.

По влегувањето на претходницата на 73 -та пешадиска дивизија, некаде околу 12 април 1941 година пристигна и главнината која се наоѓала во близина на Прилеп и тоа 186 полк Беловодица-Тројаци, а 123 полк - Топлица - Мранор - Ракле, а на 13-14 април помина низ Прилеп со претходницата во Лерин. Со специјална наредба од 13 април 1941 година во Прилеп е формирана воена управна Месна команда. Тие денови во Прилеп и Прилепско, а и подоцна, се наоѓале, голем број германски команди / на 40, и 50, корпус/ и единици. Во Прилеп и Прилепско во овој период пристигна и 16 -та дивизија на 50 корпус. Оваа дивизија ги распореди своите единици во Прилеп, а Штабот на дивизијата бил лоциран во Прилеп. Во овој распоред единиците на германската војска остана сé до 7-ми мај 1941 година, кога направи марш кон Белград во правец Велес - Куманово - Ниш и на север.

По завршувањто на Априлската војна и повлекувањето на германските војски, цивилната и воената власт била предадена на буарскиот фашистички ок-

[4] Капетанот Тлопе одржа говор во центарот на градот, Ат пазар Прилеп и Прилепско низ историјата, Прилеп, 1972 год К-2

[5] Прилеп и Прилепско низ историјата ...цф...

упатор. Тие во градот оставиле само една група за врски, едно известително одделение кои дејствувале во реонот на Прилеп, мал број сили има кај германското рударско друштво за лискун.[6]

За време на германската окупација во Прилеп и Прилепско, тие биле заинтересирани за природните ресурси, особено за рудното богатство, особено големо ангажирање покажале околу производството и транспортот на лискунот-лисјак и тутунот.[7] За ова благо Германците знаеле уште пред почетокот на војната и тоа едно германско друштво започнало со експлатација на лискун пред војната, а ова рударско богатство било мошне значајно за воената индустрија.

### 1.2. Воспоставување на бугарска фашистичка, власт и организација и окупаторскиот систем, воена окупација нејзини цели и задачи

Врз основа на договорот со Хитлерова Германија на 19.04.1941 година во Вардарскиот дел на Македонија навлегле единици на 1 бугарска армија, дел од Југоисточна Србија и Косово, освен во краиштата на Западна Македонија, кои му припаѓале на Италијанскиот протекторат "Голема Албанија". Со окупацијата на овие делови биле постигнати основните цели на бугарската владејачка гарнитура "остварување на национални идеали и создавање на Голема Бугарија". Но била постигната уште една многу значајна цел за силите на Оската, кои беа во најголемиот зенит на заграбување, бугарските дивизии ги замениле германските дивизии, така што ослободиле голем број германски единици за воени операции за другите фронтови кои подоцна биле префрлени на Источниот фронт, против Советскиот Сојуз.

На 23 април 1941 година, вечерта на железничката станица во Прилеп пристина една композиција со бугарска војска, сместена во товарни вагони, дел слегла, а дел замина према Битола.[8]

---

[6] Извештаи ... ксерокскопии, во мемоарското одделение при Општинскиот одбор на СБНОАВМ - Прилеп, до врховниот командант...вермахатот, од септември 1941, од офицерот за в. стопанството Софија док. 309.
[7] Користење на лискун од Мариово ... информации на рударското друштво...док 123.
[8] Прилеп бил окупиран од бројни фашистички војски, на 26 април 1941 год. но во Прилеп и Прилепско во историјата стои дека Прилеп е окупиран на 23 април 1941 год.

На 26 април 1941 година во Прилеп пристигнале поголем број воени единици и тој ден официјално е земен за бугарската фашистичка окупација на Прилеп и Прилепско. Со бугарската фашистичка окупација биле донесени специјално одбрани полицајци и веднаш се воспоставила полициска управа на полицајци, агенти. Во Прилеп биле сместени следниве полициски органи:

1. Полициско команданство, со три полициски станици во самиот град; полициски командатн - 1, командир на полициски станици - 3, полицајци 137, општински полицајци - 5 или вкупно 137.

Во Прилеп има и Околиска полициска управа; околиски полициски началник-1, помошни-1, полицајци 84, општински стражари 10, вкупно 96. Околиската полициска управа има организирано 7 полициски станици во селата.[9]

Од гореизнесените податоци бугарскиот фашистички окупатор во Прилеп стационира јаки полициски и воени сили, а од тоа може да се заклучи дека окупаторот бил добро известен за тоа дека во Прилеп има силно револуционерно движење. Тоа го потврдува и фактот што во Прилеп било организирано полициско команданство, што е уште ден доказ дека бугарскиот фашистички окупатор вил запознат известен за антифашистичкото движење во Прилеп и Прилепско. Тука била сместена и службата за државна сигурност. Веднаш по доаѓањето на бугарскиот фашистички окупатор и, пред тоа, врбува луѓе кои ќе му бидат соработници. За реализирање на оваа цел тие барале низа причини да ги врбуваат луѓето и тоа стари војводи кои долго време живееле во Бугарија и сега успеале да ги вклопат во денационализаторската политика на бугарскиот фашистички окупатор, такви биле: Милан Ѓурлуков, кој настојувал да создаде контра чета во Прилеп и Прилепско, Јани Туфа, човек кој извршил низа предавства, Коста Пинзур, отворен соработник на бугарската полиција кој бил во нејзините редови, Миха Саламчијата, Гулабот, кој бил ликвидиран од напредното движење. Тие му нанеле огромни штети на напредното движење во Прилеп и Прилепско, но не го попречиле, тоа со големи активности се омасовило, и било прифатено од народот во Прилеп почнале да пристигнуваат назначени чиновници. Тие покрај германскиот “аусвајс” со себе носеле и решенија со печат

[9] Прилеп и Прилепско низ историјата ...цф...стр.150.

од Софија за назначување на кметови на селските општини, општински учители во училиштата, потоа агенти, полицајци, даночни чиновници, директори и др. Почнала да се конституира бугарската фашистичка власт и тоа во сите пори од општественото живеење во градот, сѐ со цел да не се остави простор на дејствување на напредното движење за ослободување на Македонија. Воспоставувањето на бугарската фашистичка власт не оддело со нивната пропаганда, дека се ослободители, дека се едно, а од друга страна во власта, окупаторскиот апарат во училиштата поставувал само Бугари, донесени и ретко некој одроден елемент. Тоа било потврда и доказ за нивното насилно окупирање и разнишување на нивната политика дека се "ослободители".

Бугарската фашистичка власт во секој поглед настојувала окупацијата во Македонија да ја прикаже како природно проширување на бугарската територија. Во Прилеп и Прилепско, бугарскиот фашистички окупатор организирал силен пропаганден апарат, со задача да преземе такви мерки, кои ќе ја ОПРАВДААТ ПОЛИТИКАТА НА заграбување на туѓа територија и настојувале да се прикажат дека се ослободители. Во овој дух, за едно вакво фашистичко освојување и освојувачка политика бил донесен едностран акт, за промена на националноста. Со овие фашистички акти, припадноста на македонската нација била ставена под удар и на Законот за заштита на државата, кој бил донесен во месец август 1941 година, а македонскиот јазик бил прогласен како дијалект на бугарскиот јазик.

Полициската власт во Прилеп и Прилепско имала посебно овластување за одржување на редот и мирот. Кај нив требало да се провери и пријави било каква и да е манифестација, просветна, културна, спортска и др.

Највисок орган на административната власт во Прилеп била Околиската управа. Прв околиски управител бил Петар Фојтанџиев, а од средината на месец август 1941 година го замени Илија Најчев. На чело на Прилепската градска општина се наоѓал Тодор Цеков, а од половината на месец август 1941 година го заменил Методија Ночев.[10]

Во составот на градската општина се наоѓале: селото Варош, денеска е составен дел на Прилеп, Дабница и Селце. Тие се со мала оддалеченост од

[10] Прилеп и Прилепско низ историјата ....цф...стр. 150.

Прилеп. Дабница само 2 километри, Селце на 3 километри од центарот на градот. Во Околиската управа се наоѓале 10 центри-општини, со кои раководеле општински кметови. Во оваа бројка, е сметан и градот Прилеп.

Бугарскиот фашистички окупатор за да ја спроведе асимилаторската и денационализаторска политика во Прилеп и Прилепско формирал многубројни културно-просветни институции, спортски и други друштва и фашистички организации. Заради тоа, дирекцијата за национална пропаганда во Софија, на 1.10.1941 година испратила циркуларно писмо до околиските управители со кое се бара "во помош на пропагандата треба да бидат привлечени сите организации кои можат да бидат полезни за таа цел.[11]

Пред сѐ треба да се смета на патриотските организации на резервистите од војната, на младината, спортските и други организации.

Во духот на овие пропагандистички инструкции од дирекцијата за националната пропаганда во Прилеп и Прилепско биле формирани таканаречени национални благотворителни организации во 1941 и Друштва на резервни официри "Цар Борис" Претседател на ова друштво бил Харалампие Петров. Друштво на резервни подофицери "Пере Тошев", на кое претседател бил Харалампие С. Присаѓанец.[12]

Друштво на Илинденци, Македонско-одринско друштво, женско боговорително друштво "Царица Јоана". Претседателка на друштвото била Василка Ќовкароска, потоа градското читалиште "Надежда".

Од спортските друштва во Прилеп биле формирани "Спортскиот клуб" "Гоце Делчев", Македонија, Туристички сојуз, Велосипедски сојуз Пелагонија и др. Формирано било занаетчиско - трговско друштво.[13]

Влегувал Милан Проданов, Петар Талев, Милан Киселов, Јосифовски Милан, Борис Попов.[14]

Од училишните институции во Прилеп и Прилепско, има формирано широка мрежа основни училиште, прогимназии, една гимназија и женско занаетчиско училиште кое работело во составот на женското друштво "Царица Јо-

[11] Во целокупната Б'лгарија, 6 јуни 1941, стр.6.
[12] Прилеп и Прилепско низ историјата ...цф...156.
[13] Целокупна Б'лгарија, од 24.12.1941..стр.5

ана". Целиот просветен кадар-персонал бил донесен од Бугарија, зашто тие воедно биле носители на идеолошката агресија и спроведувањето на однародувачката денационализаторска политика. Преку овие институции и наставата што се изведува во Прилеп и Прилепско, бугарскиот фашистички окупатор настојува да го всади бугарскиот дух меѓу учениците и да го зацврсти идеолошкото сфаќање за создавање нов ред во светот, според фашистичката идеологија.

За спроведување на својата окупаторска политика тие формираа и младински фашистички организации и тоа "Браник" Отец Пајсиј. Со овие младински фашистички организации раководител Димитар Најчев.[15]

Во спроведувањето на денационализаторската политика бугарските окупаторски власти големо внимание му посветувале на печатот и радиото. Покрај в. "Целокупна Б'лгарија", што излегувал во Скопје, од Бугарија секојдневно пристигнува голем број дневни весници, периодични, списанија и други публикации, кои биле исполнети со написи во кои се истакнувало за бугарската држава и силата од Оската, потоа за ослободителната мисија на Бугарија итн.

Воспоставувањето на бугарската фашистичка власт во Прилеп и Прилепско останала непроменета во текот на цело време на окупацијата. Но, одвременавреме се носеле засилувања, а тоа зависело од развојот на настаните. Во Прилеп и Прилепско имало стационирана специјална единица за борба против партизанското движење, таканаречениот Чегански полк. Меѓутоа, каква била јачината на окупаторот може да се види од писмото на Кире Гаврилоски - Јане, член на Вториот обласен комитет на КПМ[16] и тоа; на 29.03.1943 година, испратено до Вториот обласен комитет за состојбата на окупаторските сили во Прилеп.[17]

Според овие податоци во писмото во Прилеп била следната состојба на окупаторот. Во Прилеп била сместена 16 артилериска бригада со 1.700 војници, сместена во Воената касарна, Соколаната и ановите во градот. Наоружана со 32 топа и 18 тешки митролези, потоа, имало еден екскадрон коњица од 120 војници,

[14] Ибидем...стр.6.
[15] Историја на македонскиот народ... Скопје, 1964.к.3.
[16] Извори за ослободителна војна и револуцијата на Македонија 1941-1945 ...т.1,к4, стр.126.
[17] Ибидем...стр.124.

еден шумски полк на резервисти сместени во Институтот за тутун-Прилеп, околу 700 војници, трудоваци кои се наоѓале на аеродромот во с. Мало Коњари.

Меѓутоа, ваквата окупаторска сила, војска, полиција и административно-персонален апарат во целост ја окупирала и владеела со Прилепската околија. Но, секако таа политика беше однародувачка и се создаде голема омраза кај народот, а и се разгори и н апредното движење против бугарската фашистичка власт. Репресалиите што ги преземаше окупаторската власт беше и една од причините за брз развој на напредното движење и започнување на вооруженото востание, токму во овој град на 11-ти Октомври 1941 година.

### 1.3. Појавата и развојот на антифашистичкиот отпор во Прилеп и Прилепско

Веднаш по навлегувањето на фашистичките војски /германската потоа бугарската и административниот апарат и воспоставување на бугарската фашистичка власт во 1941 година, народот во Прилеп и Прилепско делејќи ја судбината на народите на Европа, Југославија ја започнал новата историска епопеја и својата национална ослободителна борба. Таа, борба против фашистичкиот окупатор била неделива и составен дел на светскиот фронт на борбата против најцрниот агресор на човештвото-фашизмот.

Втората светска војна, во пролетните месеци на воената 1941 година зафати нови простории на Европа и Африка. Германската агресија по Југославија го окупирала и остоворот Крит. Со тоа, тие успеале да ги пресечат важните комуникации на Велика Британија со земјите на Блискиот и Средниот Исток, со тоа биле загрозени воените сили на Сојузниците, во овој дел на светот. Од друга страна, сојузниците Велика Британија, и САД, Советскиот сојуз го сметале за свој сојузник, со што се потврдило, по 22 јули 1941 година кога Черчил и Рузвелт најавиле дека во војната ќе го помагаат Советскиот Сојуз. Веднаш по овие настани, дошло до прокламирање на Атлантската повелба, со што се создала Анатихитлеровската коалиција.

Во 1941 година по објавувањето на Атлантската повелба, многу слободољубиви народи и независни земји ги вклучиле своите воени и стопански сили во борбата против Хитлерова Германија, Италија, Јапонија и нивните сојузници. Малите народи, според оваа Повелба, гледале гаранција дека со победата над силите на Оската ќе ја извојуваат својата слобода и независност. Македонскиот народ со Атлантската повелба ја виделе и својата шанса за добивање на слобода и независност со другите народи на Југославија и се вклучиле во единствениот југословенски фронт.

Во констелација на овие светски настани и во Македонија се создало движење на отпорот против фашистичките агресори. Борбата ја предводела Партиската организација, всушност, таа била двигател на ослободителното движење на ова подрачје од Македонија.

Пред започнувањто на Втората светска војна во Прилеп и Прилепско била добро организирана Прилепската партиска организација. Во неа се работело систематски во теоретското и практичното издигнување на членовите на Партијата СКОЈ и симпатизерите. Сите биле организирани и вклучени во единствениот фронт на борбата против ненародниот недемократски режим и против фашизмот што веќе половина Европа ја имал окупирано.

Прилепската партиска организација по консолидирањето во 1939 година, будно и систематски ја следела меѓународната политичка ситуација, како и воената положба во Европа. Таа, добро била запозната за опасноста од фашизмот, кој бил пред вратите на Југославија и на Македонија. Месниот комитет на Партија за Прилеп и Прилепско бил предводник на сите видови отпор против фашизмот и предводник на ослободителната борба за економско-социјалната и национална слобода за општ интерес на сите граѓани во Прилеп и Прилепско. За да ја поведе борбата, таа морала да биде идејно и организационо цврста и единствена организација и предводник на револуционерното движење.

Месниот комитет за Прилеп и Прилепско, во 1939 година по неговото консолидирање и по растурањето на социјалдемократското движење во Прилеп,

презел низа активности, акции, потоа демонстрации, кои имале силно влијание во натамошното организирање на народот за борба.[18]

На 2 август 1940 година по Одлуката на МК на КП била организирана познатата Илинденска демонстрација, во која учествувале преку 2.500 луѓе - граѓани на Прилеп и Прилепско предводени од партиската организација. Демонстрацијата започна од “Шаторов Камен,[19] потоа демонстрантите продолжија према градот и се задржаа на малата железничка станица. Тука говор одржал Борка Талески - Модерното, а потоа се упати према Варошко Маало, каде говор одржал Трајко Бошкоски - Тарцан, а во Тризла Маало говор одржал Кузман Јосифовски Питу, а потоа демонстрантите откако ја постигнале својата цел се разотишле по домовите.[20]

Тоа е само една од поголемите демонстрации во Прилеп и Прилепско, а имало секојдневни штрајкови против ненародниот режим во градот.

Прилепската партиска организација по фашистичката окупација на нашата земја била прекалена, цврста и монолитна и способна да го поведе народот во борба, зашто нејзината борбена линија била единствено со сопствени сили и само со борба македонскиот народ можел да дојде до својата слобода. Ваквата изграденост била резултат на предводената револуционерна активност и расчистување со социјал-демократите. За ваквата спремност за борба на Партиската организација зборува и одржувањето на состанокот на МК на КП на 7.04.1941 година /само ден по фашистичката окупација на Југославија/ во куќата на Марко Ристески - Стариот.[21]

На овој состанок се назреле и првите подготовки за вооружена борба. На овој состанок била формирана ВОЕНА КОМИСИЈА.[22]

Во почетокот воената комисија била составена од тројца членови, а сите тројца биле членови на МК на КП. Сите донесени решенија биле во согласност со

---

[18] Во септември 1939 год. во Прилеп дотогашниот МК е сменет, а на негово место е избран нов состав; Перо Иваноски-Тиквар, полит. секретар, Мице Димески, организационен, членови; К.Ј - Питу, Крсте Црвенкоски, Милан Ристески-Стариот и Стеван Тутески-Големиот, в. Народен глас јубилеен бр.1962 стр.3 и 4.
[19] Шаторов Камен, излетничко место во Прилеп, оддалечено од градот 2 километри, источно од Прилеп во полите на Селечка Планина.
[20] в. Народен Глас јубилеен број 1962 стр.6.
[21] Д-р Владо Иваноски, Априлски состанок...1941, Прилеп, 1981 стр.14
[22] Воената комисија ја сочинуваа: Стеван Стојаноски-Роскопот, Благоја Ристиќ-Бале, Лазо Филипоски-Лавски, в. Народен Глас, јуб.бр.1961...стр.2.

решенијата на МК на КП. Воената комисија многу ангажирано влегла во подготовките за вооружена борба. Во почетокот, воената комисија формирала една група за собирање оружје, друга за собирање воен материјал, потоа група за прибирање и преоблекување на војниците од бившата кралска југословенска војска, која била во бегство, група за собирање на санитетски материјал, обука и др. Овие групи била раководена од членови на Паријата и членови на МК на КП. Така, една група ја водел Лазо Филиповски - Лавски, потоа групата што ја водел Благоја Талески ја сочинувале: Киро Ристески - Лулата, Ристе Ристески - Ричко, Илија Игески - Цветан, Стеван Саздоски - Кремнски.[23]

Оваа група успеала да собере разновидно оружје: бомби, пушки, динамит и др. групите не биле нумерирани.

За натамошниот растеж и омасовување на напредното движење во Прилеп и Прилепско има одржано Советување во куќата на Борка Петрески - Симонот.[24]

На ова советување биле донесени такви решенија што значело целосно прифаќање на политичката платформа на Комунистичката партија на Југославија за вооружена борба против фашистичките окупатори и нивните домашни слуги. На Советувањето пристуствувал и секретарот на Партиската организација од Прилеп. По советувањето целокупната активност на сите членови на отпорот била свртена кон собирање на оружје и други материјали потребни за вооружена борба.

Непосредни подготовки за вооруженото востание започнале на 22 јули 1941 година. На овој ден, во куќата на Марко Ристески - Стариот бил одржан состанок на МК на КП. На овој состанок било решено Воената комисија да прерасне во Местен воен штаб, како воен орган на МК на КП, МВШ претставувал партиски орган за воени прашања и во него и во неговата работа Партиската организација имала целосен увид.[25]

Од неговото формирање па до крајот на 1941 година, секретарот на МК ја заземал функцијата началник на Воениот штаб, а по овој период сé до неговото реорганизирање септември-октомври 1942 год., секретарот на МК на КП заземал

---

[23] Прилеп и Прилепско низ историјата...цф...стр. 104.
[24] Ибидем....110.
[25] Петар Пепељугоски Прилози за воената историја на Македонија, Скопје..1957..стр.247.

функција политички секретар на МВШ. Месниот воен штаб до формирањето на партизанските одреди и за време на неговите воени дејствувања, непосреден раководел со подготовките и акциите на борбените дејства, а кога се формирал одредот и кога се изведувале и првите вооружени акции, неговата поставеност и улога дошле до полн израз во подготовките на населението за отпор и борба против фашистичките окупаторски агресори.

## 1.4. Непосредни подготовки за формирање на прилепскиот партизански одред

Подготовките за формирање на Партизански одред во Прилеп и Прилепско била перманентна грижа на Партиската организација и овој процес бил во континуитет на напредното движење во Прилеп и Прилепско. Меѓутоа, најнепосредна активност за формирање на Одредот бил првиот воен вооружен напад на тунелот кај селото Гостиражни.

Оваа вооружена акција била изведена по одлука на МВШ и МК на КП. Одлуката била донесена со цел да се извиди акција за рушење на тунелот кај Гостиражни на железничката комуникација Битола - Прилеп - Велес - Скопје, во близина на селото Гостиражни.[26]

На 16 септември 1941 година, една група од четворица борци била одредена да изврши извидување на тунелот кај с. Гостиражни.[27]

Целта на групата била да се проучи теренот и да се утврди како обезбедување има. Тунелот бил објект од поголемо сообраќајно и воено значење на железничката линија Скопје - Битола. Групата тргнала на 16 септември 1941 година за извршување на поставените задачи. При извршувањето на задачите дошло до воен судир, каде бил убиен стражарот на тунелот и уште еден бугарски војник.

Тоа бил прв вооружен судир, каде што бугарската војска имала и прва жртва во Македонија.

---

[26] Прилепската хроника во НОБ, Коце Солунски, Б.Талески, Прилеп 1982 год.стр.154.
[27] Групата по директива на МВШ и на МК на КП ја одредил членот на МК Орде Чопела, а се состоела: Лазо филипоски, Ѓоре Велкоски-Косте, Гиго Менкароски и Борка Петрески-Симонот...Прилеп и Прилепско низ историјата...цф..стр.173.

Овој вооружен судир и првата бугарска фашистичка жртва, имал силен одглас во Прилеп и Прилепско и во другите краеви на Македонија. Овој директен воен судир со бугарската фашистичка окупаторска војска и полиција е најнепосредна подготовка за исфрлање на Првиот партизански одред.

Групата, по изведувањето на вооружената акција на тунелот кај Гостиражни се префрлил во Шестата воденица на Ордановци, 26, а оттаму во куќата на Стеван Саздоски - Кременски.[28] Во неговата куќа се сретнале со Вера Ацева, секретар на МК на КП, Трајко Бошкоски и Борка Велески - Горанов. Тука

---

[28] Во книгата на Миле Алимаскоски "Од дневникот на Прилеп" се спомнува дека диверзантската група за извидување на тунелот, кај селото Гостиражни биле упатени во почетокот на септември 1941 год. Во монографијата "Прилеп и Прилепско низ историјата", Прилеп 1972 година стр.175, се споменува датумот 8 септември 1941 година, а во книгата "Прилепска хроника во НОВ", исто така, е наведен датумот 8 септември 1941 година. Во книгата од Д-р Миле Тодороски "Партизански одреди и Народноослободителната војска на Македонија" во ослободителната војска и револуција 1941 - 1945, на на стр.58 се спомнува, односно го наведува податокот, дека оваа акција била изведена на 16 септември 1941 година. Иститo датум е забележан во статијата на д-р Владо Иваноски. Почетокот на вооруженото востание во Македонија е 1941 година, а во јубилејниот весник "Народен глас" стр.6 дека диверзанската група за изведување на акцијата на тунелот Гостиражни биле упатени на 20 септември 1941 година. Во рефератот на Вера Ацева "Партиската организација во подготовките и организирањето во вооруженото востание во Прилеп 1941 година", отпечатен во Зборникот "Прилеп и Прилепско во НОВ 1941", наведува дека диверзантската група за испитување на тунелот Гостиражни била испратена во средината на месец август 1941 година. Стева Стојаноски - Роскопот во своите сеќавања дадени на авторот, која била и член на МВШ, спомнува дека прилепските комунисти заминале да го извидат туенелот на 19, август 1941. Написот на подигнатата спомен плоча - спомен обележје на влезот од Тунелот кај с. Гостиражни, стои дека изведувањето на акцијата на тунелот била извршена на 19 август 1941 година. Цветко Тренески, тогашен работник на железничката пруга, а сега живее во Гостиражни, во своите сеќавања што му ги даде на авторот на овој труд во 1981 година, вели: "Јас како работник на железничката пруга се сеќавам дека тоа беше на еден празник /верски/ мислам дека беше Преображение, а тој секоја година е не 19 август и не се менува. Калина Попадиноска, носител на Партизанска споменица 1941, сега живее во Прилеп, во своите сеќавања наведеува дека групата ја испрати брат ми Ило Попадинец се дури таму Подварош, мислам дека носеа корпи на велосипедите во кои носеа шеќерчиња, наводно, да ги продаваат по селата. Сметам дека беше празникот Приображение, верски празник.

На 16 септември 1941 година, што е цитиран во одредени статии, што се наведени, сметам дека сепак е најверодостоен. Од пишаните бугарски судски документи пресуда бр.70 од 8.11.1941 година, АМ к.7, се наведува дека акцијата е извршена на 16 септември 1941 година исто така, во пресудата бр.72 од 14.11.1941 година к.142 потоа во Хронологијата на настани од НОБ во Македонија 1941-1945, Скопје, јуни 1941 стр.13.

"Групата за извидување на тунелелот во Гостиражни се упатиле со велосипеди, испратени од Орде Чопела. Не возеле групно, туку двајца по двајца поминале покрај Институтот за тутун, атарот од с. Мажурчиште, Сенокос, Браилово и во Гостиражни пристигнале во 13.00 часот, каде што се задржале во куќата на Вељан Танески.

Преку татко му на Велјан, Тодор се запознале за обезбедувањето на тунелот, дека се добро вооружени чуван е од војска, дека имаат стражарница веднаш до тунелот со бункер. Меѓутоа, во селото се поколебува Борка Петрески - Симонот, се откажал од понатамошното одење према тунелот. Во Групата која одела према тунелот биле Ѓоре Велкоски - Косте, Лазо Филипоски - Лавски и Гиго Менкароски. На стотина метри од тунелот биле запрени од бугарскиот стражар, но кога се доближиле до нив Лазо стрелал со револверот, стражарот бил убиен, потоа била земена неговата пушка. Групата започнала да се повлекува према Габровската Планина - шума, потоа преку атарот на Дреновци Небрегово - Присад Пристигнале во Шестата воденица на Ордановци на Димко Ордaноски, каде што работел Цветан Лешпероски и преку Тошо Орданоски се поврзале со Прилепската партиска организација Гиго Менкароски... "сеќавања, ракописите се наоѓаат во мемоарското одделение на СБМ - Прилеп, Тошо Јорданоски, сеќавања, ракописи истите се дадени на авторот.

била извршена анализа на акцијата на тунелот кај Гостиражни, исто така биле известено за колебливоста на Борка Петрески - Симонот.[29]

МК на КП за Прилеп го исклучила од сослушување. Борците од оваа акција останале во илегала уште неколку дена. Борците по одлука на МК на КП биле и првите партизани кои излегле во составот на Првата партизанска чета од Прилеп.

По извршената акција бугарскиот фашистички окупатор, се нафрлил на невиното население, го апсел, го малтретирал со цел да дознае за извршителите на оваа воена акција. Окупаторот почнал и масовно да затвора, затворени: Љубен Лапе, Никола Попоски, Стеван Базеркоски, Спасе Темелкоски и др.[30]

Но, и покрај сите тортури на окупаторот, тој не успеал да дознае за извршителите на вооружената акција, која имала силен одек. Со тоа се потврдил одлучниот став на прилепскиот граѓанин за вооружена борба. Тоа била и единствена алтернатива за да се дојде до слободата, а со тоа, се отфрлиле сите комбинации со македонскиот народ од соседните држави, дека тоа е еден народ и една држава. Оваа вооружена акција значела и непосредна подготовка за исфрлање на Партизански одред во Прилеп и Прилепско. По оваа акција по некој ден започнало и излегувањето на партизански од Прилеп и била формирана и Првата партизанска чета.

### 1.5. Формирање на Првиот прилепски партизански одред

Формирањето на Првиот прилепски партизански одред бил со своја карактеристична специфичност. Неговото формирање било во повеќе фази. Првата фаза и првите никулци за создавањето на Одредот, биле појавени уште од средината на месец јули 1941 година. Во овој месец во Прилеп преминале илегално следните борци: Мирче Ацев, Кузман Јосифоски, - Питу, Борка Талески и Трајко Бошкоски - Тарцан.[31]

---

[29] Пилеп и Прилепско низ историјата..цф..стр.172, в.Народен глас, јубилеен бр.11, стр.4, Календар за поважни настани.
[30] Ибидем...цф..в. Народен глас...стр.6, Календар за поважни настани.
[31] Вера Ацева Партиска оргаизација во подготовка, за вооружено востание во Прилеп 1941 год. ЗБ. Прилеп и Прилепско во НОВ, Скопје, 1976, стр.36.

Во средината на месец јули, оваа група на илегалци вооружени излегле на Селечка Планина. Ова излегување на четворицата борци, всушност тоа се првите никулци на излегување на ова подрачје на партизани. Меѓутоа, на Селечка Планина, не се задржале повеќе од три дена. По овие денови по Одлука на МК на КП-Прилеп и МВШ биле повлечени распоредени на партиска работа во другите краеви на Македонија. Мирче Ацев, бил ангажиран на партиска работа во другите краеви на Македонија. Мирче Ацев, бил ангажиран на партиска работа во Крушево, а Кузман Јосифовски Питу, на партиска работа во Битола, додека Трајко - Бошкоски - Тарцан и Борка Талески - Модерното биле оставени во Прилеп, тие биле членови на МК на КП - Прилеп.[32]

Втората фаза од формирањето на Одредот е излегувањето на првите партизани на Селечка Планина на врвот Бидимаш, на 19.09.1941 година. Излегувањето на првите 11 партизани е по Одлука на МВШ и МК - Прилеп. Од овие партизани подоцна бил формиран и Првиот партизански одред. Причините за донесување на ваква одлука на МК и МВШ бил во што пократок можен рок да се извлечат сите илегалци што биле во Прилеп, постоела опасност да бидат откриени, особено оние кои учествувале во вооружената акција кај тунелот Гостиражни.[33]

На врвот Бидимаш на Селечка Планина, се собрале следниве борци - партизани: Киро Крстески - Платник, Лазо Филиповски - Лавски, Јоска Орданоски - Сандански, Трајко Бошкоски - Тарцан, Ѓоре Велкоски - Стрелаката, Илија Игески - Цветан, Борка Велески - Горанов, а по два дена ќе им се приклучат: Благоја Бошкоски - Дабиќот, Перо Стојаноски, Стеван Саздоски - Кременски, и Минда Камчески, вкупно 11 борци партизани.

На врвот Бидимаш, борците се задржале сѐ до 22 септември 1941 година, а потоа се префрлиле во полите на планината Мукос, која од Прилеп е оддалечена 15 километри, во северниот дел, десно од комуникацијата Прилеп - Велес. На овој простор борците биле сместени во логорот "Круталот", во близина на манастирот св. Димитрија.[34]

---

[32] Прилеп и Прилепско низ историјата...цф...стр.167.
[33] Д-р Миле Тодоровски..цф..стр.135.
[34] в. Народен глас..јуб.бр.11.10.1961 год. стр.3.

Во овој логор била оформена четата. Избрано било раководство и тоа во состав: за командир бил избран Киро Крстески - Платник, комесар Трајко Бошкоски - Тарцан, заменик Лазо Филиповски - Лавски и Јоска Орданоски, комесар за исхрана Стеван Базеркоски - Лански.[35]

Во логорот била вршена и воено-стручна подготовка за водење на партизанска војна против далеку понадмоќниот окупатор. На овој простор Четата имала задача да создаде и логори за престој на борците од Одредот. Четното раководство ги избрала следните логори и тоа: Дуова Вода, во близина на манастирот св. Димитрија, потоа логорот "Кадин Камен" кој во близина на првиот, но само во просторот Црнец - Никодинско. Овие два логора биле доста конспиративни.

Третата фаза од формирањето на Првиот прилепски партизански одред по донесувањето на Одлуката за почеток на вооруженото востание на македонскиот народ е 11 октомври 1941 година. Тогаш во Прилеп по Одлука на МВШ и МК на КП било одлучено да се извршат сите подготовки и борците да се упатуваат во близина на Прилеп во месноста Црвени Стени во близина на Маркови Кули, тоа е место за појдовен напад на градот на 11 октомври 1941 година.

За брз развој на настаните и за формирање на Одредот големо значење имал состанокот на МК и МВШ во куќата на Марко Ристески - Стариот, одржан на 9.10.1941 година, потоа состанокот во куќата на Борко Темелкоски - Лилјакот, каде биле изработени и конкретни планови за напад на градот.

Пред почетокот на вооружената акција на зборното место Црвени Стени се собрале 36 борци:

1. *Борка Талески - Модерното*
2. *Трајко Бошкоски - Тарцан*
3. *Крсте Црвенкоски - Октомвриски*
4. *Мице Козар-Андре*
5. *Мице Димески*
6. *Коле Чашуле*
7. *Пецо Крстески - Даскалот*

---

[35] Исто...стр.3...Календар за поважни настани.

8. *Благоја Спиркоски*

9. *Орде Чопела*

10. *Димо Наредникот*

11. *Душан Наумоски*

12. *Аспарух Јосифоски*

13. *Киро Базеркоски*

14. *Милан Димоски - Коки*

15. *Венда Темелкоска*

16. *Драган Спиркоски - Максо*

17. *Благоја Јаничо*

18. *Гега Јаничо*

19. *Никола Попоски*

20. *Благоја Попоски*

21. *Благоја Корубин*

22. *Борка Петрески*

23. *Киро Ќосески*

24. *Душан Ристески*

25. *Оцка Михајлоски*

26. *Пецо Стојаноски*

27. *Павлина Пирганоска*

28. *Даница Оровчанец*

29. *Димчен Димоски - Екија*

30. *Орде Кабецот*

31. *Волче Научески*

32. *Гиго Менкароски - Менкар*

33. *Трајко Конески*

34. *Данче Стојчески*

35. *Васе Крстеска*

36. *Ило Попадинец*

37. *Методија Пишманоски, кој дезертира од Одредот* [36]

---

[36] Зборник на документи и податоци НОВ том 7,кн 1 1923, стр.433 док 127.

На собирното место на Црвени Стени борците биле распоредени по борбени групи за напад на Прилеп на 11.10.1941 година во 22,00 часот. Меѓутоа, конечниот распоред бил направен пред тргнувањето за напад. Конечиот распоред го направиле Борака Талески и Трајко Бошкоски - Тарцанот.

По извршениот напад Одредот се повлекол на зборното место на Бидимаш, а оттука се префрлил во Мукос Планина во логорот Кадин Камен, каде официјално го добил името Гоце Делчев. Одредот извршила повеќе борбени задачи. Една од поголемата борбена задача била одржувањето на митингот во с. Царевиќ. Така со голем успех била изведена оваа акција која создала слободна територија и извршила судење на непријателските окупаторски власти во селото и за првпат била запеана песната А бре Македонче.

Одредот војнички постоел сé до крајот на месец ноември, односно почетокот на месец декември, кога по одлука на ПК на КПЈ за Македонија бил расформиран, а борците биле испратени на партиска работа во другите краеви на Македонија, а дел останал да дејствуваат во Прилеп и Прилепско.

### 1.6. Формирање на Партизанкиот одред "Димитар Влахов"

Прилепската патиска организација во текот на 1942 година развил силна дејност и ги презел сите неопходни мерки за формирање и на Партизански одред. Борците кои биле распоредени на партиска работа во другите краеви на Македонија во април 1941 година се вратиле во Прилеп и по Одлука на МВШ и МК на КП бил закажан и денот на формирањето на Одредот.

Одредот бил формиран на 16 мај 1942 година во месноста Гарван над селото Дабница кое се наоѓа северно од Прилеп. Одредот го дибил името "Димитар Влахов". Во раководството на Одредот

за командат Борка Велески - Горанов,

за политички комесар Пецо Крстески - Даскалот, а како

комесар за снабдување Стеван Базеркоски - Лански.

При свеченото формирање борците дале заклетва за верност на народот, дека ќе се борат за слободата на македонскиот народ сé до истерувањето на фашистичките окупатори од Македонија.

Одредот во наредните денови развил извонредно добра и плодна, политичка активност по селата. Речиси, немало село каде немале создадено народноослободителен одбор, односно таен комитет како што биле нарекувани во овој дел на Македонија. Населението ги примило борците како свои. Ги чувале храннеле, како нешто најмило што го имале.

Бројната состојба растела од ден на ден, така што кон средината на јули 1942 година ја достигнала бројката од 55 борци. Тоа била голема бројка за тоа време. Во средината на јули 1942 година Партизанскиот одред Димитар Влахов се реорганизирал. Се формирале две чети. Тоа станало на Мукос, во месноста Сеченото. По реорганизацијата активноста се извршувала преку четите. Така Првата чета почнала да дејствува во реонот на селата Гостиражни, Стровија, Долгаец, Слепче и други. Со оваа чета заминал политичкиот комесар Пецо Крстески - Даскалот, а Втората чета дејствувала во реонот на неговата источна страна, а со неа се движел командантот на Одредот Борка Велески - Горанов.

Првите вооружени акции Партизанскиот одред ги извел во август 1942 година. Првата акција била изведена во селото Плетвар. Во оваа акција биле вклучени двете чети. Потоа биле изведени акции во селата Старо Лагово, Мажучиште и Никодин. На 13 септември 1942 година Втората чета од Одредот настрадал во борбата на Мукос. Веднаш по тоа била извршена реорганизација на партизанските единици од Прилеп и Велес и била создадена Партизанска чета од Одредот Ѓорче Петров која извела низа борбени акции и на 19 декември 1942 година во борбата кај манастирот св. Никола во Прилепец настрадал и така не се извршила замислата да се оформи првата регуларна единица на македонскиот народ.

Од големо значење за Прилеп и Прилепско, па и за Македонија е формирањето на 5. МНОУБ - Прилепска на 2 август 1944 година по наредба на ГШ на НОВ и ПОМ. Штабот на Бригадата го сочинувале командантот Методија Попоски - Мајка, политички комесар Ѓоре Велкоски - Косте, заменик командант Илија

Игески - Цветан, а заменик политички комесар бил Љубен Георгиески - Лупта. Оваа Бригада дала голем придонес за конечното ослободување на Македонија и учествувала во борбата против фашистичките непријатели. Таа имала големи успеси во борбените дејства против четничките остатоци во Поречието, како и против бугарскиот фашистички окупатор во с. Локвица, Здуње, Степанци, во борбите за ослободување на Прилеп. Потоа, дејствувала за ослободување на Ресен, Охрид и други места, каде што дала голем број борци за слободата на Македонија. Бригадата дејствувала сé до крајот на 1944 год. кога била реорганизирана во единица на Народна одбрана и била сместена во пограничните места према Грција.

### 1.7. Завршните борби за ослободување на Прилеп и Прилепско

Прилеп и Прилепско во завршните борби за негово ослободување бил ослободуван на два пати и тоа, на 9 септември 1944 година и бил слободен до 19 септември 1944 година, кога повторно навлегле германските единици и тие не се задржувале туку биле на поминување, односно се повлекле на север.

Ослободувањето на Прилеп на 9.09.1944 година го извршила 41 дивизија на НОВ и ПОМ. Штабот на 41 дивизија презела енергични мерки и веднаш тргнала во напад на Прилеп со 9. и 10. Бригада. Борбите се воделе сé до попладневните часови, кога биле протерани германските војски од градот. Во градот се сместиле повеќе единици на НОВ и ПОМ, потоа биле оформени органите на Народна власт и тоа ГНОО, кој ја презел целокупната власт во градот и преку него оделе сите активности. Исто така, тука била и единицата на КНО. Меѓутоа, градот останал слободен сé до 19 септември 1944 година кога повторно јаки германски сили нападнале на градот и тој во текот на 19 септември бил заземен, единиците на НОВ и ПОМ се повлекле према Горно Село, односно ГОрно Врановци. Меѓутоа, германските единици исклучиво ги интересирало да бидат комуникациите слободни за да можат да се повлекуваат единиците на германската армија која се повлекувала од Грција, потоа таа не успеала да создаде квислиншка власт. ГНОО се повлекол во селото Зрзе и оттаму

одржувал врски со градот, а тие врски биле секојдневни. Таму во селото Маргари бил оформен Првиот околиски народноослободителен одбор на чело со Аексан-дар Смугрески, земјоделец од селото Никодин.

Борбите за конечно ослободување на градот започнала на 29 октомври 1944 година и траеле сé до 3 ноември 1944 година. Во борбите за ослободување на Прилеп тежиштето го носела Петтата македонска народноослободителна бригада - Прилепска. Таа, операцијата за ослободување на градот ја започна на 29 октомври а потоа борбите биле пренесени према Институтот за тутун. На 03. Ноември 1944 год. Прилеп бил целосно ослободен.

# ГЛАВА ВТОРА

## СОЗДАВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ОРГАНИТЕ НА НАРОДНАТА ВЛАСТ ВО ПРИЛЕПСКА ОКОЛИЈА

## 2.1. Административно - територијална поделба на Прилеп и Прилепско до Второто заседание на АСНОМ

Со векови административно - територијалната поделба на Прилеп и Прилепско била вршена без да се води сметка за желбите и потребите на населението, туку се тргнувало од потребите на државата, односно окупаторот, во Македонија, а и во Прилеп и во Прилепско.

Европска Турција пред Балканските војни 1912-1913 година била поделена на шест вилаети /области/. Еден од нив бил Битолскиот вилает /област/, во чиј состав била и Прилепска каза /округ/. Таа била составена од две нахии /Прилепска и Мариовска/. [37]

По Балканските војни и Букурешкиот мировен договор од 1913 година Вардарскиот дел на Македонија ѝ припаднал на Србија. Овој дел бил поделен на седум окрузи. Прилепската околија, со седиште во Прилеп влегувала во Битолскиот округ. Од 1915-1918 година Вардарска Македонија била под бугарска окупација, за кое време Прилеп и околијата биле во составот на Битолскиот округ. И двете власти практикувале груби методи на асимилација на македонскиот народ.[38]

По Првата светска војна во периодот од 1918-1941 година Вардарска Македонија била во составот на Кралството СХС, односно Југославија. Од 1918 година до 1929 година Прилеп и околината најпрвин потпаѓале под Битолскиот округ, а потоа во Битолската област /жупанија/, со своите општини и околиска управа, на чело со претседател на општината и срески /околиски/ началник. Прилепската околија прво била поделена на 14, а потоа на 12 селски општини. Власта на општината и околијата била централизирана. По Шестојануарската диктатура /1929/ Кралството Југославија било поделено на 9 бановини. Прилеп и околијата беа во Вардарска Бановина.

[37] Нова општинска управа во Прилеп 72 1929 год. стр.8
[38] Сеќавање на Киро Петрески-Димуш, Мемоарско одделение-Општински одбор на СБНОАВМ-Прилеп.

Во понатамошниот текст ќе дадам кус преглед на административно територијалната поделба на Прилепска околија по 1918 година. Прилепската околија во административен поглед била во составот на Битолската област /жупанија/.[39]

Прилеп бил седиште на Прилепската околија и општина. Прилепската околија опфаќа 14 општини, а подоцна 12 општини. Власта во околијата и општините била строго централизирана. Прилеп со околијата по Шестојануарската диктатура влегла во Вардарската бановина. За време на овој период реализираната административно-територијална поделба била во служба на денационализаторската политика и владеачкиот режим, а на штета на македонскиот народ. Но, овде ќе дадам кус преглед на територијалната поделба на Прилепската околија. Според пописот од 1921 година, Прилепската околија била поделена на 13 селски општини, со седишта во поголемите селски населби/ градската општина со неколку села/. Тогаш Прилепската околија го имала следниот број жители и тоа;

*Табела бр.1*

| Ред. број | Општина | жители 1921 година |
|---|---|---|
| 1. | Прилеп | 18.508 |
| 2. | Браилово | 2.671 |
| 3. | Витолиште | 1.750 |
| 4. | Врбјани | 2.276 |
| 5. | Долнени | 2.243 |
| 6. | Дуње | 2.227 |
| 7. | Костинци | 1.126 |
| 8. | Маково | 1.200 |
| 9. | Марков град - Варош | 2.117 |
| 10. | Небрегово | 1.726 |
| 11. | Плетвар | 1.545 |
| 12. | Топлица | 1.924 |
| 13. | Тополчани | 3.383 |
| | Вкупно: | 45.773 |

Прилепската околија според пописот од 1931 година била поделена на 12 општини и населението било во следниот број

[39] Катастарска управа во Прилеп "Политика" 27.12.1934 год.

***Табела бр.2***

| Ред. број | Општина | жители 1931 год. |
|---|---|---|
| 1. | Прилеп | 22.821 |
| 2. | Долнени | 3.407 |
| 3. | Дуње | 5.043 |
| 4. | Костинци | 1.462 |
| 5. | Маково | 3.240 |
| 6. | Небрегово | 1.937 |
| 7. | Плетвар | 2.297 |
| 8. | Прилепец | 1.545 |
| 9. | Топлица | 1.874 |
| 10. | Тополчани | 4.520 |
| 11. | Витолиште | 2.079 |
| 12. | Врбјани | 3.296 |
| | | |

Бројната состојба за период од 10 години двојно се зголеми во некои општини. Исто така се наголеми бројот во самата градска општина. За разлика од 1921, во 1931 година биле укинати две општини и тоа Браиловската општина и Марков град - Варош. Прилепската околија броела 54.480 жители, 1934 година општините Дуже, Витолиште и Маковска општина се споиле во една под името Дуњска општина со седиште во селото Дуње. Општината Марков град се спои со Прилепската општина. Според еден податок од 1932/33 год. Прилепската околија има 103 села.[40]

По фашистичката окупација на Македонија во 1941 година била извршена нова административно-територијална поделба на Македонија и тоа онака како што му одговарала на бугарскиот фашистички окупатор, не по желба на народот. Во територијален поглед окупираниот Вардарски дел на Македонија бил поделен на две области Скопска и Битолска, како највисоки територијални единици. Со нив раководеле обласни директори и нивни заменици. Административно Македонија била поделена на околии и општини со околиски управители, односно кметови на општините по селата.

Македонија била поделена на Скопска област со околиите:

[40] Глигор Тодороски, Извештај од Битолскиот округ од 1913 година, Историја, Скопје 1976 година.

Скопска, Беровска, Велешка, Св. Николска, Кочанска, Радовишка, Струмичка, Кумановска, Гевгелиска, Неготинска, Кавадаречка, Кратовска, Кривопаланечка, како и Врањска, Качаничка, Бујановачка, Сурдуличка од јужна Србија со вкупно 830.367 жители.

Во состав на Битолската област влегувале: Битолска, Прилепска, Охридска, Ресенска, Крушевска и Бродска околија со вкупно 238.002 жители.

Највисок орган на административната власт во Прилепската околија била околиската управа на чело со околиски управител, во чиј состав се наоѓале 10 центри - општини, на чело со општински кметови. Од нив една била во градот, а девет во селата.[41]

Според податоците што ги располагаме, а се наоѓаат во Ам-Подрачно одделени-Прилеп, Фонд-Околиски НОО-Прилеп К-2 имало општини во следните селски населби и тоа;

1. ВИТОЛИШТЕ...Врпско, Живово, Витолиште, Манастир, Полчиште

2. ВРБЈАНИ... Александрово, Боротино, Врбјани, Галичани, Г. и М. Коњари, Ка- дино Село, Кутлешево, Петрово Село;

3. ОПШТИНА ДОЛНЕНИ... Браилово, Бело Поле, Вранче, Дабјани, Забрчани, Мажучиште, Мало Мраморани, Ново селани, Пешталево, Средорек, Сенокос, Долнени.

4. ОПШТИНА КОСТИНЦИ... Гостиражни, Долгаец, Зрзе, Костинци, Маргари, Рилево, Секирци, Слепче, Стровија, Сливје, Црнилиште.

5. ОПШТИНА НЕБРЕГОВО...Беловодица, Дрен, Крстец, Лениште, Никодин, Ореовец, Плетвар, Ракле, Смолани, Топлица, Тројаци, Царевиќ.

6. ОПШТИНА ПРИЛЕПЧАНСКА... Алинци, Беровци, Бонче, Волково, Лагово, Марул, Прилепец, Руфци, Чумово, Штавица.

7. ОПШТИНА ТОПОЛЧАНИ... Веселчани, Ерековци, Загорани, Канатларци, Клепач, Лопатица, Ново Лагово, Подмол, Тополчани, Тројкрсти, Чепигово и Шелеверци.

Во в.Целокупна Б'лгарија од 24.12.1941 година го дава вкупното население и тоа било; 63.532 жители од кои 27.284 жители биле во градот. Во составот на

---

[41] АМ – Подрачно одделение Прилеп, Фонд – Околиски НОО К-2

околиската управа, односно во општината се формирале Околиски, односно општински совет во чиј состав влегле претставници на околиските и општинските служби за да ѝ помагаат на бугарската власт во спроведување на бугарската-денационализаторска и асимилаторска политика.

Административно-територијалната поделба на Прилеп и Прилепско се вршела во рамките на поделбата на Македонија. На овој план во рамките на Македонија, до 1943 година, а особено во текот на 1944 година, се правеле големи напори за територијална поставеност, не само на власта, туку и на Партијата и партизанските единици. Првата територијална поделба на Македонија во текот на НОВ и ПОМ била извршена по воена и политичка линија во месец март 1943 година. По линија на ЦК на КПМ биле формирани пет оперативни зони на Главниот штаб на НОВ и ПОМ и пет обласни комитети по линија на Партијата. Со нив биле определени и териториите што ги опфаќале зоните и обласните комитети во цела Македонија.

Според оваа поделба оперативните зони и обласните комитети ги зафаќале следните територии, а во нивните рамки била вклопена и територијата на Прилеп и Прилепско.

Првата оперативна зона го опфаќала реонот северно од линијата Дебар-Кичево-Брод-Богомила Велес и западно од железничката линија Велес-Скопје-Кочани во кој влегувале градовите со нивните околии Тетово-Гостивар-Маврово-Дебар и Кичево. Втората оперативна зона го опфаќала реонот јужно од линијата Дебар-Кичево-Брод-Богомила, а Западно од железничката линија Богомила-Прилеп-Битола со следните градови Струга, Охрид, Ресен, Битола, Прилеп, Крушево. Третатата оперативна зона се протегала на реонот источно од железничката линија Велес-Гевгелија со градовите Велес, Кавадарци, Гевгелија. Четвртата оперативна зона ги опфаќала реоните источно и северно од железничката линија Велес, Гевгелија и јужно од линијата Велес-Гевгелија со градовите Свети Николе, Штип, Радовиш, Валандово, Струмица, Берово, Пехчево и Делчево. Петтата оперативна зона ги опфаќала реоните северно од линијата

Гевгелија Велес-Кочани, со градовите Куманово, Скопје, Кратово, Крива Паланка.[42]

Редоследот и територијалните граници меѓу зоните и обласните комитети во целост се поклопувале. Оваа поделба била и се одржувала се до 6 август 1944 година, кога Президиумот на АСНОМ, на својата редовна седница донесол решение Македонија административно и територијално да се подели на четири области.[43]

Создавањето и дејноста на Иницијативниот одбор за свикување на Првото заседание на АСНОМ, за организирање и административната поделба и работата на самите НОО има големо значење во понатамошниот развиток на македонската држава. Одборот презел низа иницијативи во врска со организирањето и целосната активност на НОО на слободната и неослободената територија.[44]

Меѓутоа, мошне е интересен и податокот дека првата административна поделба на Македонија во текот на НОВ не ја извршило законодавно тело на државата, туку највисокото партиско раководство ЦК на КПМ, кога на 14 март 1944 година испратило директивно писмо до сите Обласни комитети на КПМ со кое се дадени упатства како да се извршат избори на народни пратеници за АСНОМ. Тогаш е определен и бројот на окрузите. Во поглед на организацијата на новата народна власт, Македонија била поделена на 12 окрузи, сметајќи го тука и градот Скопје, Тетово, Кичево, Охрид, Битола, Прилеп, Велес, Кавадарци, Гевгелија, Струмица, Штип и Куманово. На овој начин Македонија се определува за територијален принцип на изборност на одборници - делегати во цела Македонија за АСНОМ.

Со ваквата поделба на територијални окрузи Прилеп бил во ранг на Округ во кого влегувале градовите Крушево и Македонски Брод. Од посебно значење е да се спомне и тоа дека кон половината на месец април 1944 година во Прилеп било примено писмото од ЦК на КПМ за започнување на избор на делегати за Првото заседание на АСНОМ. Од градот Прилеп и од разни реони на околијата биле набележани за избор на делегати: Љубе Тренески, од с. Ропотово, Генадија

[42] 5. Зборник на документи АСНОМ...док..59 и 332.
[43] Д-р Владо Иваноски, формирање и активноста на обласните комитети на КПМ-Основање и развој на КПМ, Скопје 1980.

Лешков од селото Дреново Бродско, Ристо Спасески, од селото Тополчани од градот Прилеп; Петре Талески-Модерното, д-р Јурај Заниновиќ, потоа истакнати борци, партиски и воени раководители меѓу кои се Борко Темелкоски, Вера Ацева, Крсте Црвенкоски, Методија Андонов - Ченто, Пенко Здравкоски и др.[45]

По изборот на делегатите од сите краеви на Македонија, а по иницијатива на Иницијативниот одбор за одржување на Првото заседание на АСНОМ, одлучиле тоа да се одржи на 2 август 1944 година во манастирот Свети Прохор Пчински. За тоа имало повеќе субјективни и објективни причини. Всушност, одржувањето на Првото заседание на АСНОМ е резултат на големите успеси на НОВ и ПОМ и создавањето на народната власт во лицето на Народноослободителните одбори. АСНОМ, кое има големо историско значење за македонскиот народ било озаконето како врховно законодавно, извршно и претставничко тело. Президиумот бил потесно тело, и покрај определените извршни функции во времето кога заседава АСНОМ да ги врши сите функции што ги има АСНОМ. Во времето од август 1944 година до април 1945 година Президиумот на АСНОМ ги врши и правата што требало да ѝ припаднат на влада на Македонија.[46]

Покрај другите задачи што требало да ги извршува имало доста сложена и тешка задача и тоа од областа на актуелните состојби мобилизација на народот за борба за конечно ослободување на земјата. Секако дека една од најитните задачи била преземањето мерки за натамошна изградба на народноослободителната власт, како за утврдување на организацијата и административно-терирористалната поделба.

Административно-територијалната поделба што била вршена по ослободувањето на Македонија била вршена под големо влијание на поделбата од времето на Војната-формирање на мали територии на НО во текот на НОВ и ПОМ тоа било условено од потребата за приближување на власта до народот и јакнење на контролата на територијата. Политиката на создавање на мали територии, мали административни територии, иако против тоа имало повеќе причини

---

[44] Д-р Новица Велјановски, Народна власт во Македонија 1941 год. Скопје, 1983 стр.289.
[45] Хроника на Прилеп и Прилепско во НОБ, Т. Талески и К. Солунски, Прилеп, 1982 стр.126.
[46] АСНОМ-документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ том.1кн.1, Скопје,1984, док 18 и 24.

наголемување на управниот апарат, поделување на силите на кадарот, создавање на непотребни алки во структурата на власта.

Президиумот на АСНОМ веднаш по неговото конституирање се зафатил со проблемите во врска со организацијата на власта и административно-територијалната поделба. Секако, дека поделбата имала за цел подобро изградување на власта и подобро организирање и регулирање на целокупниот живот и развивање на сите сегменти на општественото живеење на соодветната територија, пред сѐ изградба на власта, стопанството, потоа исхрана на луѓето во Македонија кои се нашле на работ на своја егзистенција.

На Првата седница на Президиумот на АСНОМ, одржана на шести април 1944 година се разгледувало прашањето за административно-територијална поделба на Македонија и бил донесен и првиот заклучок за укинување на Окрузите /12 окрузи/, како што дотогаш била поделена Македонија. Ваквата адиминстративно-територијална поделба се поставила пред прв висок државен орган и морало да се размислува како да се задоволат интересите и желбите на народот.

Президиумот донесол решение, а се разбира во претходната анализа и проучување е извршена административно-територијална поделба и Македонија била поделена на четири области и тоа: Скопска, Битолска, Штипска и Кичевска-Дебарска област. Областите биле поделени на Околии и Општини и на Месни народноослободиелни одбори. [47]

Оваа поделба слободно може да се рече, била прва официјална административна - територијална поделба на Македонија, во слободна земја и слободна држава, за првпат во историјата на македонскиот народ. За спроведување на решението во живот, во земјата кога сѐ уште бил присутен фашистичкиот окупатор и за побрзо спроведување на ова решение биле избрани претставници именувани од Президиумот кои имале за задача да работат врз организирање на НОО во одделни области. За таа цел биле именувани 25 претставници во областите и тоа:

---
[47] Д-р Новица Велјановски п.ф.стр.253.

Во Скопската област 6 претставници, во Битолската област 7 во Штипската област 5 во Кичевско-Дебарската област 7 лица. Во контекст на овие настани во Прилеп и Прилепско се оформила Прилепската околија која била во составот на Битолската област.[48]

Президиумот на АСНОМ на 20 октомври 1944 година, донело прописи за функционирање и организација на Народноослободителниот одбор и во тој дух ги донесол и првите прописи за организацијата и работата на НОО, во Федерална Македонија, и носи и "Напатствија за организација и работата на НОО". Во нив сосема на јасен начин било запишано дека во Македонија, самоуправни единици со полна власт на своето подрачје се: селските, градските, општинските, околиските и обласните НОО и дека конечна управна поделба врши АСНОМ и тоа со закон. До донесувањето на еден таков закон, таа поделба да ја вршел Президиумот на АСНОМ, којшто ќе морал да ги има во предвид интересите на народот - населението и секако водел сметка да се овозможи народната власт да има контрола над неа.

Овие решенија не биле само обичен акт, но тие имале и повеќе од тоа и биле законодавен акт. Во самиот почеток на септември 1944 година Президиумот на АСНОМ имал донесено заклучок за донесување закон за организирање на НОО за што била задолжена и Законодавната комисија да подготви соодвеен проект на законот. Врз основа на овие два прописа Президиумот на АСНОМ по втор пат донесол решение за административно - територијална поделба на Федерална Македонија на области и определување на рангот на одделни градови на околиски центри. Со ова решение била укината Кичевско - Дебарската област била во ранг на околија, а во ранг на околии и центри биле: Скопје, Куманово, Тетово, и Велес од Скопската област. Од Битолската област се подигаат во ранг на околиски центри Битола, Прилеп и Охрид. Од Штипската област, Штип и Струмица. На крајот на 1944 година Президиумот на АСНОМ направил уште една мала едминистративно-територијална поделба на градот Скопје. Во тоа време се сметало дека е направена добра админстративно-територијална поделба, дека се опфатени сите интереси на народот. Но, само по неколку месеци на слободен

[48] Зборник на документи АСНОМ, цф док.57.

живот, на теренот се појавиле потреби и желби на населението од одделни населби од повеќе причини да бидат префрлени од една во друга област, од една во друга околија.

Интересно е да се спомне и тоа, дека во врска со територијалната поделба во 1944 година настанала извесна реорганизација не само на локално ниво туку и на државно во однос на границата со Србија.

Прилеп и Прилепско со сите нејзини населени места влегол во составот на Битолската област, а во месец септември 1944 година бил подигнат во ранг на Околија, во која влегле сите населени места што беа дотогаш. Со новата територијална поделба дејствувале три обласни Народноослободителни одбори, со триесет околиски НОО и со 288 Општински НОО и околу 2.880 селски и градски НОО, сите овие дејствувале според демократскиот централизам.

Веднаш по тоа во Прилеп се формирале Градски НОО, на 9 септември 1944 година, а потоа бил формиран Околиски НОО, а биле формирани, Општински и Селски НОО. Прилепска околија биле формирани следните Општински и Селски НОО; Општински НОО; Долнени, Костинци, Браилово, Маковска, Лаговска, Коњарска, Небреговска, Плетварска, Витолишка, Тројачка, Дуњска и Тополчанска. Во овие општини влегувале и Маковска општина која подоцна ќе прерасне во Маковска околија. Во Градскиот НОО влегувале градот - Прилеп и четирите села Мажуричиште, Селце, Варош и Дабница.[49]

Во секое село од овие општински центри имало Месни НОО кои ја вршеле целокупната власт во селото, примајќи ги сите задолженија што произлегувале од повисоките органи. Првите НОО одобри се формирани кога сé уште се водела воени дејства за ослободување на земјата.

А од друга страна постоел голем ентузијазам за изградба на државата која во ова време почнала и да дејствува.

Во Прилеп зачетоците на ГНОО биле пред 9 септември 1944 година. Првата седница на ГНОО била одржана во Прилеп на 9.09.1944 година на 10.09.1944 година Борко Темелкоски - Лилјакот делегат на ГШ на НОВ и ПОМ и одговорен за организирањето на народната власт за Битолска област, опол-

номоштен од АСНОМ, го образувал привремениот ГНОО и тоа од следните граѓани. [50]

*Димче Стојаноски - Мире за претседател,*

*Цветко Крстески, свештеник*

*Асен Боцески, кондураџија*

*Тоде Ношпал, трговец*

*Славе Попоски, ветеринарен лекар*

*Петре Талески - Модерното*

*Стеван Ристески, монополски работник*

*Марко Мијалев - Стариот*

*Јусуф Хаџи - Малески, кафеџија*

*Илија Јанески, кооператор.*

Актот за назначување на времениот ГНОО - Прилеп од 10.09.1944 од делегатот на ГШ на НОВ и ПОМ Борко Темелкоски - Лилјакот, се наоѓа кај авторот, преземен од ГГ Ангеларij. [51]

На 14 октомври 1944 година во селото Маргари, Долненска општина од определените претставници од околијата бил оформен и првиот Околиски Народноослободителен одбор. Неговите основни задачи, решенија, одлуки што ги донесувал се во врска со највиталните потреби за населението и тоа пред сé за снабдувањето на населението со храна, на народната војска, и со други витални потреби и тоа сол, дрва и други а и за мобилизација на населението за борба за конечно ослободување на нашата земја. За сите задачи, секако, ќе стане збор во темата каде ќе се разработува повеќе за улогата и задачите на Околискиот народноослободителен одбор. Прв секретар на Околискиот НОО бил Пенко Здравкоски, а претседател бил Александар Смугрески, земјоделец од селото Никодин. По ослободувањето на Прилеп сите овие органи на власт биле за секогаш сместени во градот. Прилеп станал политички, културен и војнички центар на Прилепската околија.

---

[49] Д-р Никола Сотировски административно територијална поделба на Македонија, Правна мисла, Скопје 1964.

[50] Сл. весник на Федерална Македонија бр.1, год 1 24/45.

## 2.2. Донесување на првиот закон за административно-територијална поделба на Федерална Македонија

Дејствувањето на Обласните НОО се почувствува дека се намалува, а со тоа и нивната улога и се јавила потреба за нова административна поделба на помали единици. Од овие причини Президиумот на АСНОМ на 22 јануари 1945 година донесол "Повелба" за привремена админстративна поделба на Федерална Македонија на окрузи.

За едно вакво решение имало и други причини од субјективен карактер пред сè тоа било предизвикано и од повисоките инстанци. По посетата и извештајот на началникот на одделението за изградба на власта при претседателството на НКОЈ д-р Дарко Чернеј, до потпретседателот на НКАОЈ Едвард Кардељ. Во почетокот на месец јануари 1945 година е извршена инспекција на работата на АСНОМ и на повереноството за изградба на народнаа власт, кое функционирало само десетина дена и немало некое поголемо искуство во работата. Од извештајот што е направен е искажана и недоверба кон административно-територијалната поделба на Македонија на области и се предлагало нивно напуштање и повторна поделба на Македонија на окрузи. Дотогашната поделба е оценета како недемократска, а особено за Македонија штетна и е побарано Македонија да биде поделена на 6 до 8 окрузи, кои потоа би се делеле на околии, општини селски, Месни НОО, што всушност си останала иста поделба на помалите административни единици. Но да се избегне обласната административно-територијална поделба. [52]

Президиумот на АСНОМ, согледувајќи ги сите дотогашни искуства што ги имал за организирање на народната власт и административно-територијалната поделба, презема своја активност и во неполни шест дена од доставените извештаи ја прифаќа сугестијата од "инструкторот", кој всушност и не ја познавал доволно Македонија, ниту територијално-административната поделба. Ниту

[51] Материјалите дадени од ГГ Ангелари се наоѓаат кај авоторот.
[52] Прилеп и Прилепско низ историјата, Прилеп 1972 стр.326.

приликите во Македонија не ги знаеле добро и овие предлог мерки веднаш биле прифатени, само што дошле одозгора. [53]

Според Повелбата што ја донесол Президиумот на АСНОМ за привремена административно-територијална поделба на Македонија на окрузи, од 22 јануари 1945 година се формирале осум окрузи и тоа: Скопски округ со околиите Скопје градот со околијата, Тетово, Гостивар, Ростуше, Кумановскиот округ со околиите Куманово, Кратово и Крива Паланка. Штипски со околиите Штип, Кочани, Царево Село, Делчево и Радовиш, Велешки округ со околиите Велес, Свети Николе Неготино и Кавадрци; Битолски округ со околиите Битола, Ресен, и Мариово, Прилепски округ со околиите Прилеп, Крушево, Кичево и Македонски Брод. Охридски округ со околиите Струга, Охрид и Дебар. Оваа привремена поделба на Македонија била во сила сé до донесувањето на Законот за административно-територијалната поделба на Македонија.[54]

На 30 август 1945 година Президиумот, односно Владата на Народното Собрание на Федерална Македонија го донела првиот мошне важен државен акт "Законот за територијална поделба на Федерална Македонија на окрузи.[55]

Со овој нов закон и натаму Македонија била поделена на окрузи без да се напушта моделот што бил доставен од повисоките инстанци. Со овој Закон и натаму се предвидувало Окрузите и понатаму да бидат најголеми административно-територијални единици.

Меѓутоа, со овој Закон се намалил бројот на Окрузите и наместо осум се формирале четири Окрузи во Македонија и тоа: Скопски округ во него влегувале поранешните окрузи Кумановскиот и Тетовскиот, заедно со Тетово и Дебарска околија. Во Штипскиот округ влегле дотогашните Штипски и Струмички округ, во Битолскиот округ влегле Прилепскиот и Охридскиот округ, а во Велешкиот округ влегле Велешкиот и Кавадаречкиот округ.

Со овој Закон била овластена народна влада на ДФМ да донесе уредба со која ќе се регулира прашањето за "бројот на територијалните подрачја на око-

[53] Д-р Новица Велјаноски, Степенот на решенијата на АСНОМ, педесет години македонска држава 1944-1994 Скопје, 1995 година.
[54] Зборник АСНОМ, т.1.К-1 стр.214.
[55] Зборник АСНОМ т.1. К-1 стр.215.

лиите и доколку со тоа определување се наложи да се изврши евентуална корекција на новоформираните окрузи.

Врз основа на Законот за административно-територијална поделба на Македонија, Министерскиот совет на Федерална Македонија на 21 ноември 1945 година донела "Уредба за определено подрачје и седиштето на околијата и Месниот народноосбодителен одбор. Всушност, Владата на ДФМ, за повеќе од една година го завршил процесот на административно-територијалната поделба на Македонија и тоа било така сé до донесувањето на Уставот на НР Македонија. Според горенаведената уредба градовите" Куманово, Тетово, Велес, Штип, Струмица, Прилеп, Битола и Охрид биле подигнати во ранг на околии. Според оваа Уредба била донесена и една друга новина, која имала и подалекусежно значење со неа се укинувале Општинските народноослободителни одбори и се формирале Месни народни одбори. Во уредбата било нагласено и запишано кое населено место-село-град во кој округ, околија припаѓа, и дадени биле сите седишта на овие органи на власта. За бројната состојба, организацијата, административно-територијалната поставеност и припадност на населбата може да се види од приложениот прилог.

Во Битолскиот округ влегувале: Прилепската околија, која имала 40 Месни народни одбори, со 75 населени места. Во Прилепската околија бил формиран Градски народен одбор. Во Прилепската околија ги имало следните Месни народни одбори и тоа: 1. Беровци, 2. Галичани, 3. Волково 4. Чумово, 5. Прилепец, 6.Алинци, 7. Шеверелци, 8. Старо Лагово, 9. Мало Рувци, 10. Бонче, 11. Штавица, 12. Ново Лагово, 13. Мало Коњари, 14. Петрово, 15. Големо Коњари, 16. Александрово, 17. Врбјани, 18. Кадино Село, 19. Боротино, 20. Плетвар, 21. Лениште, 22. Беловодица, 23. Ореовец, 24 Дрен, 25. Смолани, 26. Тројаци, 27 Топлица, 28. Никодин, 29. Ракле, 30 Големо Радобил, 31. Мало Радобил, 32. Тополчани, 33, Веселчани, 34. Тројкрсти, 35. Чепригово, 36. Клепач, 37. Ерековци, 38. Канатларци, 39. Костинци, 40. Црнилиште, 41. Гостиражни, 42. Стровија, 43. Долгаец, 44. Маргари, 45. Зрзе, 46. Рилево, 47. Слепче, 48. Дупјачани, 49. Средорек, 50. Дабница, 51. Секирци, 52. Пешталево, 53. Десово, 59. Дреновци, 60. Небрегово, 61. Мажучиште, 62. Дабница, 63. Селце, 64. Подмол.

Според ова Уредба во Прилепската околија не влегувала Кривогаштанската општина и с. Обршани, но тие биле во составот на Крушевската околија, доека Дебрешката општина и сите села на општината влегувале во составот на Бродската околија.

Од прегледот сосема јасно се гледа дека Месните народни одбори биле формирани во секое село. Месните народни одбори ја продолжиле работата на расформираните Народноослободителни одбори. Во 1946 година бил донесен закон за Народните одбори, кои биле продолжувачи на вредностите на Народноослободителната и антифашистичката војна на Македонија.

Во Федерална Македонија во текот на 1946 година не била извршена административно-територијална поделба или било каква друга промена во организирањето на народната власт. Окружниот народен одбор со своите околии и Месни НО останале во овој состав сѐ до донесувањето на Законот за административно-територијална поделба на Н. Р. Македонија и овој влегол во сила во јануари 1947 година.

Законот, секако дека бил цврсто усогласен со Уставот на Н. Р. Македонија од 1946 година. Од 1947 година Окружниот народен одбор бил укинат и се воведува нова поделба и е со помал број на административно-територијални единици. Така, од година во година, според она што го имаме како показател поделбите и промените на органите на народната власт биле неизбежни и брзи и потребни и биле на владејачките раководства.

Со новиот Закон а административно-територијална поделба на Н.Р. Македонија од 3 јануари 1947 година во Прилеп се формирала Градски народен одбор на град Прилеп, во чиј состав влегувале селата Дабница, Варош, и Селце, а седиштата на Месните народни одбори биле во селата:

1. *седиштето [56] во селото Дупјачани, во кои влегувале Забрчани и Горно село.*
2. *Седиште Десово, село Десово*
3. *Седиште Небрегово, с. Небрегово и Присад.*
4. *Седиште Дреновци, с. Дреновци.*

---

[56] Службен весник на НРМ 24/45.

5. Седиште Долнени, влегувало само селото Долнени
6. Седиште Бело Поле, с. Б. Поле, Вранче, Дабјани, Средорек
7. Седиште Браилово, с. Браилово и Слепче
8. Седиште Мажучиште, с. Мажучиште, Сенокос, Мраморани
9. Седиште Сарандиново, с. Сарандиново
10. Седиште Црнилиште, с. Црнилиште
11. Седиште Гостиражни, с. Гористажни и Стровија
12. Седиште Долгаец, с. Долгаец и Маргари
13. Седиште Зрзе, село Зрзе
14. Седиште Рилево, село Рилево
15. Седиште с. Костинци, с. Костинци
16. Седиште во Секирци, с. Секирци
17. Седиште во село Заполжани, с. Заполжани, Ново Селани и Кутлешево
18. Седиште во Мало Коњари, с. М. Коњари, и Г. Коњари
19. Седиште Кадино Село, с. Кадино Село и Боротино
20. Седиште во с. Врбјани, с. Врбјани, с. Славеј и Мирче Ацев
21. Седиште во с. Беровци, с. Беровци, Галичани и Н. Лагово
22. Седиште во с. Алинци, с. Алинци и Шелеверци
23. Седиште во Старо Лагово, с. Старо Лагово, Марул и М. Руфци
24. Седиште во Подмол, с. Подмол и Бонче
25. Седиште во Штавица с. Штавица
26. Седиште во Загорани, село Загорани и Веселчани
27. Седиште во Тополчани, с. Тополчани, Тројкрсти и Чепигово
28. Седиште во Канатларци, с. Канатларци
29. Седиште Ерековци, с. Ерековци и Клепач
30. Седиште Плетвар с. Плетвар и Лениште
31. Седиште Ореовец, с. Ореовец. и Крстец
32. Седиште Белаводица с. Белаводица
33. Седиште Тројаци, с. Тројаци и Топлица
34. Седиште с. Никодин, с . Никодин и Ракле
35. Седиште Горно Рдобил с. Г. Радобил и Мало Радобил

*36. Седиште с. Царевиќ, с. Царевиќ Смолани и Дрен*

*37. Седиште во с. Дебреште, с. Дебреште и с. Кошино*

*38. Седиште с. Лажани, с. Лажани*

*39. Седиште с. Ропотово, с. Ропотово и Жабјани*

*40. Седиште с. Кривогаштани, с. Кривогаштани*

*41. Седиште с. Годивље, с. Годивље и Кореница*

*42. Седиште Турско, с. Турско и Локвени*

*43. Седиште Св. Митрани, Св. Митрани и Врбоец*

*44. Седиште с. Крушеани, с. Крушеани*

*45. Седиште во с. Бела Црква, Бела Црква и Воѓани*

*46. Седиште Обршани, с. Обршани и Мало Рунци*

*47. Седиште во Пресил, с. Пресил и Милошево*

*48. Седиште Чумово, Чумово, Прилепец и Волково*

*49. Седиште Дуље, с. Дуње*

*50. Седиште во село Кален, с Кален, Кокре, Пештани*

*51. Седиште Вепрчани, с. Вепрачани Буѓаково*

*52. Седиште во с. Бучин, с. Бучин*

*53. Седиште во с. Крушевица, с. Крушевица*

*54. Седиште Чаништа, с. Чаништа*

*55. Седиште Витолиште, с Витолиште, Живово, Врпско*

*56. Седиште во с. Бешиште, с. Бешиште, Полчиште, с. Манастир*

Според горенаведените податоци во Прилепската околија имало 56 Месни народни одбори, кои ја вршеле функцијата на народна власт. Според податоците скоро во секое село имало МНО, но тоа било во зависност од големината на селото, бројот на жителите, некаде во помалите села имало и по три села во еден МНО. Според оваа административно-територијална поделба власта уште повеќе се збила и добила повисока организација и поставеност.[57]

[57] АМ-Подрачно одделение-Прилеп Фонд; Околиски НОО 1944-45...Извештај К-2.

## 2.3. Административно-територијална поделба на Народна Република Македонија и на Прилепска околија во 1950 година

Извршената административно-територијална поделба на Н.Р. Македонија од јануари 1947 година била една од посеопфатните и по целосните поделби кои одговарале на потребите и интересите на населението во Прилеп и Прилепско. Прилепската околија била така поделена што поделбата одговарала на интересите на населението. Но, брзиот стопански развој и со промените што настанале во општествено-политичките план, тоа е период на одржување на 5 конгрес на КПЈ, Првиот конгрес на КПМ, донесувањето на Законот за петгодишниот план за развој на народното стопанство. Потоа, е период на острите напади на Информбирото, насилната колективизација, преку СРЗ и сите овие промени го наметнаа и прашањето за дополнување на Законот за административно-територијалната поделба на Н. Р. Македонија.

Врз основа на член 73, точка 4 од Уставот на НРМ, а во врска со член 5, точка 7 од Законот на Владата на Народното собрание на НРМ врши промена на Законот и дополнување на Законот за административно-територијална поделба на НРМ, што бил донесен од Народното собрание, на седницата од 18 септември 1950 година гласел: Законот за административно-територијална поделба на НРМ, од јануари 1947 година со сите негови изменувања и дополнувања се изменува и дополнува така што неговиот пречистен текст гласи:

Закон за административно-територијална подела на НРМ". Според член 1 од Законот за административно-територијални единици на подрачјето на НРМ се: околии, градски реони, градови, месни подрачја на Месни одбори.

Во член 2 од Законот се дадени кои се околиите и во нив Прилепска околија со седиште на Народниот одбор во Прилеп. ГНО на Прилеп во чиј состав влегувале градот Прилеп, со селата Селце, Варош и Дабница.

Прилепската околија и подрачјата на Месните народни одбори биле:

1. Седиштето на МНО било во Бело Поле, во чие подрачје влегувале селата: Бело Поле, Вранче, Заполжани, Кутлешево, Ново Селани и Средорек;

2. Беровци, со седиште на МНО во Беровци, во чие подрачје влегуваат: Беровци, с. Алинци, Галичани, Ново Лагово;

3. Бешиште, со седиште на МНО во Бешиште, а во тоа подрачје влегувале; Манастир, Полчиште;

4. Витолиште, со седиште на МНО, во чие подрачје влегувале: с. Витолиште, Врпско и Живово;

5. Бучин, со седиште на МНО, во чие подрачје влегувале:

Бучин, Бела Црква, Воѓани;

6. Врбјани, со седиште на МНО, во чие подрачје влегувале:

Врбјани, Мирче Ацев и Славеј;

7. Гостиражни, со седиште на МНО, во Гостиражни, а во тоа подрачје влегуваат: Гостиражни, Стровија и Црнилиште;

8. Десово, со седиште на МНО, во тоа подрачје влегувале Браилово и Десово;

9. Долгаец, со седиште на МНО, во тоа подрачје влегувале:

Долгаец, Зрзе и Маргари;

10. Дуње, со седиште на МНО, во тоа подрачје влегувале селата:

Дуње, Кален, Кокре и Пештани;

11. Дупјачани, со седиште на МНО, во тоа подрачје влегувале селата: Горно Село, Дупјачани, Дреновци, Забрчани, Небрегово, и Присад;

12. Канатларци, со седиште на МНО, во чиј состав влегувале:

Ерековци, Канатларци, Клепач и Шелеверци;

13. Костинци, со седиште на МНО, во чие подрачје влегувале следните села: Костинци, Секирци и Слепче;

14. Кривогаштани, со седиште на МНО, во чиј состав влегувале следните села: Кривогаштани, Крушеани.

15. Крушевица, со седиште на МНО во Крушевица, во чиј состав влегувале селата: Крушевица и Чаниште;

16. Мало Коњари, со седиште на МНо во с. Мало Коњари, во чие подрачјето влегувале следните села: Големо Коњари, Кадино Село и Мало Коњари;

17. Мажучишт, со седиште во селото Мажучиште, во чиј состав влегувале селата: Долнени, Мажучиште, Мало Мрамотани и Сенокос;

18. Никодин, со седиште на МНО во Никодин, во чие подрачје влегувале селата; Никодин Ракле.

19. Обршани, со седиште на МНО во селото Обршани, во чие подрачје влегувале селата: Боротино, Обршани, Пашино Рувци;

20. Плетвар, со седиште на МНО во селото Плетвар, во чие подрачје влегувале селата: Плетвар, Крстец, Лениште и Ореовец;

21. Подмол со седиште во МНО во село Подмол, во чие подрачје влегувале селата: Бонче, Лопатица, Марули Подмол;

22. Ропотово, со седиште во МНО во селото Ропотово, во чие подрачје влегувале селата: Лажани, Ропотово, Пешталево и Срадиново;

23. Рилево, со седиште на МНО во селото Рилево во состав на ова подрачје влегувале селата: Рилево и Сливје;

24. Старо Лагово, со седиште на МНО во селото Старо Лагово, во составот на ова подрачје влегувале селата: с. Лагово, Чумово, и Штавица;

25. Тополчани, со седиште на МНО, а во ова подрачје влегувале селата: Веселчани, Варош, Тополчани, Тројкрстии Чепигово;

26. Тројаци, седиште на МНО во с. Тројаци, во составот на МНО влегувале: Г. Радобил М. Радобил, Тројаци и Топлица;

27. Царевиќ, со седиште на МНО, а во него влегувале селата Дрен, Смолани, Царевиќ и Буѓаково.

Со оваа нова поделба на Прилепската околија се добил нов квалитет во организациона смисла но сé уште со помали и поголеми пропусти. Власта започнала уште посилно да се зацврстува. Тоа е време на воведување на работничкото самоуправување. Тоа време и нова административно-територијална поделба. Раководните власти тоа го согледале и затоа презеле и поконкретни мерки. Во оваа административно-територијална поделба не влегувала Крушевската околија, а влегла Кривогаштанската општина, потоа влегло и

селото Бучин, како и Дебрешката околија, која порано била во составот на Бродската околија.[58]

## 2.4. Административно територијална поделба на Прилепска околија во 1952 година

Не поминало долго време од последната административно-територијална поделба на НРМ, па и на подрачјето на Прилеп и Прилепско, се осетила потреба од измена и дополнување на административно територијална поделба што била извршена во 1950 година, а тоа се должело на брзиот развој на економско-стопанските и политичките прилики, како и на процесот на развој на општествено-политичките прилики, воведувањето на работничкото самоуправување, измените во самиот систем на власта и врз основа на член 73, т.4 од Уставот на НРМ, а во врска со член 5, т.7 од Законот на Президиумот на Народното собание на Н. Р. Македонија го прогласува Законот за поделба на НРМ на околии, градови, градски општини и општини што го донело Народното собрание на НР Македонија на седницата одржана на 10 април 1952 година, а гласел Законот за поделба на НРМ на околии, градски општини и општини. Според тоа НРМ е поделена на Околии, градови, градски општини и општини.

Прилеп бил во рангот на околија и во неговиот состав биле градската општина, со селата Варош, Дабница и Селце. Можеме да констатираме дека со овој закон за поделба на НРМ се напуштиле Месните народни одбори, се формирале градски општини и општини по населените места но со повеќе населени места Општините претставуваат поголеми центри, каде власта можела да го организира целокупниот општествено-стопански живот, особено големо внимание посветуваат на образовно-воспитниот живот во сите центри каде што се формирале Општините и атарите на тие подрачја.

Во овој наслов ќе ја проследиме поделбата на Прилепската околија, кои општини биле и кои населени места влегувале за да ни биде полесно понатаму

[58] Службен весник на НРМ бр.28од 1950, во него се дадени сите конкретни податоци.

да ги следиме стопанските, општествените, политичките и просветните прилики. Во Прилепската околија влегувале 18 општини заедно со градската Општина.

1. БЕЛОЦРКВАНСКА ОПШТИНА со селата: Бела Црква, Бучин, Воѓани, Обршани, Пашино Рувци, Пресил и Света. Меѓутоа, со измените што биле направени во меѓувреме селото Пресил влегло во општина Кривогаштани, а Света во Демир Хисарската општина.

2. ВИТОЛИШКА ОПШТИНА со селата: Бешиште, Витолиште, Врпско, Живово, Манастир и Полчиште.

3. ДЕБРЕШКА ОПШТИНА, со селата: Борино, Дебреште, Жабјани, Јакренови, Кошино, Крапа, Лажани, Ропотово и Саждево.

4. ДОЛНЕНСКА ОПШТИНА, со селата: Бело Поле, Браилово, Вранче Дабјани, Ново Селани, Сарандиново, Заполжани, Кутлешево, Мажучиште, Мало Мраморани и Сенокос.

5. ДОЛНОДИВЈАЧКА ОПШТИНА, влегувале следните села: Арилево, Горно Дивјаци, Долно Дивјаци, Зашле, Кочиште и Пуста Река.

6. ДУЊСКА ОПШТИНА, влегувале следните села: Вепрчани, Дуње, Буѓаково, Кален, Кокре, Крушевица, Пештани и Чаниште.

7. ДУПЈАЧАНСКА ОПШТИНА, во неа влегувале следните села: Горно Село, Десово, Дреновци, Дупјачани, Забрчани и Небрегово.

8. КАНАТЛАРСКА ОПШТИНА, во неа влегувале селата: Ерековци, Канатларци, Лопатица, Марул, Подмол и Шелеверци.

9. КОСТИНЕЧКА ОПШТИНА, во неа влегувале следните села: Гостиражни, Долгаец, Зрзе, Костинци, Маргари, Пешталево, Рилево и Селце.

10. КРИВОГАШТАНСКА ОПШТИНА, во неа влегувале следните села Врбоец, Годивље, Кореница, Кривогаштани, Крушеани, Локвени, Милошево, Свето Митрани и Турско /денеска Подвис/.

11. МАЛОКОЊАРСКА ОПШТИНА, во неа влегувале следните села: Боротино, Врбјани, Галичани, Коњари, Кадино Село, Мало Коњари, Мирче Ацев и Славеј.

12. НОРОВСКА ОПШТИНА, со селата: Алданци, Белушино, Житоше, Борино и Саждево.

13. ПЛЕТВАРСКА ОПШТИНА, во неа влегувале следните села: Беловодица, Крстец, Лениште, Ореовец и Плетвар.

14. СТАРОЛАГОВСКА ОПШТИНА, со селата: Старо Лагово, Алинци, Чумово, Беровци, Галичани, Мало Рувци, Ново Лагово, Чумово, Штавица.

15. ТОПОЛЧАНСКА ОПШТИНА, со селата: Веселчани, Загорани, Клепач, Тополчани, Тројкрсти и Чепигово.

16. ТРОЈАЧКА ОПШТИНА, со селата Големо и Мало Радобил, Дрен, Смолани, Ракле, Никодин, Топлица, Тројаци и Царевиќ.

17. КРУШЕВСКА ОПШТИНА, во неа влегувале следните населени места: Крушево, Острилци и Бирино.

Со оваа административно-територијална поделба се оформиле општински центри. Во нив биле оформени Општински одбори, каде била концентрирана целокупната власт. И оваа поделба била со одделна слабост. Во одделни општини, некои населени места биле многу оддалечени од општинските центри и имало многу лоши патни комуникации што предизвикувале лоша врска со овие села. Наша констатација е дека во оваа поделба на Прилепска околија влегла и Крушевската околија како општински центар. Но, оваа поделба ќе остане сé до 1955 година, кога била вршена нова административно-територијална поделба.

### 2.6. Создавање организација и развој на народната власт во Прилепска околија

Создавањето на органите на народна власт во Прилепска околија има една подолга традиција и овој континуиран процес трае и до ден денеска, кога Македонија се осамостои како независна самостојна држава. Првите никулци на народна власт се појавиле во почетокот на вооруженото востание во 1941 година. Првите никулци на власт, биле во Народноослободителните одбори или биле и органи на борбата а се појавиле веднаш по вооружената борба на 11-ти октомври 1941 година и тоа под различно име. Во Прилеп и Прилепско се појавувале под името Одбори на народна помош, Воени комитети, онака како што биле нарекувани комитетите за време на илинденскиот период. Забрзан развој на

Народноослободителните одбори се јавувале во 1942 година и тоа на оние места каде што дејствувал оперативно војнички Вториот партизански одред "Димитар Влахов" и тоа скоро во сите села северно од Прилеп. Таму со помош на борците од одредот "Димитар Влахов", се формирале Народноослободителни комитети или Тајни комитети. Во текот на 1942 биле создадени Тајни комитети во селата: Дабница, Горно Село, Дреновци, Забрчани, Десово, Гостиражни, Сливје, Стровија, Костинци, Маргари, Долгаец, Зрзе и во други села. Во секое село од горенаведените дејствувал Траен комитет, кој тесно соработувал со Партизанскиот одред "Димитар Влахов". За брзиот развој на органите на борбата во Прилеп и Прилепско придонесло одржаното советување во Отешево, познато како Преспанско советување, одржано на 2 август 1943 година. Донесените Одлуки на Преспанското советување значеле формирање на покрупни воени единици и формирање на повисоки органи на Народната власт.

Како доказ за понатамошниот развој на Народната власт и зајакнувањето на органите на борбата во Прилеп и Прилепско го издвојуваме писмото на Кузман Јосифовски - Питу, член на ЦК на КПМ, од 17 октомври 1943 год. Ова писмо било доставено до Месниот комитет на КПМ за Прилеп и Прилепско, ценејќи ја неговата содржина тоа имало огромно значење за понатамошниот развој на Одборот на народна власт. По својата содржина писмото имало значење на Упатството, кое во целост ја опфаќа изградбата на Нродната власт, како и нејзините органи и нивните состави и програми за работа. Од ова писмо на Кузман Јосифовски - Питу до МК на КПМ за Прилеп и Прилепско на многу конкретен начин можат да се видат упатствата што значи НОО, што е нивната задача како органи на борбата во неослободителните територии, а во ослободените беа органи на народната власт, потоа како треба да биде составот на НОО, како да никнуваат и кои луѓе да влегуваат, личности со големи авторитети кај народот и тие да никнуваат од самата борба. Овие НОО требало да никнуваат во градовите, селата и општините. Во писмото се наведувале и се препорачувале и членовите, кои требало да влезат во НОО на град Прилеп. Во составот на НОО за Прилеп биле препорачани следните личности:

*1. Недан-Коларот,*

*2. Благоја Филипот, работник*

*3. Хари, шнајдерот,*

*4. Рампо, што работел кај Долзите,*

*5. Милан Младен,*

*6. Илија Јаноски*

Оваа препорака на Кузман за овие личности била од причини што сите овие личности биле со голем авторитет во градот и кај пошироката јавност во Прилепската околија. Оваа препорака не била случајна, од причини што Кузман, добро ја знаел Прилепската средина и чаршија.

По препораката на Кузман до МК на КПМ, во Прилеп и Прилепско бил оформен и Првиот НОО и тоа на 28.10.1943 година и тоа во куќата на МИЦЕ ТОДОРЧЕСКИ.[59]

На првиот состанок биле:

*1. Милан Ристески - Стариот,*

*2. Недан Саботкоски,*

*3. Мице Глигороски,*

*4. Томе Мацаноски,* [60]

*5. Стеван Соле.*

Градскиот НОО своите состаноци ги одржувал во куќата на Томе Мацан и Недан Саботкоски. На состаноците присуствувал и секретарот на Околискиот комитет на КПМ за Прилеп и Прилепско Круме Волнароски. Подоцна горе-наведениот состав на ГНОО се проширил со нови членови и тоа: Ицко Маѓероски, Боро Десоски, и Асен Боцески.[61]

---

[59] Дукадин Камшикоски, Кузман Јосифовски-Питу и создавањето на народната власт во Прилеп и Прилепско. Зборник на трудови од Научниот собир "Кузман, време, живот, дело" Скопје 1994 стр.203.
[60] Д-р Новица Велјановски, формирањето и дејноста на НО во Прилеп и Прилепско 1943, Скопје, Култура, 1981 стр.253.
[61] в. Народен глас, бр.16, 1962, Прилеп.

Овие лица станале членови на НОО. Но, овде ќе го изнесеме и искажувањето на учесниците на првиот состанок на кој е формиран НОО. [62]

На овој состанок присуствувале:

1. *Љупчо Аџимитрески, претседател,*
2. *Недан Саботкоски,*
3. *Милан Глигороски*
4. *Мице Тодорчески,*
5. *Ицко Магероски*
6. *Стеван Солески*
7. *Благоја Филипоски*

Од горе изнесените податоци се гледа дека бројот на членовите не бил ист и тој варирал во зависност од моменталната состојба и потреба и распределба на членовите на партиска работа во Прилеп и Прилепско, или пошироко.

По формирањето на НОО на град Прилеп, се развила и голема активност на сите организирани сили за формирање на Народноослободителни комитети во Прилепско. При крајот на октомври 1943 година се формирале НОК во следните села. Во с. Мало Коњари бил формиран НОК во состав: Најдо Коруноски, Борка Илиоски, Ноне Аљакоски. Во селото Врбјани се формиран НОК во состав: Васил Попоски, Илија Коруноски. Во с. Славеј бил формиран НОК, него го водел Борис Ковилоски. Во Кадино Село НОК бил составен од следниве членови: Димко Камшикоски, Божин Малакадиоски, Методија Митрески. Во с. Веселчани бил формиран НОК во состав: (не успеавме да ги дознаеме имињата на членовите).

Во селото Боротино бил формиран НОК во состав Александар Пупалески. Вакви НОК биле формирани во селата од Лаговска општина, во селото Беровци, кого го раководел Киро Аџиспироски, во Галичани кого го раководител Целе Јурукоски. Во Тополчанска општина биле формирани во селото Тополчани имале

[62] Љупчо Аџимитрески, Организирање на НОО и првите никулци на народната власт во Прилеп 1943-1944, Зборник на трудови 1944-1945 стр.141, Студентски збор, Скопје к-3.

голема улога и биле негови членови и тоа: Мике Попоски, Љубен Попоски, Раде Спасески, Ристо Шуплиноски и др. [63]

Во Небреговска општина биле формирани НОК.

Во констатација на гореизнесените податоци можам да речам дека за ваквата брза активност и воспоставување на густа мрежа на органи на борбата во Прилепската околија има голема улога Круме Волнароски, секретар на Околискиот комитет и Кире Гаврилоски, како член на Обласниот комитет на КПМ. Тука би подвлекол дека тие во својата активност и “изгореа” во спроведувањето на Одлуките и Иницијативниот одбор за свикување и одржување на Првото заседание на АСНОМ, во избирање на делегати за ова Заседание од Прилепската околија. Тие изгореа на 9 мај 1944 година, во Прилеп.

### 2.6.1. Организирање и развој на органите на Народната власт во Прилепска околија

По созревањето на условите и одржување на Првото заседание на АСНОМ, истото беше свикано и одржано на 2 август 1944 година, во манастирот Св. Прохор Пчински. Тоа било врховно, законодавно и претставничко тело и највисок орган на Народна власт во Демократска Федерална Македонија. Тоа, значело нов период од развитокот на македонската држава. По неговото одржување се назреле перспективните за македонскиот народ, за македонската држава. Тука биле удрени темелите на македонската државност. Тука од денешен поглед, биле удрени темелите на македонската современа држава, како независна, суверена, рамноправна единка на човековата цивилизација. На Првото заседание на АСНОМ, се формирал Президиум, кој ја вршел законодавната функција и сé до формирањето на Владата, тоа ги вршело нејзините функции. Президиумот на АСНОМ, се зафатил да организира македонска држава и пред него биле поставени прашања од сите сфери на животот. Пред сé биле поставени темелите да се организира власта во државата и сите органи на власт во сите делови на македонската држава. Основно прашање пред сé било на-

[63] в. Народен глас бр.15, 1963.

тамошна изградба на Народната власт, на народните одбори, како основни органи во системот на Народната власт.

На првата седница на Президиумот на АСНОМ, 6 август 1944 година била извршена и првата административно-територијална поделба на Македонија и тоа на четири области, кои се делеле на околии и општини. Веднаш се наметнало и прашањето за донесување Решение за организирање и работа на Народноослободителните одбори од највисоките - обласните, па сé до селските народноослободителни одбори. Ова решение, всушност било и Упатство-Правило за организирање на рабоата на НОО. Овие решенија што биле донесени на Президиумот на АСНОМ имале силен одглас во Прилепска околија.

Во Прилепска околија биле преземени низа активност сé со цел да се преземе власта и да се организира животот во Прилеп и Прилепско. Во Прилеп и Прилепско во текот на 1943 и 1944 година имала “густа мрежа на НОО”, но со донесувањето на Решението од страна на Президиумот на АСНОМ за создавање и работа на НОО имале силе одек во Прилепска околија за понатамошно организирање на Народната власт.

На 7 септември 1944 година, започнале подготовките за преземање на власта во градот. На 8 септември 1944 година бил утврден составот на НОО, а на 9-ти септември 1944 година бил одржан и неговиот прв состанок и тоа во слободен Прилеп. [64]

На 4 октомври 1944 година во селото Маргари, и тоа по повлекувањето на власта од Прилеп и неговото повторно потпаѓање под окупација на Германците во селото Маргари бил формиран Околискиот Народноослободителен одбор, а потоа биле формирани 12, општински центри и во секое село биле формирани селски Народноослободителни одбори, кој подоцна прераснале во месни Народноослободителни одбори.

[64] Прилеп и Прилепско низ историјата, Прилеп 1972 К-2 стр.274, Хроника на населените места во Прилепско, ракопис, Мемоарско одделение-Општински одбор на СБМ-Прилеп.

Првиот градски Народноослободителен одбор, како орган на Народната власт во Прилеп бил формиран на 8 септември 1944 година, во селото Присад, во близина на Прилеп.[65]

Формирањето на овој НОО биле повикани видни граѓани од Прилеп уште на 6 септември 1944 година. Тука биле и зацртани задачите и целите на Првиот НОО. Според искажувањата на Димче Стојаноски - Мире членови на Првиот НОО за Прилеп биле:

1. *Димче Стојаноски - Мире, претседател*
2. *Петре Талески, занаетчија*
3. *Цветко Стојаноски, свештеник*
4. *Трајко Ѓорески, учител*
5. *Стеван Русески, монополски работник*
6. *Славе Попески, ветеринарен лекар*
7. *Асен Боцески, занаетчија*
8. *Димче Дабоски, работник*
9. *Марко Михајлоски - Стариот, работник и*
10. *Илија Јаноски, банкарски службеник*

Сите овие лица кои влегле во составо на ГНОО, добиле своја функција и задача што требало да извршат во слободен Прилеп. Така, одговорен за финансиите бил Илија Јаноски, кој бил именуван и за директор на банката. За осигурувањето и функционирањето на ПТТ сообраќајот бил назначен Асен Боцески. За управник на Поштата бил именуван Борка Наумоски-Грчето, поштенски работник. За собирање на тутунот и негова обработка бил одговорен Димче Дабоски и Стеван Русески, а за управник на Монополот бил именуван Ламбро Патче. За снабдување на градот со прехранбени продукти бил назначен Петар Талески - Модерното. За редот и сигурноста во градот бил именувам Марко Ристески - Стариот. За здравството и хигиена бил назначен Славе Попоски, а за верските прашања Цветко Крстески. Оваа распределба била повеќе од моментно намет-

---

[65] Димче Стојаноски-Мире, формирање и работа на НОО во Прилеп за време на неговото прво ослободу-

натата потреба. Но, по повлекувањето на ГНОО во селото Зрзе, настанала нова распределба на задачите и реорганизација на НОО и тој бил во следниот состав:

1. *Петре Талески-Модерното, претседател*
2. *Исмаил Диздар, потпретседател,*
3. *Љупчо Аџимитрески, секретар,*
4. *Мице Тодорчески, прочелник за управно одделение*
5. *Димче Бабе, стопанско одделение*
6. *Велко Сапунџија, техничко одделение*
7. *Томе Мацан, одделение за соопштение*
8. *Трајко Георгиески, просветен оддел*
9. *Љупчо Митриќески, пропагандно одделение*
10. *Милан Самак, судско одделение*
11. *Марко Михајлоски-Стариот, социјално одделение*
12. *Д-р Јурај Заниновиќ, здравствено одделение*
13. *Асен Боцески, одделение за исхрана*
14. *Цветко Крстески, финансиско одделение*

По оваа извршена реорганизација може да се виде дека покрај членовите на одборот биле и извршени распределби и по одделенија и кој со кое одделение ќе раководел. Тоа, била повисока фаза на организирање на власт во Прилеп. Овој состав на ГНОО останал сé до изборите што настанале во март 1945 година. Тогаш дошло и до одделни промени во составот, но не и целосна промена, од причини што во Прилеп немало кадар, за носители на одделни функции.

Меѓутоа, во Прилепската околија бил формиран и Околиски Народноослободителен одбор, онака како што предвидувале решенијата на Президиумот на АСНОМ. Околискиот НОО бил формиран на 4 октомври 1944 година во селото Маргари. Тој извесно време престојувал во Крушево, а потоа по ослободувањето на Прилеп на 3 ноември 1944 год. се префрлил во Прилеп и тука останал за се-

---

вање, Историја, списание на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ, Скопје, 1967, 3 бр.1 стр.67-71.

когаш. За составот на Прилепскиот околиски НОО најдобро ни зборува записникот од седницата на Околискиот НОО од 16.10.1944 година во состав:

1. *Александар Смугрески, претседател, земјоделец од селото Никодин.*
2. *Цветко Крстески, потпретседател,*
3. *Петре Здравкоски, секретар*
4. *Трајко Георгески*
5. *Методија Апостолоски*
6. *Алекса Бумбароски*
7. *Ордан Јамак*
8. *Јусуф Аџи Мале*
9. *Ристе Младеноски*
10. *Јовко Парапански*
11. *Никола Талески*
12. *Милан Подземски*

Околискиот НОО имал свој Извршен одбор, кој ги спроведувал одлуките во живот и него со сочинувале:

1. *Петре Талески - Модерното, претседател*
2. *Исмаил Диздар, потпретседател*
3. *Аспарух Корубиноски, секретар*
4. *Мице Тодорчески*
5. *Милан Самак*
6. *Томе Мацаноски*
7. *Трајко Бабе*
8. *Велко Сапунџиоски*
9. *Асен Боцески*
10. *Д-р Јурај Заниновиќ*

Околискиот НОО имал и свој Пленум, а него со сочинувале сите претседатели на Општинските НОО и сите прочелници на Околискиот народноослободителен одбор. Околискиот НОО одбор ги имал одделенијата, кои функ-

ционирале сé до 1953 година, на некои му се менувале само називите, а функцијата му останувала иста, а тоа биле:

*- Одделение за внатрешни работи од прочелник Киро Аџиспироски, а потоа бил заменет со Александар Спиркоски.*

*- Просветно одделение, прочелник, бил Ристо Попоски*

*- Финансиско одделение,*

*- Здравствено одделение,*

*- Одделение за санбдување и трговија,*

*- Стопанско одделение,*

*- референт за земјоделие, референт за шумарство, референт за ветеринарство.*

Подоцна настанува нова промена во организацијата на НОО на Прилепска околија и таа изгледала на овој начин и имала:

*- Претседател,*

*- потоа отсеци и тоа:*

*- Отсек за трговија,*

*- Планска комисија,*

*- Управа,*

*- Отсек за просвета,*

*- Отсек за финансии,*

*- Отсек за стопанство,*

*- Отсек за здравство*

*- Општ отсек*

Во сите отсеци постоеле референти на одделни гранки во отсекот и секој бил потчинет на претседателот на отсекот.

Околискиот НО во 1952 година бил составен од следниве лица. Во него влегувала и Крушевската општина и тоа:

*1. Тоде Ношпал, претседател,*

*2. Коце Јованоски - Солунски, потпретседател,*

*2. Шула Мина, потпретседател, од општина Крушево,*

*4. Методија Велески, од општина Бела Црква,*

*5. Јовко Парапански, Витолишка општина,*

*6. Абдула Алитоски, Дебрешка општина,*

*7. Никола Кољевски, Долно Дивјаци,*

*8. Петре Спасески, Долненска општина,*

*9. Петко Митрески, Дуњска општина,*

*10. Алекса Ризоски, Дупјачани,*

*11. Џафер Џафероски, Канатларска општина,*

*12. Тамелко Петрески, Костинечка општина,*

*13. Зуле Талески, Кривогаштанска општина,*

*14. Илија Талимџиоски, Малокоњарска општина,*

*15. Јусуф...Норовска општина,*

*16. Драган Николоски, Плетварска општина,*

*17. Киро Петрески, Старолаговска општина,*

*18. Трајче Темелкоски, Тројачка општина,*

*19. Ристе Коруноски, Тополчанска општина.*

Потоа наместо отсеците постоеле совети при Околискиот Народен одбор, Совет за просвета, - Крајче Попоски, Совет за стопанство - Коце Јанески, Совет за внатрешни работи, - Џоџа Николоски.

Во текстов ќе го наведеме и создавањето и функционирањето на Окружниот НОО на Прилеп, во кого влегувале Крушевската околија, потоа Бродската и Кичевската околија. Прилепскиот окружен НОО го сочинувале:

*1. Тоде Ношпал, претседател*

*2. Благоја Талески, потпретседател*

*3. Дали Беј, потпретседател*

*4. Димче Левков, секретар*

*5. Ванѓа Чашуле, административен секретар*

*6. Методија Најче, прочелник на Управното одделение*

*7. Милан Самак, прочелник на Судското одделение*

*8. Киро Аџи Спироски, на одделението за исхрана*

*9. Злате Тренески, за Социјално одделение*

*10. Пенко Здравкоски, Просветниот оддел*

*11. Иван од Локвица, Техничкото одделение*

*12. Јанко Гука, Стопанскиот оддел*

*13. Генеадија Лешко, здравствениот оддел*

Окружниот НОО бил формиран така што тој имал претставници од сите околии што влегувале во состав на овој Окружен НОО. Иако Прилепскиот окружен НОО функционирал кратко време некаде од март 1945 до средината на истата година многу придонесол за формирањето на власта и на другите гранки од животот на округот.

Покрај формирањето на овие повисоки органи на Народната власт во Прилепската околија биле формирани и пониски органи, органи кои биле многу значајни за организирање на животот во сите населени места во Прилепската околија. Во почетокот имало создадено селски НОО во секое село, потоа биле префрормирани и се викале МНО, кои биле создадени во поголемите населени места и во него влегувале повеќе населени места, тоа е дадено по конретно во административно-територијална поделба.

Веднаш по конституирањето на Општинските народноослободителни одбори биле и кадровски оформени, така во секој Општински одбор НОО бил избран и претседател.

Во општината Лагово, бил избран Стојан Велкоски,

Боше Цветкоски, за потпретседател

Крсте Мулоски за секретар

Марен Јоноски, одборник

Атанас Вангелески, одборник

| | |
|---|---|
| НЕБРЕГОВСКА ОПШТИНА: | Цветан Велкоски, претседател<br>Сотир Пereски, потпретседател<br>Најдо Димоски, секретар<br>Милан Подземски, одборник<br>Коста Костоски, одборник<br>Ванче Бошкоски, одборник<br>Алекса Јанкоски, одборник |
| ВИТОЛИШКА ОПШТИНА: | Стале Попоски, претседател<br>Драгурин Трајкоски секретар<br>Ристе Мидоски, одборник |
| ТРОЈАЧКА ОПШТИНА: | Рампо Георгиески, претседател<br>Аце Орданоски, секретар |
| ДОЛНЕНСКА ОПШТИНА: | Методија Апостолоски, претседател<br>Атанас Георгиески, секретар |
| ОПШТИНА КОСТИНЦИ: | Темелко Јоноски, претседател<br>Спасе Ангелески, потпретседател<br>Петар Илиески, секретар |
| ДУЊСКА ОПШТИНА: | Иван Попоски, претседател,<br>Трајко Петкоски, потпретседател,<br>Иван Трајкоски, секретар |
| МАКОВСКА ОПШТИНА: | Цветко Кочоски, претседател<br>Спасе Карески, секретар |
| ПЛЕТВАРСКА ОПШТИНА: | Крсте Наумоски, претседател |

Илија Димоски, секретар

КОЊАРСКА ОПШТИНА: Милан Цветкоски, претседател
Димко Камшикоски, потпретседател
Алекса Бумбароски, секретар

По конституирањето на Општинските народноослободителни одбори биле конституирани и селските народноослободителни одбори и тоа за секое село, се избирал претседател на Селскиот народноослободителен одбор, потпретседател, секретар и одборници и по нивното конституирањето започнала работата.[66]

По оформувањето на Градскиот НОО започнала работата за спроведување на сите законски мерки што се превземале од највисоките органи на државата, за обнова на разрушеното стопанство.[67]

[66] АМ-Подрачно одделение-Прилеп Фонд; окружен НОО-Прилеп Анализа..К-1.
[67] АМ-Подрачно одделение-Прилеп, Анализа фонд; ГНОО...К-1

# ГЛАВА ТРЕТА

## СТОПАНСКИ РАЗВОЈ НА ПРИЛЕПСКА ОКОЛИЈА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈАНА 1945 – 1953

### 3.1. Промени и поопштествување на сопственоста на земјата во Прилепската околија

Прилепската околија веднаш по завршувањето на Втората светска војна и протерувањето на фашистичките окупатори ги имала сите белези на заостанато стопанско подрачје, неповолна структура на стопанисување на населението, со изразито екстензивно земјоделство како водечка гранка и со целосно неразвиена индустрија. Сето тоа требало да се надмине. Пред населението се поставиле прашања за брза организација и нормализирање на животот во Прилепската околија. Морало брзо да се обнови она што било разрушено и да се создадат основни елементи за побрз стопански развој. Во овој период пред органите на Народната власт се поставило прашањето за брза радикална промена во стопанството и радикална промена во имотно-сопственичките односи. Радикалните промени што биле наметнати во Прилепската околија предизвикале големо незадоволство кај одреден број од населението, а од друга страна биле задоволени барањата на населението кое зело масовно учество во НОВ и ПОМ, а со тоа се задржале и основните придобивки од времето на Народноослободителната војна на Македонија.

Промените што настанале во периодот од 1945 - 1953 година и што биле под наша опсервација претставува време со различни појави и процеси во сите сфери на животот, почнувајќи од аграрните процеси, национализацијата, колективизацијата на општествените случувања во државата што нашле конкретизација и во Прилепската околија. Сите овие промени биле опфатени со законски нормативни акти и тоа со Законот за конфискација, потоа Законот за аграрна реформа и колонизација. Сите овие промени нашле и своја содржина во Уставот на Југославија од 1946 година, и Уставот на Македонија донесен во декември 1946 година, кој нашол своја приемна од јануари 1947 година.

Прилепската околија била исклучително земјоделско подрачје и тука Законот за аграрна реформа и колонизација наидел на силен одраз. Промените што настанале во државата имале силен одраз и во Прилепската околија и тоа бил почеток на еден нов историски развиток, како во стопанството така и во

општествено-политички и културен поглед во ова подрачје. Овој повоен период дал еден силен печат на ова подрачје. Од податоците што ги имаме на располагање и сопствените сознанија ќе можеме да направиме една достојна анализа за развојот на стопанството во Прилеп и Прилепско. Развојниот пат на стопанскиот развиток може да се согледа во две фази и тоа: Првата фаза е периодот од 1945 - 1946/47 година и Втората фаза е периодот од 1947 - 1953 година. Тоа е период на една повисока фаза од развојот на сопанството во Прилепската околија. Тоа е период на планска изградба на земјата која била блиска на развојниот пат на Советскиот Сојуз, применета на наши услови, кои се одразиле многу негативно врз населението, што оставило, црни точки во колективното паметење во Прилепската околија. Според документација со која располагаме во Прилепската околија во текот на Втората светска војна стопанството било уништено, а при повлекувањето на фашистичкиот окупатор и опљачкано, не бил оставен ниту еден објект не уништен неоштетен. Населението се нашло во тешка сиромаштија, која била наследна и пред почнувањето на Втората светска војна. Во почетокот на ослободувањето, во есента на 1944 година пред органите на власта се нашле најелементарни проблемите односно со прехрана на населението. Обезбедувањето на основните егзистенцијални потреби не можеле да се најдат, пред се од причини што се уште во соседството се водела војна. Морале органите на власта да се свртат на своите сопствени извори. Се применувале и најнепопуларните методи контрахирање на житото. Да се земе од она население кое го имало во сосема мали количини.

Во овој период биле преземени сериозни мерки за извршување на есенската и проелтната сеидба. Тука се гледал и излезот за прехрана на населението. Во тие тешки години на обнова на земјата не можело да се смета и за примена на некои агротехнички мерки за подобрување на приносите. Секако, тука во овој период било свртено вниманието за прибирање на тутунот, пред сé неговово сместување. Занаетчиството во градот било на многу ниско ниво биле развиени само оние занаети што биле основни за населението, ниту имало можност да се развиваат некои дополнителни занаети. Во овој период биле

оформени и повеќе занаетчиски коперации како што биле кооперациите на дрводелците “Илинден” “Трајко Бошкоски Тарцан и други.[68]

Периодот на изградбата, односно периодот на планската изградба, како што се нарекува е периодот од 1947 година, па сé до 1953 година. Тоа е период кога е донесен Законот за развој на народното стопанство или уште наречена “петолетката”[69] со цел да се изврши брза индустрализација, електрификација и планска изградба на државата. Но, во Прилепската околија, која како што наведовме била исклучително земјоделско подрачје немало поголеми зафати за индустрализација, за тоа може да се зборува во друг период, што следува подоцна, а не за овој период што ние го разгледуваме. Во овој период имало брз развој на задругарството особено по 1947 година. Во овој период Задругите биле на основа на доброволност. Но, по Вториот пленум на ЦК на КПЈ била изведена насилната колективизација, преку Селските работни задруги, како најосновни типови за колективна обработка на земјата. Во прилепската околија биле создадени преку 87 СРЗ, скоро во секое село, а во поголемите населени места и по две. [70]

### 3.2. Поопштествување на сопственоста на земјата и развојот на земјоделското производство

По завршувањето на Втората светска војана во Македонија се создале услови за промена во производно-сопственички односи. Со донесувањето на нормативните акти за национализација на средствата за производство во индустријата, трговијата, одземањето на приватната сопственост, а со тоа биле ликвидирани големо- сопственичките односи. Тоа било така во областа на индустријата, трговијата, а додека во областа на земјоделството имало сосема друга поставеност и имало други правци на разрешување. Прилепската околија била земјоделско подрачје. Индустриски капацитети немало. Постоеле одделни занаетчиски работилници со мал број вработени. Населението се занимавало

---

[68] АМ-Подрачно одделение-Прилеп фонд; Околиски задружен сојуз-Прилеп 1945-1953...К-1, незаведена.
[69] Лазар Лазаров; Петгодишниот план и неговото суштинско значење за преминот кон планско стопанисување во Македонија, Историја 1975, стр.127.
[70] Законот за петгодишен план за развитокот на народното стопанство НРМ 1947-1951 в. Н. Македонија 1947.

претежно со земјоделство. Постоела поголема потреба од земја. Таа била во рацете на големопоседниците и не била достапна за населението. Проблемот со земјата постоел од Кралска Југославија. Тогаш била донесена и аграрна реформа и колонизација, но таа била половично спроведена. Во Прилепската околија, воопшто, и не била спроведена. Туку била зафатена само колонизацијата. Во Прилеп и Прилепско биле создадени повеќе села со колонисти и тоа во селото Александрово, денешно Славеј, потоа Петрово, денешно Мирче Ацев /иселено/ Карагорѓево, денеска непостои, Лагово и Милошево. Во овие села биле населени колонисти од Лика, Банија, сé со цел да можат да ја спроведат денационализацијата на македонскиот народ.[71]

Таква била основната цел на режимската власт во Кралството Југославија. Создавањето на вакви јадра за асимилација на македонското население создало голем револт кај месното население и одбивност према доселениците. Но, кога се видело дека и тоа население е изманипулирано од страна на власта, дека Македонија е цветна градина и дека брзо ќе можат да се обогатат, односите се измениле.

По завршувањето на Втората светска војна и протерувањето на фашистичките окупатори од Македонија, пред органите на Народна власт се создале услови за корекција на имотно-правно сопственичките односи во сите домени на животот, па и корекција на земјишните поседи и реализирање на придобивките од НОВ за промена на сопственичките односи. Треба да се истакне дека во Прилеп и Прилепско имало голема заинтересираност за земја и затоа нормативните акти донесени во однос на промената на имотно-правните односи и донесувањето на Законот за аграрна реформа и колонизација во Прилеп и Прилепско со големо воодушевување бил прифатен и со тоа се сметало дека ќе се задоволи вековната неправда. Чувствувајќи ги овие потреби Президиумот на АСНОМ донесува одлука за формирање на Одделение за аграргна реформа при поверенството за Народното стопанство на Македонија со референт, а за референт бил назначен Јордан Блажески.[72]

---

[71] Прилеп и Прилепско низ историјата..цф..стр.127.
[72] Зборник на документи АСНОМ 1944-1945 Скопје 1964, стр.521.

Но, овие почетни зафати добиле сосема нова форма во понатамошниот период во 1945 и 1946 година.

Законот за аграргна реформа и колонизација бил донесен на 23 август 1945 година и тоа веднаш по Законот за конфискација на имотите на соработниците на окупаторот.[73]

Со овие закони сликата на имоти - правните односи се изменила на целото подрачје на Прилепската околија.

Со спроведувањето на Законот за аграрна реформа и колонизација аграрната слика во Прилепската околија се изменила во корист на малкуимотното население. Со него биле формирани и крупни стопанства. Аграрната реформа дозволувала земјиштето на индивидуалните производители да биде во висина од 25 ха обработлива површина во житородните реони, односно до 35 ха во ридско-планинските реони. Овие законски акти преовладувале за време на обновата на земјата. Но, по насилната колективизација се наметнала потреба за изменување на максимумот што бил лимитиран со Законот за аграрната реформа и колонизацијата. Во почетокот на 1953 година бил донесен Законот за земјоделскиот земјишен фонд, општонародниот имот и поделбата на земјата на земјоделските организации.[74] со кој аграрниот максимум бил сведен на 10 ха обработлива површина. Со ваквиот ограничен максимум се сметало дека немало услови за ангажирање на туѓа работна рака. Но, согледувајќи ја практичната потреба, ваквото распрскување на земјиштето довело да се запоставуваат агротехничките примени при обработката на земјата. Оваа примена на ограничување на земјишниот фонд се чувствува и денеска во Прилеп и Прилепско. Меѓутоа, од тие погрешни чекори на тогашната власт не се извлечени поучни искуства. Туку денеска се оди на тоа уште повеќе да се раситнува земјиштето, а со тоа се намалува можноста да се применат сите современи агротехнички методи. Сите чекори за арондација, комасација да се окрупни земјиштето биле напуштени. Но светските искуства во поглед на земјоделството зборуваат на окрупнување и примена на најсовремени агротехнички методи и да се добијат светски приноси и тука кај нас.

---

[73] Законот за аграрна реформа и колонизација бил донесен на 23 август 1945 година Сл. весник ФНРЈ 1945.

Со аграрната реформа бил ограничен индивидуалниот сектор. Власта вложувала големи напори да го вклучи во општественото здружување и на тој начин настојувала да го реализира стратегискиот правец преобразба на селото и развивање на социјализмот на село. Силната жед за земја во Прилепската околија се чувствувала за цело време на административно-централистичкиот период и тоа сѐ до 1957 година, кога се намалил интересот за земја.

Спроведувањето на аграрната реформа исто започнала во почетокот на 1946 година со силен интензитет, допрела до сите Месни народносолободителни одобри.

При самиот Околиски народноослободителен одбор била создадена Комисија за аграрна реформа со задача да ја следи состојбата при извршувањето на овој закон. Вакви аграрни комисии биле создадени при секој Општински центар. Месните народни одбори имале создадено свои комисии за спроведување на аграрната реформа. Под ударот на аграрната реформа биле зафатени имотните луѓе, голем број големопоседници, манастирската земја, која ја имало во поголем посед.

Според Законот за конфискација на поголем број Прилепчани им бил конфискуван имотот, особено на оние кои биле соработници на окупаторот, како воени печалбари и тоа: Трајко Мргески, му биле конфискувани 210.000 денари и другиот имот, Милан Зојче, потоа Петре Ачкоски, Тоде Вандески, Трајко Неделкоски, Димко Николоски, Милан Хронески, Тоде Рочески му бил конфискуван имот во вредност од 2.560,500 денари.[75]

Пред да биде спроведена аграрната реформа биле вршени јавни расправи скоро во секое село, им била објаснувана улогата на аграрната реформа, што и кој е под удар на неа. Во Прилеп била една таква расправа одржана во просториите на Занатскиот дом.[76]

На расправата биле присутни поголем број прилепчани кои имале големи имоти и поседи и тоа: Ицко Стевананџија, со земјишен посед од 217 ха. Неговиот имот се наоѓал во околината на Прилеп. Потоа тука бил Рампо и Димче Карески,

---

[74] Законот бил донесен на 26.3.1953 година, Сл. лист на ФНРЈ 1953.
[75] в. Нова Македонија, год. 3, 359..1946 година.
[76] Исто ...цф..23, февруари 1946.

со 300 ха земја, потоа Рампо Упалески, неговиот земјишен посед бил во селото Браилово. Под удар на аграрната реформа се нашло на семејството Башевци, која имала голем посед во Варош, потоа семејството Капковци, тие имале голем посед во село Дабјани, потоа семејството Тодорчевци, нивниот имот се наоѓал Југозападно од Прилеп према Мало Коњари. Меѓу поголемите земјопоседници во Прилепската околија биле Небреклиовци, кои имале голема површина во с. Коњари, Кадино Село, потоа семејството Саботковци, Бомболовци кои имале голема земјишна површина во с. Врбјани и други поситни земјопоседници. Секако, овде ќе го наведам големопоседникот Војче Трбиќ, кој имал голем земјишен фонд на земја во Браилово. Скоро во секое село имало поголеми фамилии кои имале поголемо земјиште предвидено со аграрната реформа.

Според расположивата документација што ја има на располагање може да се види дека одземената земја од големопоседниците била давана на заинтересираните луѓе, како аграрни интересенти. Аграрните комисии воделе сметка на кои луѓе им давале земја. Обично тоа биле луѓе кои немале доволно земја. За време на доделувањето, односно одземањето на змјиштето од големопоседництите настанала вистинска еуфорија на радост. Тие радости биле пропратени со големи манифестации. Таква радост кај населението настнало во селото Сенокос, при одземањето на земјата и при нејзиното доделување. Радоста траела сé до доцните часоци во ноќите. Исто така во извештаите се наведува и за радоста на варошани при одземањето на земјата на Башевци, и нејзината поделба на аграрните интересенти за земја. Оваа веселба настанала во дворот на Башевци и бил собран цел Варош, а биле повикани и музиканти. Имало и такви работи што морало да се интервенира од страна на редарите на безбедноста.[77]

Според расположливите документи во Прилепската околија била поделена земја на 278 семејства, со вкупно 638 хектари. Поделбата била на секое семејство да им се даде земја најмногу до 7 ха. Во Прилепската околија од земјишниот фонд останале околу 2500 хари и оваа земја послужила за внатрешна колонизација. За таа намена се предвидувала 1400 хектари. Оваа внатрешна колонизација била пред сé од посиромашни околии и пренесувани во

[77] АМ-Подрачно одделение - Прилеп Фонд; Околиски НО..К-1.

околии кои имале повеќе земја. Таков бил случајот со Прилепската околија. Во оваа колонизација најчесто биле преселувани луѓе од Дебарца. Тој бил по пасивен крај и опустошен од фашистичките окупатори и нивните балистички соработници. Таква населба било селото Лагово, уште е познато како Ново Лагово. Потоа, селото Славеј тука се доселиле поголем број семејства и тие добиле земја и станале нивна сопственост со останата земја од Општествениот фонд и според Законот за аграрна реформа се предвидувало да се создаде поголемо народно стопанство или како што било наречено угледно стопанство, каде биле применувани најсовремените агротехнички средства. Едно од поголемите стопанства било стопанството Кузман Јосифоски - Питу од с. Славеј. Тоа стопанство имало поголема површина и зафаќало голем простор и навлегувало во атарот на поголем број села и тоа: Мало и Големо Коњари, Славеј, Врбјани, Кадино Село, Боротино, Рувци, Крушеани, Заполжани, Ново Селани и др.

Земјоделско стопанство имало и во с. Беровци, кое располагало со 100 хектари обработлива површина. Земјиштето претежно било засеано со пченица, јачмен, 'рж и други култури. На ова земјоделско стопанство се одгледувала и живина.

Земјоделско стопанство имало и во с. Белополе, со обработлива површина од 150 хектари земја и ливади. Таму била застапена повеќе пченицата и другите житни култури.

Земјоделското стопанство во Боротино, располагало со површина од 200 хектари земја. На неа биле застапени претежно житни култури.

Земјоделското стопанство во Загорани, имало 150 хектари обработлива земја.

Земјоделско стопанство имало и во Обршани, со површина од 50 хектари обработлива земја. Покрај застапените житни култури имало и градинарски култури.

Земјоделското стопанство во селото Мажучиште, имало преку 60 хектари земја. Ова стопанство располагало и со сточарство. Вакви Земјоделски стопанства имало во селото Бучин, со земја од 70 Хектари и перспективен рибник. Потоа, имало земјоделско стопанство во селото Тополчани, Зрзе, Десово.

Секако дека ќе го наведам и земјоделското стопанство во селото Бешиште кое работело попродуктивно. Тука, претежно било свртено вниманието во развојот на сточарство, зашто овој реон бил најпогоден за одледување на стока, особено на овцата.

Под ударот на аграрната реформа биле поголем број семејства. Ние во темава ќе ги наведеме Капковци, одземена земја од 368 х-ри. ~~Во селото Врбјани, Бомболоци со 70 ха, Коста Думбалоски во Бело Поле имал преку 300 ха~~. Во селото Врбјани, Бомболоци со 70 ха, Коста Думбалоски во Бело Поле имал преку 300 ха. Во селото Мажучиште Живко Ношпал имал земја 270 ха. Во село Вранче земја имал Бранко Брујоски, со 150 ха, во селото Средорек земја имал Рампо Славески, со 23 230 ха, Антина Петреска, 30 ха. Во селото Дабјани земја имал со околу 50 ха Михајло Петрески. Оваа земја била одземена со Законот за аграрна реформа и била доделена на интересентите од селата што се горе напоменати, а останата земја влегла во општествениот фонд и од неа била дадена на земјоделските стопанства што ги напоменав.[78]

Во Прилепската околија резултатите од Законот за аграрна реформа бил пред сѐ санкционирање на големопоседниците, одземање на земјата и доделлување на земја на малкуимотните, но сепак со тоа не се задоволил гладот за земја. Тоа, всушност, била и одлика за цела Македонија.

Со Законот за аграрна реформа и колонизација во Прилепската околија, главно, се успеало да се заокружи земјоделскиот посед, да се ликвидира големопоседништвото, да се исклучат луѓето од рентиерството од луѓето кои не се занимавале со земја односно обработка со земјата. Се создале угледни стопанства кои требало да одиграат позитивна улога. Со овој Закон за аграрна реофрма се изменила сликата во Прилепската околија на имотно-правните односи.

---

[78] Исто..цф..Анализа...К-3.

### 3.3. Формирање, организација и развој на земјоделските задруги 1945 - 1953 година

На подрачјето на Прилепската околија немало некоја поголема традиција за организација на работење на земјоделските задруги. За времето на Кралството Југославија не постоел некој поразвиен систем на земјоделски задруги или друг вид задруги. Во Прилепската околија тогаш постоеле само неколку задруги од типот на набавно продажен карактер. Постојниот режим не бил заинтересиран да има развиено задругарство во Прилепската околија, како тоа што го направил со аграрната реформа, така и со задругарството режимот бил заинтересиран само толку колку да може да ги држи луѓето во потчинетост, и да ја врши својата систематска асимилација во Прилеп и Прилепско.

Меѓутоа, за време на Втората светска војана положбата, воопшто не се подобрила и во задругарството туку напротив се влошила. Во Прилеп за време на фашистичката окупација постоело Општо занаетчиско здружение, во кого влегувале сите занаетчии полузанаетчии, Исто така постоела и работела Занаетчиска кооперација, за општи набавки "Победа" - Прилеп. Кооперацијата вршела набавка на потребните суровини и материјали за своите членови. Таа служела и како место за штедни влогови. Кооперацијата имала Управен совет од 9 члена, потоа контролен совет од 6 члена и касиер - сметководител. Во Прилеп покрај општото занаетчиство, постоело и трговско здружение и сите тие влегувале во Бугарскиот задружен сојуз. Сите овие задруги работеле многу тешко и биле на работ од своето постоење. Преку Бугарскиот задружен сојуз и преку овие формирани задруги била вршена системна експлоатација на населението во Прилепската околија и во целост ја реализирала својата ограбувачка политика.

По ослободувањето на земјата и протерувањето на фашистичките окупатори биле создадени услови за спроведување на радикални промени во општественото живеење, за создавање услови за побрз развој на стопанскиот живот во Прилеп и Прилепско. Создавањето на кооперациите-задругите биле најдобра форма да се здружуваат луѓето да можат да ја пребродат сиромаштијата и да се одбранат од разни шпекулативни дејствувања, во време

кога сé уште немало доволно правни и државни акти да се спречат некои такви непријателски дејствувања.

Веднаш по ослбодувањето во Прилепската околија, по инцијатива на одредени ентузијасти започнало да се создава кооперативната мрежа. Во овие кооперации луѓето заеднички ја обработувале земјата и за полесно да се организираат во борбата против криминалот.

Една од постарите кооперации - задруги била во селото Подмол-Прилепска околија. Таа била формирана по иницијатива на учителот Миле Каранфилоски. Во кооперацијата биле зачленети сите луѓе од селото. Ваков вид на кооперации биле создадени и во другите села. Забрзан развој, овие кооперации, имале по донесувањето на Законот за аграрна реформа и колонизација. Според еден извештај од Околискиот НОО, сочуван во Архивот на Македонија - Подрачно одделение - Прилеп стои дека до 19 јануари 1945 година биле создадени 40-кооперации. Овие кооперации претежно биле од набавно-продажен карактер. Наспроти друг податок, во кој се вели дека во текот на 1945 година се создадени 93 кооперации, кои биле набавно-продажни. Споредбено овие два извештаи ни даваат една бројка што е многу различна. Но, сметам дека, сепак, бројката е помала, во смисла што овие кооперации биле и задруги каде што луѓето заеднички ја обработувале земјата. Но, ако овие кооперации биле само како продавници можеле да бидат во толкав број.

Највисокиот орган на македонската држава АСНОМ, согледувајќи ја положбата во стопанството и во другите области презела низа соодветни акти за подобрување на положбата во стопанството. АСНОМ, пристапила кон преземање на мерки за заживување и обнова на дејноста на задругите во Македонија, како и регулирање, на нивната дејност. За формирањето на нови кооперации и за нивно организирано работење Президиумот на АСНОМ на својата седница од 23.01.1945 година формирало Привремена комисија за кооперативно дело на ДФМ, а подоцна таа била реорганизирана и била формирана како Комисија за кооперативно дело. За поорганизирано формирање и работа на кооперациите-задругите Привремената комисија за кооперативно дело издала Повелба од 17 точки, според која сите кооперации формирани на 9.09.1945 година биле должни

да достават до Комисијата биланс за нивното работење заклучно со 31.12.1944 година, како и опширен извештај. За оние задруги-кооперации кои биле формирани по 9.09.1944 години, должни биле да достават препис на записникот на основачкото собрание. Привремената комисија за кооперативно дело го ликвидирала Општиот сојуз на бугарскииот земјоделски кооперативен клан-Скопје, а со посебен акт целокупниот имот на Сојузот бил предаден на 10.04.1945 година на Македонскиот централен кооперативен сојуз. Овој Сојуз и дејствија /МЦКС/ кратко време сѐ до 4.07.1945 година, а нејзините активности потоа ги презел Главниот задружен сојуз на НРМ, кој постоел сѐ до 1953 година.

Во координација со повисоките државни органи во Прилепската околија органите на власта забрзано започнале да создаваат нови кооперации, и со такво забрзано темпо била целата 1945 година. Типовите на кооперациите биле набавно-продажни задруги.

Главниот задружен сојуз до средината на летото на 1945 година ја имала координативната активност. Но подоцна таа активност се пренесувала на Министерстовото за земјоделство и шумарство на НРМ.

Главниот задружен сојуз постоел формално сѐ до 1953 година кога бил и ликвидиран. Со извршената реорганизација, целата дејност преминала на Министерството за земјоделство и шумарство и на ресорните министерства.

По директива на Партијата, Главниот задружен сојуз кој до летото на 1947 година ги опфаќал сите видови задруги, но потоа почнале да се делат во зависност од типот на задругата и имало повеќе Сојузи. Сојуз на набавно-продажните задруги, Сојуз на занаетчиите, Сојуз на селските работни задруги. Постоењето на овие Сојузи го условувало и постоењето на главниот задружен сојуз, кој како што споменав постоел сѐ до 1948 година, а ликвидационата постапка настанала во 1953 година.

Во трудов ќе се задржам на формирањето на набавно-продажните кооперации, кои некаде биле нарекувани и задруги, и служеле за обнова во оние места каде што ги имало. Некаде во Прилепската околија овие задруги постоеја и по ослободувањето на земјата и работеле во онаа форма какви што биле за време на Народноослободителната војна. Партиските и органите на Народната власт ги

имале прифатено овој тип на задруги и сметале дека тие се најблиски на Програмата на власта, дека може позабрзано да се дојде до социјалистичка преобразба на селото и на населението во Прилепската околија. Всушност, тоа била само поддршка на повисоките партиски и државни органи на власт од Државата.

Во Прилепската околија спред еден извештај, биле формирани или продолжиле со работа следниве кооперации во следниве села:

1. Во с. Витолиште имало 3 кооперации и биле формирани во месец октомври 1944 година.

2. На 7.11.1944 година во селото Големо Коњари имало формирано кооперација и таа многу успешно работела.

3. Во Тројачката општина имало само една кооперација и таа била формирана уште во 1936 година, а по ослободувањето ја продолжила работата и активност. Во оваа коперација влегувале сите луѓе во селото.

Во селото Дуње имало формирано кооперација во октомври 1944 година.

Во селото Бешиште имало една од најстарите кооперации во Прилепската околија. Таа била именувана со името "Победа". Оваа задруга била формирана уште во 1942 година, а била обновена, односно продолжила со работа во 1944 година. Во задругата членувале околу 166 домаќинства, а не членувале само 20 домаќинства. Кооперацијата имала своја Управа. Претседател на Управниот одбор бил Стојан Столев, членови на Управниот одбор биле: Петко Попов, Тоде Зрлев.

Во текот на 1945 година биле формриани следниве задруги:

*1. Во Беровци, била именувана "Орач"*

*Кадино Село "Мирче Ацев"*

*Тополчани "Нов Живот"*

*Ореовец "Успех"*

*Рилево "Маршал Тито"*

*Костинци "Нова Македонија"*

*Мажучиште "Први Мај"*

*Дреновци "Маршал Жјуков"*

*Ропотово "Ѓорче Петров"*

Ваквиот забрзан развој на задругите во селата и во градот продолжил и во наредните години. Според извештаите на Прилепскиот околиски Народен одбор во Прилеп имало формирано 104 кооперации. Уште од почетокот на нивното формирање и во понатамошната активност се појавиле низа слабости, пред сé од организационен карактер. Тие слабости биле од објективна и субјективна природа. Пред сé населението сé уште имало строги традиционални сфаќања, пред сé од задругата да извлечат сé што му е потребно, но, не биле спремни и да дадат за задругата. Задругите немале оспособен кадар, особено книговодители. Тоа било и една од најголемите пречки за побрз развој на задругарството. За таа цел органите на власта преземале најразлични методи да се оспособи кадар за водење на задругите. Биле организирани повеќе курсеви за оспособување на задружниот кадар.

Во текот на работењето на кооперациите се појавиле низа слабости. Пред сé стоката не била добро заштитена, а тоа се должело на немање оспособени магацинери. Често се случувало стоката да се расипи. Во некои случаи се издавала новопристигнатата стока, а постарата се оставала, со тоа се овозможувало таа да се расипи.

Во периодот на обновата на земјата, овој вид задруги се задржал сé до 1947 година, кога бил донесен и Првиот петгодишен план за развој на народното стопанство. По овој период задругите добиле нова форма на дејствување. Основана карактеристика за овој тип задруги, и за овој период било што населението не било принудено да влегува во нив, но бил запазен принципот на доброволност, ако гледа дека има подобри перспективи во задругата можел да влезе со целото негово семејство. Но, често населението од Прилепската околија не по своја желба во задругата и не лесно се одвојувало од своето традиционално живеење. Во тоа време, било тешко да се сфати новиот начин на живеење. Од друга страна, пак, органите на Партијата и на Народната власт можеле да ја спроведат својата зацртана програма за социјалистичка преобразба на селото и на целокупниот начин на живеење.

### 3.4. Основни карактеристики на земјоделските задруги 1947-1953

Селските работни задруги во Прилепската околија имале брз и специфичен развиток. Веднаш по Втората светска војна тие биле самоникната појава, а најчесто по иницијатива на одделни личности /учители, одделни активности/. Тие биле мали и сиромашни само во одделно село, а најчесто биле од трговска дејност. Но, во почетокот на 1947 година веќе бил променет методот на работа. Тие биле во согласност со Законот, со донесениот Петгодишен план за развој на народното стопанство и истиот нашол примена и во Прилепската околија. Создавањето на СРЗ претставува повисока форма - етапа во работата на Задругите и задругарството.

Со донесувањето на првиот Устав на НРМ /декември 1946 година, но неговата примена била јануари 1947 година и воведувањето на Петгодишниот план за развој на народното стопанство во 1947 година државниот и задружниот сектор добил нова улога и сé позначајно место во аграрниот развој во Прилепската околија. Во овој период органите на Партијата и Народната власт настојувале да развијат единствен тип задруги. Во тие години, на почетокот на планската изградба на земјата се наметнал и проблемот и потребата од окрупнување на расцепканото земјиште. По извршената аграрна реформа и распарчувањето на земјата на аграрните интересенти, малку имотните луѓе, не можеле да го планираат земјоделството од причини што постоеле голем број семејства, кои не можеле да го спроведат планираното во земјоделството.

За време на обновата на земјата се исполниле сите предуслови, пред сé носење на нормативни акти со цел да се остварат сите можности во земјата да може да се планира и да има планско производство. Тоа била онаа прва фаза на изградба на земјата. Но, во втората фаза од изградбата имало планска обнова и изградба, а тоа било во интерес на државата.

Во почетокот на 1947 година во Прилепската околија се формирале Селски работни задруги како повисок тип на земјоделските задруги и тоа: Ропотово, с. Мажучиште, Крушејца и Полчиште. Формирањето на СРЗ во овој период било на доброволна основа. Во СРЗ бил внесуван жив и мртов инвентар. Во почетокот

во овие СРЗ биле внесени 876 ха обработлива земја и 53 ха обработлива земја или вкупно 939 ха со 11521 член. Внесен бил и добиток од 497 грла и друг поситен добиток од 3368 грла. Овие СРЗ, според планот, требало да бидат угледни стопанства, каде земјата ќе се обработува на колективен начин и каде ќе се применуваат најсовремени агротехнички мерки и средства. Овој развоен процес на СРЗ продолжил и во наредната 1948 година. Во оваа година во Прилепската околија се формирале 16 СРЗ или во 1947 и 1948 година вкупно биле формирани 20 СРЗ. Во овие СРЗ имало 675 домаќинства, со 3.929 членови обработлива земја имало 3.413 и необработлива земја 74 ха, или вкупно 3.497 ха. Влезот во СРЗ и понатаму бил врз доброволна основа. Задругите биле формирани врз земјиштето што го внесувале самите задругари. На земјата што била создадена со аграрната реформа биле создавани народни стопанства.

Ноформираните СРЗ биле замислени добро да функционираат и да даваат добри резултати и со тоа требало да го привлечат вниманието на другото население и тоа да влезе во задругите, а со тоа да се исполни планот на Партијата. Во почетокот членови на овие СРЗ биле сиромашни луѓе, оние кои немале своја сопствена земја. Власта преку овие СРЗ настојувала да ја изврши социјалистичката преобразба на селото.

Селските работни задруги во Прилепската околија во 1947 и 1948 година не се развивале со онакво темпо како што го очекувала Партијата и Власта. За тоа имало голем број причини, пред сѐ населението не можело да се откаже од својата сопственост на малото парче земја што го имало во свои раце низ вековите. Таа сопственост била силно традиционално поврзано. Со предвидениот Петгодишен план овие СРЗ и членувањето во нив се предвидувало да биде само за пет години, од 1947 година, па сѐ до 1952 година. Но, севкупните општествени односи, како на општествено-политички и економски план нametнале нови развојни процеси и други развојни методи, па и самата програма за работа на СРЗ била изменета и вклопена во општата колективизација на севкупното живеење во земјата и тоа во сите сфери, па и во самото земјоделство.

## 3.5. Колективизацијата и нејзиниот одраз во Прилепска околија 1949-1950 год.

Во развојот на стопанството, па и во другите сфери на живеење населението во Прилеп и Прилепско во периодот од 1949 година, па сé до почетокот на 1953 година доживеало најтрагични денови од неговото слободно живеење. Овој период претставува меѓа во развојот на стопанството, кога пред тоа се користеле своите искуства и принципот на доброволност, тоа се напушта и се впливувало во водите на политиката на Советскиот Сојуз и во целост била прифатена политиката на разјаснување на Информбирото, дека се води лоша аграрна политика и не се води доследна социјалистичка преобразба на селото. Во контекст на тоа, политиката на ЦК на КПЈ на Вториот пленум зазема една остра политика кон силна национализација и колективизација, според теркот на Советскиот Сојуз. Новиот правец на колективизација бил преку Селските работни задруги и насилно вовлекување на луѓето во нив.

Во Прилепската околија оваа Резолуција и на Вториот пленум на ЦК на КПЈ во сите средина била разработена и биле анагажирани сите органи на власта и Партијата сите масовни организации и политички организации. Таа била разработена во сите села на Прилепската околија. Тоа може да се види од извештаите на Околискиот народен одбор и на Околискиот комитет на КПМ.[79]

Врз Одлуките на Вториот пленум на ЦК на КПЈ во Македонија била формирана Комисија за село при ЦК на КПМ, а аналогно на тоа биле формирани вакви комисии и во пониските органи и тоа во Околиските комитети на КПМ.

При Околискиот комитет на КПМ за Прилеп и Прилепско, односно за Прилепската околија била формирана Комисија за село. Таа била формирана во март 1949 година во состав:

1. *Димоски Стеван секретар*
2. *Стојан Силјан*
3. *Борко Крстески*
4. *Ристо Бунтески*

[79] Исто..цф...Извештај К-3.

Оваа Комисија за село имала за задача будно да ја следи целокупната ситуација на колективизацијата, правилното спроведување на линијата на Партијата на село, а во прв ред да следи како се спроведуваат одлуките на Вториот пленум на ЦК на КПЈ, за социјалистичка преобразба на селото, како да му се помогне на државните и на задружните органи за реконструкција на земјоделството и на задругарството.

Во Околискиот комитет на КПМ за Прилепската околија на 25.03.1949 година пристигнува циркуларно писмо од ЦК и КПМ во кое се подвлекувале задачите на Комисијата за село, пред сé, како да се спроведува колективизацијата и колективната обработка на земјата, како да се формираат СРЗ и како да се реорганизираат универзалните земјоделски задруги.

Органите на Партијата и власта во Прилепската околија тргнале во фронтална борба за остварување на овие поставени задачи од повисоките органи, во остварувањето на Резолуциите на ЦК на КПЈ и ЦК на КПМ. Според досега малку зачуваните документи можат да се забележат и најтрагични зафати врз својот сопствен народ за присилно влегување во СРЗ. За овие трагични настани од овој период има голем број свидетели кои сведочат за насилната колективизација.

Само неколку месеци по објавувањето на Резолуцијата од Вториот пленум на ЦК на КПЈ во Прилепската околија се формирале 21 Селска работна задруга, што значи со оние 29 од претходната година биле оформиле 51 СРЗ. Овие СРЗ опфаќале 2.554 домаќинства со 14.83 членови, обработлива земја 17.108 ха, необработлива земја 7.953 или вкупно земја 25.063 ха и вработен добиток 4.913 грла. Следејќи ја динамиката на формирање и развој на СРЗ до крајот на 1949 година се формирале уште 31 СРЗ што значи вкупно 62 СРЗ, со вкупно 5.331 домаќинство, со 36.533 членови, од нив работно способни мажи 10.515, жени 10.381 обработлива земја 33.876 необработлива земја 10.397 ха или вкупно земја 48.973 ха. Ваквиот брз развој и формирање на СРЗ довел до тоа да се формира СРЗ во секое село. Акцентот на формирањето на СРЗ и колективизацијата била вршена во плодното пелагониско поле, а во планинските села било побавно. Но, овде ќе го наведам и податокот, дека во селата каде што живеело турско и албанско население не се спроведувала колективизацијата, ниту пак создавањето

на СРЗ, тоа било правено нешто подоцна. За ваквата ситуација ни зборуваат и следните податоци: Во селото Десово, иако броело преку 244 домаќинства не се формирала СРЗ, Лажани 185 домаќинства, Пешталево 84 домаќинства не се формирале задруги, Црнилиште 149 домаќинства, Дебреште 382, Пресил 98, Годивље 39, Зрзе 99, Ново Лагово 30, Славеј 20. Исто така, немало формирано СРЗ, а било во план да се формираат во селата од Мариовскиот крај и тоа Присад, Вепрчани, Буѓаково, Дрен, Смолани, Крстец и др.

Според податоците што ги располагаме, во 1950 година се продолжило со формирање на СРЗ и според списокот бр.5.167.8. 99/89 се формирале 87 СРЗ.[80]

Табела 3

| Ред. бр. | Село каде е СРЗ | Бр. на домаќинства во селото | Бр. на домаќинства во СРЗ | Бр. на домаќинства надвор од СРЗ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Ропотово | 132 | 123 | 9 |
| 2. | Мажучиште | 79 | 70 | 9 |
| 3. | Крушеани | 92 | 92 | - |
| 4. | Тополчани | 105 | 97 | 8 |
| 5. | Заполжани | 62 | 57 | 5 |
| 6. | М. Коњари | 96 | 90 | 4 |
| 7. | Г. Коњари | 118 | 112 | 6 |
| 8. | Кривогаштани | 251 | 249 | 2 |
| 9. | Кадино Село | 75 | 72 | 2 |
| 10. | Турско | 34 | 33 | 1 |
| 11. | Обршани | 135 | 135 | - |
| 12. | Локвени | 24 | 22 | 2 |
| 13. | Долнени | 120 | 114 | 6 |
| 14. | Полчиште | 158 | 155 | 3 |
| 15. | Крушејца | 85 | 69 | 16 |
| 16. | Врбјани | 62 | 62 | - |
| 17. | Кореница | 24 | 24 | - |
| 18. | Бешиште | 181 | 181 | - |
| 19. | Никодин | 93 | 93 | - |
| 20. | Тројкрсти | 28 | 28 | - |
| 21. | Боротино | 43 | 43 | - |
| 22. | Веселчани | 38 | 37 | 1 |

[80] Исто...цф., Извештај за СРЗ К-10.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 23. | Загорани | 55 | 53 | 2 |
| 24. | Чаниште | 90 | 92 | 8 |
| 25. | Клепач | 51 | 51 | - |
| 26. | Ерековци | 140 | 22 | 110 |
| 27. | Ракле | 55 | 55 | - |
| 28. | Секирци | 85 | 83 | 3 |
| 29. | Пештани | 41 | 41 | - |
| 30. | Дуње | 116 | 111 | 5 |
| 31. | Слепче | 110 | 107 | 3 |
| 32. | Гостиражни | 68 | 68 | - |
| 33. | Алинци | 47 | 45 | 2 |
| 34. | Г. Радобил | 82 | 80 | 2 |
| 35. | М. Радобил | 25 | 20 | 5 |
| 36. | Браилово | 84 | 84 | - |
| 37. | Сенокос | 55 | 54 | 1 |
| 38. | Витолиште | 195 | 192 | 3 |
| 39. | Чумово | 32 | 31 | 1 |
| 40. | Волково | 23 | 23 | - |
| 41. | Беловодица | 87 | 87 | - |
| 42. | Долгаец | 85 | 85 | - |
| 43. | Маргари | 50 | 50 | - |
| 44. | Врпско | 27 | 27 | - |
| 45. | Живово | 49 | 49 | - |
| 46. | Манастир | 29 | 28 | 1 |
| 47. | Вранче | 87 | 86 | 1 |
| 48. | Стровија | 105 | 105 | - |
| 49. | Рилево | 130 | 98 | 32 |
| 50. | М. Рувци | 40 | 40 | - |
| 51. | Беровци | 38 | 38 | - |
| 52. | Плетвар | 75 | 75 | - |
| 53. | Сарандиново | 24 | 23 | 1 |
| 54. | Шелеверци | 20 | 14 | 6 |
| 55. | Средорек | 20 | 20 | - |
| 56. | Галичани | 34 | 34 | - |
| 57. | Лениште | 72 | 72 | - |
| 58. | Чипигово | 22 | 22 | - |
| 59. | Бело Поле | 49 | 48 | 1 |
| 60. | Врбоец | 50 | 47 | 3 |
| 61. | П. Рувци | 99 | 97 | 2 |
| 62. | Вoѓани | 67 | 63 | 4 |
| 63. | Бела Црква | 115 | 105 | 10 |
| 64. | Св. Митрани | 58 | 56 | 2 |
| 65. | Бучин | 125 | 114 | 11 |
| 66. | Новоселани | 34 | 30 | 4 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 67. | Кутлешево | 13 | 12 | 1 |
| 68. | Марул | 38 | 36 | 2 |
| 69. | Подмол | 59 | 58 | 1 |
| 70. | Лопатица | 41 | 38 | 3 |
| 71. | Канатларци | 341 | 42 | 299 |
| 72. | Штавица | 69 | 59 | 4 |
| 73. | Тројаци | 37 | 33 | 4 |
| 74. | Ореовец | 64 | 57 | 7 |
| 75. | Царевиќ | 39 | 39 | - |
| 76. | Прилепец | 30 | 17 | 13 |
| 77. | Топлица | 43 | 43 | - |
| 78. | Кокре | 41 | 40 | 1 |
| 79. | Кален | 43 | 42 | 1 |
| 80. | Бонче | 79 | 69 | 10 |
| 81. | Мраморани | 12 | 11 | 1 |
| 82. | Забрчани | 32 | 11 | 21 |
| 83. | Горносело | 46 | 32 | 14 |
| 84. | Дупјачани | 28 | 26 | 2 |
| 85. | Небрегово | 56 | 50 | 6 |
| 86. | Дреновци | 120 | 105 | 14 |
| 87. | Костинци | 54 | 18 | 36 |

Оваа табеларна прегледност ја дава Околискиот комитет на КПМ за Прилепската околија и тоа Комисијата за село. Овие податоци се дадени на 19.05.1950 година. Всушност, оваа е бројката на СРЗ во Прилепската околија. Тоа е максимумот и оттогаш се намалувала бројката и до почетокот на 1953 година биле ликвидирани СРЗ и биле основани нови Задруги по други основи.

Од гореизнесените податоци во табелата може да се заклучи, дека покрај суровите репресивни методи за насилна колективизација, голем број домаќинства останале надвор од колективите. Но, покрај тоа што овие домаќинства не влегле во колективот напорите да се создадат СРЗ во селата со друга националност, тоа одело многу тешко. Така, само во селото Канатларци со вкупно 341 домаќинство во СРЗ влегле само 42, останале голем број домаќинства кои не биле опфатени во задругата, се одело на свесно попуштање и кршење на Резолуцијата од Вториот пленум на ЦК на КПЈ.

Во текот на 1949 година секоја СРЗ била регистрирана во стопанскиот суд и секоја добила свое име. Во Прилеп и Прилепско СРЗ носеле имиња и тоа на

познати револуционери од нашата поблиска и подалечна историја. Претежно имињата биле од НОВ и ПОМ, како и од пошироката заедница.

Во Прилепската околија еуфоричната колективизација се намалила дури во крајот на 1950 година, а тоа било резултат на мерките што биле преземени и законските акти што биле донесени во 1950 година за децентрализација во стопанството и понепосредното вклучување на работниците во работата преку новоформираните совети во Управите. Во тие насоки зборувале и документите, донесените закони за работничко самоуправување и одржаниот Шести конгрес на ЦК на КПЈ и одвојувањето на државата и Партијата. По директива на ЦК на КПЈ била реформирана Комисијата за село при Околискиот комитет на КПМ за Прилепската околија, а тоа станало на 26.06.1950 година.

Во Прилепската околија постоело големо незадоволство од овие методи за спроведување на колективизацијата. Таа насилна политика била силно омразена кај одредени кругови од населението. Во 1950 година се почувствувала една сосема друга политичка опција и луѓето почнале да се изјаснуваат за излегување од СРЗ. Овој начин на излегување од СРЗ уште позасилено се почувствувал во 1951 година, кога и на многу задругари им истекнувал тригодишниот рок за членување на СРЗ. Појавите за излегување од СРЗ биле на два начина и тоа со поднесување на молби, и со отворено истапување да се расформираат задругите заради немање на економски услови.

Според информацијата за политичката положба во СРЗ во Прилепската околија, молби поднесени за излегување од СРЗ имало во следните села: Ропотово имало 25 молби, Мало Коњари имало 22 молби, Вранче 11, Долнени 75, Беловодица 44, Плетвар 17, Браилово 37, Заполжани 21, Кадино Село 4 Новоселани 11 Крушеани 10, Сенокос 44, Рилево 90, Бело Поле 20 или вкупно во Прилепската околија биле поднесени 461 молба.

Поднесените молби за излегување од колективите биле први молби до 29.07.1951 година. Во одделни села имало подготвено молби за излегување од СРЗ, но не биле доставени. Чекале да видат што ќе стане со овие молби што се

поднесени и со подносителите на молбите. Такви молби имало во селата: Живово, Полчиште, Дрен, Ореовец, Крушеани, Врбјани.[81]

Меѓутоа, партиските и органите на власта преземале најригорозни мерки против оние личности што барале да излезат од СРЗ. За брзото поднесување на молби за излегување од СРЗ придонесле и написите во в. Нова Македонија и в. Политика за тоа како може да се излезе од СРЗ.

Молбите за излегување од СРЗ биле поднесени точно во летниот период на 1951 година. Тоа е период кога се прибирала летнината и не можело да се размислува за расформирање на СРЗ. Од тие причини биле преземени најригорозни мерки против оние подносители на молби со кои барале излегување од СРЗ. Од овие причини, во текот на 1951 година не била разгледана ниту една молба. Но, излегувањето било одложено за кратко време. Во почетокот на 1952 година бил извршен нов притисок за излегување од СРЗ. Повторно биле поднесувани молби за излегување од СРЗ.

Во Прилепската околија оваа појава била силно изразена. Но, власта не преземала никакви мерки сѐ до донесувањето на Уредбата за имотните односи и реорганизацијата на СРЗ, од 28.03.1953 година, од која дел од нерентабилните СРЗ се распаднале, а голем дел се трансформирале во други задружни форми, кои биле соодветни на конкретните услови во Прилепската околија.

Со донесувањето на оваа уредба за реорганизација на СРЗ завршил еден од најтемните периоди од нашата историја. Тоа беше една погрешна политика сѐ со цел да се додворат до политиката на Советскиот Сојуз. Но, таа не одговарала на условите во Прилепската околија.

### 3.6. Односот на населението кон задругите-СРЗ и појавата на окуќницата

По ослободувањето на Прилеп и Прилепско се создале услови за брз развој на задругарството. Веднаш по завршувањето на Втората светска војна биле создадени Задруги, или уште познати како кооперации. Во нив во некои села

[81] Исто...цф Фонд, Околиски комитет на КПМ Прилеп К-12.

влегувале сите домаќинства кои колективно ја обработувале земјата. Во Прилеп биле создадени кооперации на разни занаетчиски гранки. Така била создадена дрводелската кооперација "Илинден", ковачко-браварската кооперација, Трајко Бошкоски-Тарцан. Потоа била создадена и земјоделска задруга во Варош Орде Чопела, а потоа и тутунска задруга за обработка на тутунот. Меѓутоа, населението тешко се одлучувало да влезе во задруга и заеднички да ја обработува земјата. Тоа било водено пред, сè од старите традицииονални односи и нивната поврзаност за сопственоста. Луѓето кон задругата гледале да добијат нешто, а не и да дадат и заеднички да ја обработуваат земјата. Во управите на задругите се правле проневери, некогаш несовесно, од незнаење, а некогаш свесно сè правеле разни малверзации. Магацините не биле средени, стоката не била сортирана од причини што немало кадар и често сè расипувала. Задружниот кадар бил слаб, немало книговодители. Сето тоа придонесувало да се нарушува угледот на задругата. Причините за ваквата состојба, партиските и државните органи ја барале во негативната дејност на "кулаците" и заради тоа доцнела и социјалистичката преобразба.

Според извештаите од Околискиот задружен сојуз-Прилеп 1947-1953 година се зборува за злоупотреба во работењето на Земјоделските задруги во Прилепската околија, а тие биле констатирани од ревизијата на Главниот задружен сојуз на НРМ и биле доставени пријави против повеќе лица од задругите. Кривични пријави за злоупотреба во кооперациите биле доставени до јавниот обвинител на Обласниот суд во Битола против:

Гоце Бимбилоски, главен касиер на набавно-продажната кооперација Ѓорче Петров од Ропотово. Злоупотреба во вредност од 5.968 дена бр.к 3670. Членови н Управниот одбор биле Темелко Михајлоски и Темелко Горгиески.

Ноне Аљакоски, земјоделска задруга набавно-продажна "Пелистер" с. Мало Коњари и магационер-касиер, злоупотребил 17.680 и поднесена кривична пријава.

Мурад Режденоски, магационер Зариф Керимоски, магационер во земјоделската задруга набавно-продажна "Маршал Тито" од село Пешталево во вредност од 16.660 денари.

Проневера била направена во земјоделската задруга во селото Браилово во вредност од 4.112.

Во земјоделската задруга во с. Бешиште била направена проневера од 17.162 динари. Вакви проневери биле направени во скоро сите земјоделски задруги во Прилепската околија. Тоа го утврдила тогашната ревизија на Главниот задружен сојуз.[82]

Од горе наведените податоци може да се заклучи дека биле направени проневери и од незнаење и сосема свесно.

По воведувањето на насилната колективизација и формирањето на канцелариски земјоделски задруги кај населението предизвикале отпор и огорченост од сите овие постапки на Партиските и државните органи. За отпорот што бил даван зборуваат и извештаите во Билтенот, орган на Околискиот сојуз на земјоделските задруги во Прилеп и Прилепско.

Во СРЗ влегле сите слоеви на населението и сиромашни и средни. Додека оние што имале поголем имот тие биле и најогорчени противници на задругарството.

Појави на отпор за давање на стоката имало во селата. Така, Алекса Богески од село Загорани не ги давал своите овци. Никола Тропески од село Вранче давал силен отпор. Тој не се сложувал да ги даде овците и земјата и велел дека тоа е само лага. Во село Боротино, Стеван Брсакоски давал силен отпор, а и Миле Ујгуноски се спротивставиле на оваа колективизација. Но, врз нив биле извршени силни притисоци и биле преземени ригорозни мерки. Во с. Мало Коњари Милан Подикачоски, Петко Царчески, Петре Рајатоски. Во Мало Коњари Милан Кукун Ноне Аљакоски. Во Мажучиште Цветан Солески. Во селото Алинци се спротиставил Петре Здравкоски. Управите на задругите се плашеле да не ја земат управата побогатите.

Од податоците може да се констатира дека СРЗ биле регистрирани во Стопанскиот суд во Битола. Но, тие никогаш не профункционирале доходовно, секогаш и сите работеле со загуби, повеќе имале расходи отколку приходи, а тоа се должело на неодговорниот однос спрема задругата. Според извештаите, проб-

[82] Исто...цф...Фонд; Околиски задружен сојуз 1947-1953, незаведена ...К-1.

лемите во СРЗ биле дадени за секоја СРЗ посебно, и можеле да се констатираат следните проблеми:

Организацијата во сите СРЗ била многу слаба. Трудовиот ден не бил решен насекаде, а и различен и произволно се пишувало во некои СРЗ. Исто така, окуќницата не била решена. Иницијативата за работа била слаба, се правеле разни опструкции, се земал задружен имот, инвентар без да се праша Управата, како што бил примерот во селото Беловодица. Управата на оваа задруга била слаба, положбата на приходниот дел заостанувал зад расходниот. Распоредот бил вршен по членови, а не по трудови денови. За тоа се бунеле луѓето, кои активно земале учество во работата. Евиденцијата била многу слаба и не се знаело, кој колку сработил. На некои членови им се оставал добиток да си донесе дрва, а на некои не. Во неко СРЗ се одело до таму, исто се оставала жетвата. Таков случај имало во селото Обршани, Големо Коњари, Кадино Село и на други места. Пропаѓале расади. Умирал добиток. Била покажана голема негрижа.

Во Прилепската околија проблемот со окуќницата не бил решен. За цело време на овој период, што е под наша опсервација окуќницата тоа мало парче земја што му припаѓало на задругарот и претставувало негово индивидуално користење. Во окуќницата припаѓала и оставениот добиток, а тоа било во зависност од големината на домаќинството. Окуќницата била регулирана со законски акти, со уредба за тоа што и колку да му се остави на домаќинството. Меѓутоа, овие уредби секогаш не се спроведувале подеднакво во практиката. Сето тоа зависело од раководството на државните органи, како и големото влијание на Управата на СРЗ.

Во Прилепкста околија окуќнината била нерешена. Во селата во плодната Пелагониска Рамница најчесто не му се оставало ништо, туку во целост влегувало сѐ што го имале домаќинствата.

Според Анализата за работа на Комисијата за село при Прилепскиот околиски комитет на КПМ за оставената окуќнина се донело решение на секое домаќинство со 10 членови да му се остави по 3 декари земја. Тоа било спроведено во реонот на плодните пелагониски села. На домаќинствата со над 10 членови да им се остави по 3 декари земја, а додека во другите по пасивни

реони на домаќинството до 10 члена да им се остави по 3 декари земја, а со над 10 членови во домаќинство да им се остави по 5 декари и по 1 декар лозје. А стока на домаќинство со 15 членови по 1 крава, а од 15 членови да им се остават по 2 крави. Ако нема крави да му се остават по 5 овци, свиња и друга стока во зависност од големината на домаќинството.[83]

Спроведувањето на ова решение во пракса одело многу тешко. Некои задругари кои немале ниту овци, ниту било каква друга стока, а внесле друг добиток, барале да им се остави другата стока да ја продадат и да си купат крава или овци. Тие домаќинства биле претежно бедни. Според извештаите оваа окуќница не била решена за цело време на постоењето на СРЗ.

### 3. 7. Изградба на задружни домови и други објекти во Прилепската околија

По донесувањето на Петгодишниот план за развој на народното стопанство 1947-1951, започнала севкупна активност за изградба на задружни домови во поголемите општински центри. Тие биле нарекувани кооперативни-задружни домови. Тие требало да претставуваат центар на политиката за брза преобразба на селото. Иницијативата започнала од центарот на ФНРЈ, а потоа била пренесена по републиките. Во НРМ иницијативата започнала некаде во почетокот на 1948 година. Во целост била прифатена и се движела со брзо темпо низ целата Република. Во Прилепската околија оваа инцијатива била прифатена со големо воодушевување. Всушност, било практика секој нормативен акт, закон кога се прифаќал, се прифаќал со акламација и попримувал манифестационен карактер. Изградбата на овие задружни домови паднал на масовните - политички организации. Во 1947 година Изврушниот одбор на Земскиот одбор на НФ на Македонија донел решение за задолжително во изградбата на Задружните домови. Ова решение било испратено до сите Околиски НФ, на 22.12.1947 година за негово спроведување во практика.

[83] Исто..цф Анализа...К-1.

Ангажирањето на НФ, ЦК на КПМ и другите масовни организации во оваа акција за изградба на Задружни домови, била многу голема и сестрана и барала од ОК на КПМ веднаш на почетокот на 1948 година да го разгледаат прашањето на изградба на Задружни домови и да одредат во кои Месни народни одбори ќе се градат домови. Цврсто застанале и доследно ги спровеле насоките за изградба и тоа по следниве критериуми: Домови да се градат во оние Месни народни одбори, каде што имало селска работна задруга; Не се препорачувало градење на домови во помали села со мала економска важност и покрај тоа што во тие села постоеле СРЗ; Домовите да се градат во селата каде што имало појака кооперација, каде што селото било појако на економско поле и имало централно место и поврзува повеќе села. Исто така како аргумент се земале и условите селото да има добри патишта и да е поврзано со главниот центар, односно со градот; Се настојувало домот да се подига во села каде што населението било мешовито, со различен национален состав; Материјалите што биле битни за градење да бидат во близина, да не стават тие пресудни за изградбата; Да се градат домови во оние села каде што има јака Партиска организација, исто ќе биде гаранција за градењето на Домот; Подготовките за градба на Задружните домови, ЦК на КПМ од Околиските КПМ барал да се спроведе во најкраток можен рок.

За оваа активност требало да се изјаснат Околиските народни одбори во кои села ќе се градат Задружните домови и тоа требало да биде најдоцна до 9 јануари 1948 година. Во оваа насока се водело сметка иницијативите да произлезат од самите задругари, зашто тие биле што требало да се произнесат во кои места ќе се гради Домот, а со тоа се обврзувале дека ќе земат учество во изградбата на овие Задружни домови. Меѓутоа, се појавиле и иницијативи за градење на домови, кои не биле во план /околиски план/, се барало од активистите да ја поддржат оваа иницијатива. По прибирањето на сите иницијативи и усогласување на планот од страна на органите на народната власт во Прилеп за изградба на кооперативни домови се одлучило да се изградат 17 задружни домови. Тие требало да се изградат во 17 МНО и Општински центри, строго почитувајќи ги донесените насоки за градба. Домовите требало да прераснат во

политички, економски и културни центри сè со една основна цел за брза социјалистичка преобразба на селото. Според планот требало да се изградат Домови во селата:

*1. с. Тополчани*

*2. с. Бучин*

*3. с. Кривогаштани*

*4. с. Крушеани*

*5. с. Крушејца*

*6. с. Гостиражни*

*7. с. Ропотово*

*8. с. Мажучиште*

*9. с. Ракле*

*10. с. Долнени*

*11.с. Плетвар*

*12. с. Дуње*

*13. с. Дебреште со мешовито население*

*14. с. Бешиште*

*15. с. Полчиште*

*16. с. Канатларци со мешовито население* [84]

Во сите гореспомнати села биле изградени домови само во Кадино Село не се изградил. Околискиот НО ќе одлучил да се изгради во ова село Дом од причини што постоела јака задруга, јака Партиска организација и МНО. Овие Домови се граделе многу долго зашто немало доволно средства. Но, тие никогаш не ја оствариле својата намена и цел. Подоцна биле пренаменувани и служеле за сè и сешто но, не само за главната цел за која биле градени центри за економска, политичка и социјалистичка преобразба на селото. Денес тие се распаднати. Во некои села се зачувани, но веќе дотраени и се на работ на нивниот заборав и пропаст. Со еден збор да не потсетуваат на времето што поминало зад нас.

[84] в. Нова Македонија год. 3 1947.

Околискиот задружен сојуз на земјоделските задруги, од 16 мај 1949 година имал во предвид да се градат нови објекти кои ќе бидат од голема важност за понатамошниот развој на стопанстото во Прилепската околија. Тие градби се сметале за капитални и во нив учествувале со голем ентузијазам.Такви градби биле краварници, свињарници, штали и тоа скоро во сите селски работни задруги.

1. Во СРЗ "Андон Јовчески" с. Ропотово имало започнато да се градат три објекти.
2. Пецо Крстески с. Долнени, три објекти
3. Орде Чопела во селото Варош имало предвидено да се градат три објекти и тоа краварник, една сушална
4. Во селото Никодин "Никола Велкоски" да се градат 1. објект
5. СРЗ "Маршал Тито" село Тополчани два објекта
6. СРЗ "Први Мај" во с. Мало Коњари два објекта
7. СРЗ "Мирче Ацев" Кадино Село 1 краварник и штала
8. СРЗ "Кардељ" Мало Коњари, два објекта
9. СРЗ "Црвена Звезда" село Бешиште да се изградат два објекта
10. СРЗ "Павле Тркалески" селото Заполжани биле предвидени да се изградат два објекта.
11. СРЗ "Правда" во селото Врбјани било предвидено да се изградат два објекта
12. СРЗ "11 Октомври", село Мажучиште да се изградат два објекта
13. СРЗ "Искра" Локвени 1 објект
14. СРЗ "Партизан" Кореница 1 објект
15. СРЗ во Беровци било предвидено да се гради краварник

Со околискиот план се предвиделе да се изградат 34 објекти од многу важен карактер и од голема економска важност за побрз развој на стопанството во Околијата.

Со реорганизацијата на СРЗ во текот на 1952 и нивно ликвидирање во 1953 година се напуштило и градењето на Домовите во Прилепската околија и на другите објекти од капитално значење.

# Г Л А В А   Ч Е Т В Р Т А

## МАСОВНО - ПОЛИТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ПРИЛЕПСКАТА ОКОЛИЈА

### 4.1. Масвони - политички организации во Прилепската околија

Во оваа глава од темата ќе настојувам да ги расветлам активностите, нивната улога и нивниот придонес на сите општествено-политички организации во Прилеп и Прилепско во периодот од 1944 до 1953 година. Пристапот кон целосно и сестрано проучување на активноста, улогата и придонесот на општествено-политичките организации и тоа: Народниот фронт, АФЖ, Младинска НОМСМ и другите организации се наметнува потребата од сестран приод и разјаснување на овие општествено-политички организации кои се своите активности меѓу себе се преплетуваат и секоја посебно развива своја активност. Но, сепак, одделно од друга неможат да постојат и успешно да ги постигнуваат своите зацртани задачи. Во темава нагласувам дека се работи за заедничко дејствување на овие организации во одреден период, на одреден простор во едно одредено време-период што е многу специфично за развојот на нашата земја - држава како федерална единица, но со силно нагласен национален момент, создавање на македонската држава, што значеше и остварување на вековните идеали на македонскиот народ на одреден простор да создаде своја држава, со свој национален јазик и култура. Веднаш да нагласам дека во досегашната наша историографија во недоволна мера се расветлува прашањето на поновата историја од развојот на македонската држава. Должен сум да наведам дека за оваа тема досега нема напишано ниту една публикација моиве сознанија ќе бидат исклучиво преку архивска документација што се наоѓа во Архивот на Македонија - Подрачно одделение - Прилеп.

Морам да напоменам дека архивскиот материјал не е подеднакво сочуван. За некои масовни - политичките организации нема подеднаква документација. Малку архивски материјали има за АФЖ, за НОМСМ, тие се среќаваат исклучиво во активноста на Партијата.

Од досегашното истражување може да се заклучи дека за развојот и активноста на Синдикалното движење имало голем материјал, како и за Народниот фронт, потоа за Партијата, но за Младината и АФЖ, нема материјал, и ако има тој е несреден, не доволно архивиран и тешко може да се обработи и да се

добие една поголема целина. Во овој дел повеќе ќе се задржиме на помасовните организации.

## 4.2. Развојот и дејноста на партиската организација на КПМ Прилепска околија во периодот на обновата и изградбата на земјата до 1953 година

Со конечното ослободување на Прилеп и Прилепско, во ноември 1944 година биле создадени основни предуслови за непречен развој и активност на Партиската организација. Прилепската партиска организација имала силен и моќен развој и активност за време на Народноослободителната и антифашистичката војна на Македонија 1941 - 1945 година и таа била организатор и раководител на народот во Прилепската околија во борбата за ослободување на земјата од окупаторските власти и нивните домашни слуги. Но во оваа тематска целина ќе се задржам за активноста на Партиската организација во Прилепската околија по Втората светска војна до 1953 година, која што даде голем прилог за понатамошниот развој и консолидација на државата и на организирањето на органите на новата држава. Партијата успеала да продре во сите пори на основното дејствување на луѓето и целосна прегледност на целокупното живеење и дејствување во Прилепската околија.

При крајот на 1944 година пред Партиската организација во Прилеп се поставило прашањето за организирање и спроведување на Решенијата на АСНОМ во живот и зајакнување на органите на власт, а пред сé мобилизација на народот во борбата за конечно ослободување на земјата, потоа обнова и изградба на земјата и изградување и зацврстување на органите на власта како една од највредните придобивки на НОВ и Антифашистичка војна на Македонија.

Непосредно по ослободувањето на Македонија била извршена административно-територијална поделба на Македонија и тоа: како по линија на власт, така и по линија на масовните-политички организации. Партијата во Македонија била поделена на четири обласни комитети на КПМ, а обласните комитети биле поделени на околиски, општински, градски и месни, а основна единица била пар-

тиската ќелија, која што била формирана врз основа на производствен и територијален принцип. Прилепската партиска организација како интегрален дел на македонската партиска организација ги имала истите организациони и развојни активности. Бил создаден Местен комитет на КПМ - Прилеп, потоа Околиски комитет на КПМ, и во секоја општина имало Општински комитет на КПМ, кои меѓу себе биле поврзани по вертикална линија со Околискиот комитет на КПМ.

Меѓутоа, со новата административно - територијална поделба во Прилеп бил формиран Окружен комитет на КПМ во чиј состав влегувале Околискиот комитет на КПМ - Прилеп, Крушево, Македонски Брод и Кичево. Во Окружниот комитет постоеле посебни одделенија кои се занимавале со одделни активности од работата што ја спроведувала овој Окружен комитет: организационо одделение, Агипроп одделение, економско-финансиско одделение, просветно-културно одделение и др.

За побрз развој на Прилепската партиска организација и за поорганизирана активност во организирањето на органите на државната власт, секако имале големо значење заклучоците од проширениот состанок на ЦК на КПМ што се одржала во почетокот на декември 1944 година со секретарите на обласните комитети. Покрај, што била извршена анализа на воено-политичката и стопанската состојба во Македонија била разгледана и работата на Партиската организација. На овој состанок на ЦК на КПМ биле донесени повеќе заклучоци од суштинско значење за натамошниот развој на државната комисија по однос на радикални зафати за регулирање на општествено-правните односи.

Пред Прилепската партиска организација, пред Околиското раководство, Месниот комитет и Општинските комитети се поставило задача за војската и снабдувањето на војската сѐ со цел да се верува и успешно да се ослободи земјата.

Исто така, една од приоритетните задачи било создавањето на Народноослободителни одбори во Прилепската околија и тоа од 9.09.1944 година. На 9 септември 1944 година во Прилеп бил формиран градскиот народноослободителен одбор, на 10 октомври 1944 година бил формиран Околиски народноослободителен одбор во селото Маргари, кој по ослободувањето на градот се

преселил во него за стално. Секако, поголема активност покажа Партиската организација за време на формирањето на Општинските народносослободителни одбори, кои биле помасовно создавани и многу не се имало преглед за кадрите што требало да влезат во нивниот состав. Веднаш по оформувањето на овие органи на власт се поставило прашањето за оформување и организирање на масовни - политичките организации, кои биле од големо значење за конституирањето на народната власт, а и биле голем фактор за понатамошниот ȏд. Пред сѐ тука било формирањето на Народниот фронт. Синдикалната организација, Младината и АФЖ на Прилепската околија, потоа народната младина и АФЖ, а со тоа се настојувало да се продре во сите средини и да се соработува со сите слоеви на народот.

Партиската организација за кратко време добила поголеми искуства и се зафатила да изврши нова реорганизација. Централниот Комитет на КПМ ја согледал целокупната активност и наметнатите потреби и слабостите на Обласните комиети на КПМ кои претставувале пречки на нејзината директна врска за укажување на помошта и контролата на пониските партиски органи и комитети за нивна изградба и зацврстување. Во април 1945 година донесол одлука за расформирање на Обласните комитети на КПМ и на нивно место оформил осум окружни комитети и градски партиски организации. Оваа реорганизација дошла по двоиполмесечна работа и активност од првата административно-територијална поделба на Македонија. Со оваа партиска реорганизација по делегатски принцип во 1945 година се спровеле избори на кои се избрале сите секретари на ќелии на сите градски, околиски и окружни ќелии, а во јануари 1947 година повторно биле спроведени избори на Околиските и градските комитети на КПМ.

Прилепската партиска организација со оваа нова реорганизација доживела повисок степен на организираност и станала поединствена и поцврста. Во Прилеп се формирал и Окружен комитет на КПМ, во чиј состав влегле Околиските комитети на Прилеп, Крушево, Кичево и Македонски Брод. Всушност, во овој Окружен комитет влегол и целиот округ што бил формиран по линија на власт.

По извршениот избор на делегати од сите околиски комитети на Округот на конференцијата одржана на 20 -21 јули 1945 година во салата на Занатчискиот дом во Прилеп, во присуство на Мара Нацева, член на ЦК на КПМ било избрано раководство на Окружното партиско раководство и биле утврдени правците на дејствување во градењето на органите на народната власт и сузбивање на непријателските елементи кои во овој период ги имало во сите околии на Округот. Во еден извештај на Окружниот комитет на КПМ се наведува дека имало преку 215 основни партиски ќелии со 1300 партијци. Во својата работа Партиската организација основно внимание посветувала на организационата поставеност и активност. Исто така, се посветувало внимание на работата и активноста на Народниот фронт, НОМСОМ, АФЖ, Синдикакот, особено внимание било посветено на развојот на кооперативното дело - кооперациите. Правата кооперација според Пенко Здравкоски профункционирала во с.Варош, а другите биле слаби и нефункционирале.

Окружниот комитет на КПМ го сочинувале:

*1. Борис Алексоски - Карче од Кичево, секретар*

*2. Ѓоре Велкоски, член од Прилеп*

*3. Ратка Иваноска, член*

*4. Пенко Здравкоски - Прилеп*

*5. Благоја Јаничо - Прилеп*

*6. Илија Беличанец - Прилеп.*

Пленумот на Окружниот комитет на КПМ го сочинувале 89 делегати. Потоа биле формирани сите одделенија и сектори и тоа: Политичкото одделение го водел Борис Алексоски - Карчо, организационен секретар била Ратка Иваноска Аги - проп - сектор.

Партиската организација имала силно влијание во спроведувањето на Законот за кнфискација, на аграрната реформа и колонизација од 23 август 1945 година. Партиската организација силно го подржувала и спроведувала Законот за национализација од 1946 година и другите рестриктивни мерки од правно - политичка и стопанска природа. Партијата своите ставови ги спроведувала и

преку своите трансмисиони инструменти во обновата и изградбата на разрушените објекти, како што биле мостот на Црна Река кај Тополчани, потоа во контрахирањето на житото, волната, месото и другите продукти што подлежеле на откуп, потоа изградбата и обновата на железничката пруга кај селото Тројкрсти.

За да се анализира и проследи местото и улогата на населението и воопшто сите слоеви во севкупното дејствување на Партијата во Прилеп, неминовно се наложува потребата од еден краток преглед на социјалниот и националниот состав на партиското членство по Втората светска војна во Прилеп. Но, Партиската организација, како резултат на насоките што биле давани на партиските конференции и насоките на повисоките партиски организации во Македонија придонесе во првите месеци од завршувањето на Втората светска војна да се разрешуваат мошне суштествени прашања во Прилепската околија пред се изградување и зајакнување на Партиската организација во сите средини во градот и селото, подигање на културно - просветното ниво на луѓето, сузбивање на сите реакционерни елементи што биле против народната власт што се појавиле, особено во селата северно од Прилеп, каде силно било влијанието на српската пропаганда, особено во оние села каде за време на Народноослободителната војна дејствувал Војче Трбиќ, се до неговото ликвидирање во 1946 година. Но, иако бил фатен овој четнички војвода, не била сузбиена неговата четничка организација, која дејствувала како дражиќевска организација, со цел да го врати стариот систем на Кралството Југославија, односно кралот Петар Караѓорѓевиќ. Во овој дел на Пелагонија било присутно и бугарското влијание, особено во одредени села, како што било с.Вранче и др.

Прилепската партиска организација во организациона смисла повеќе пати била реорганизирана во зависност од новонастанатата ситуација на ниво на Македонија. Но, овде во текстов ќе ја разгледаме анализата за социјалниот и националниот состав од која ќе може да се види какво влијание имала Партијата врз населението.

Во Окружниот партиски комитет на КПМ во Прилеп имало пет Општински партиски бироа. Во округот имало преку 215 основни партиски ќелии кои биле

формирани претежно во претпријатијата и со вкупно 1300 членови, со тенденција секој месец бројот да расте.

Составот на Партиската организација од социјален состав бил следниот:

- *Општи работници........................................14,7%*
- *Земјоделци ................................................78,5%*
- *Интелигенција............................................46,0%*
- *Занаетчии...................................................3,5%*
- *Трговци.......................................................0,2%*
- *Ученици.......................................................0,5%*

Имотниот состав на Партиската организација изгледала вака:

- *Бедни.........................................................54,5%*
- *Средно - имотни...........................................43,0%*
- *Богати.........................................................2,5%*

Партиската организација го имала следниот полов состав:

- *Мажи.........................................................95%*
- *Жени..........................................................1,5%*

Партиската организација во овој Округ го имала следниот национален состав:

- *Македонци..................................95%*
- *Власи.........................................2,3%*
- *Турци.........................................2,1%*
- *Албанци......................................0,6%*

За да се анализира и проследи местото и улогата на Партиската организација и вклопеноста на населението во составот и работата на истата, неминовно се наложува на потребата од еден ваков преглед на партиското членство во овие повоени години. Пред самата реорганизација на Окружниот комитет на КПМ во Прилеп при крајот на 1945 година Партиската организација броела 1500 членови[86)]

Од овој табеларен преглед и тоа за социјалниот состав на членовите на Партијата во Прилепскиот окружен комитет на КПМ, може слободно да се констатира дека поголемиот број го сочинувале сиромашни селани, работници и средно - имотни луѓе. Всушност, Партиската организација имало типично работничко - селски карактер, додека побогати луѓе имало само 2,5%. Овие податоци недвосмислено не упатуваат на заклучок, дека мнозинство во Партијата е работничката класа. Соодносот на работниците и селаните во КПМ во текот на НОВ, а и во периодот по Втората светска војна нешто ќе биде изменет по 1950 година.

Од прегледот на националниот состав може да се види дека членовите на Партијата претежно биле од македонска националност, а додека од другите националности биле застапени во помал број. Но од ден на ден тој состав се менувал по нагорна линија. Членовите од другите националности се повеќе влегувале во Партијата.

Во правец на организационото јакнење во Партиската организација во Прилепската околија таа се изменува по реорганизацијата од 1946 година, по забележаните слабости од страна на ЦК на КПМ во Македонија и забележаната слабост во самото раководство. Слаба координација меѓу пониските и повисоките партиски организации се забележувала на политичко - стопански план. По таквите забелешки во 1946 година било донесено решение за организационо зајакнување на ЦК на КПМ и Партиската организација во Македонија. Таа била видно консолидирана, како во работата на самата Партиска организација, така и во поглед на методот на работа и раководење преку организационо - идеалошко - политичко зајакнување на Окружните и Околиските комитети, одделенија и ко-

---

86) Исто....цф... К-1

мисии. Посебна грижа се водела за зајакнување на Партиската организација во претпријатијата.

Врз основа на сите овие организациони поставености и задачи од повисоките партиски органи на ЦК на КПМ пристапиле кон укинување на Општинските комитети и создавање основи за партиски ќелии во Месните одбори, со партиски одделенија и кон организационо подобрување на постојните партиски организации во претпријатијата, а потоа и во задругите.

Со донесувањето на Законот за административно - територијална поделба на Федерална Македонија во 1946 година се наложила и потребата од соодветна реорганизација на Партиската организација. Така на 27 октомври 1946 година ЦК на КПМ донесол решение за укинување на Окружните комитети и нивно прегрупирање во Околиски комитети на КПМ и од Месни комитети на КПМ во Градски комитети на КПМ и таа реализација оддела се до крајот на годината.

Со оживотворување на оваа Одлука на ЦК на КПМ во Прилеп бил реорганизиран Окружниот комитет и оформен Околискиот комитет на КПМ - Прилеп.

На 18 јануари 1947 година бил оформен Околинскиот комитет на КПМ - Прилеп по претходно изборна постапка во Партиската организација во градот и населените места. Ново формираниот Околиски комитет на КПМ - Прилеп го сочинувале:[87]

1. *Коце Богески, политички секретар*
2. *Ратка Иваноска, организационен секретар*
3. *Јоска Стојчески, член*
4. *Вергула Кардули*
5. *Калина Попадиноска*
6. *Киро Димитриоски*
7. *Александар Спиркоски*
8. *Рампо Атанасоски*
9. *Ристо Бунтески*
10. *Ристо Малчески*

[87] Исто....цф...К-1, Околиски комитет на КПМ- Прилеп 1944 -1953.. Извештај

*11. Гога Димитриоски*

*12. Борис Смилески*

Новиот Околиски комитет на КПМ - Прилеп остана во овој состав се до изборите спроведени во 1948 година. Скоро секоја година се вршел избор на нови членови на раководството на Партијата. Околискиот комитет имал и Партиско биро од 9 членови и Пленум од 39 членови.

Како резултат на ангажираната активност на Прилепската партиска организација и политика на ЦК на КПМ започнало брзо ширење на партиската мрежа, како во производството во работните организации така и во населените места. Тоа може да се види од следниот преглед:

Околискиот комитет на КПМ во Прилеп во 1945 година броел 130 членови. Во 1944 годна имало 48 организирани партиски ќелии во 1945 година имало 53 основни партиски ќелии, во 1946 година имало 56 партиски ќелии, во 1947 година 60 партиски ќелии, со вкупно 750 членови, а во 1948 година 61 партиски ќелија со 882 члена. Во 1949 година имало 1013 членови, во 1950 година имало 1268 членови, во 1951 година имало 106 ќелии со 1309 членови, а додека во 1952 година имало 72 ќелии со 1437 членови.

Според гореизнесените податоци може да се утврди дека Партиската организација во Прилеп брзо ги ширела своите редови опфаќајки го населението во своите редови. Партијата била таа која била носител на целокупниот живот, како на политичко поле така и на стопански план и не случајно таа продирала во сите пори на општественото живеење во Прилепската околија.

Социјалниот состав на Партиската организација во Прилеп во 1947 година бил:

*- Земјоделци....................................................32*

*- Индустриски работници.............................11*

*- Занаетчии...................................................107*

*- Останати....................................................100*

*- Средни селани..........................................5*

*- Сиромашни.................................................15*

*- Интелектуалци.............................................6*

*- Ученици.........................................................2*

*- Жени вкупно имало...................................56*

Во градот имало вкупно 3600 муслимани и Цигани, а од нив имало само 8 членови во состав на Партијата.

Социјалниот состав на Партиската организација во Прилеп бил следниот:

Во 1949 година:

*- Индустриски работници..............................2*

*- Занаетчии.................................................186*

*- Земјоделци.................................................54*

*- Останати..................................................236*

*- Задругари на СРЗ......................................26*

*- Сиромашни.................................................97*

*- Средни........................................................21*

*- Службеници.................................................90*

*- Студенити - ученици.................................8*

***Вкупно....................................................707***

Во 1950 година Партијата го имала следниот социјален состав:

*- Индустриски работници............................1*

*- Занаетчии...............................................224*

*- Земјоделци.................................................27*

*- Останати...................................................373*

*- Задругари СРЗ.............................................27*

*- Сиромашни.................................................99*

*- Средни...........................................................3*

*- Службеници.................................................34*

*- Студенти ученици......................................42*

Во 1949 година Партијата имала вкупно 829 членови Кандидати на Партијата во 1949 година имало 436, а во 1950 година имало 424 членови, а и подоцна имало зачленување во Партијата.

Во Извештаите што се праќани до ЦК на СКМ во Скопје состојбата била следната.

Во декември 1952 година Партијата броела 131 членови, а во 1953 година 1463 членови.

Во 1952 година во Партијата имало:

*- ново дојдени од други градови.........................151*

*- ново примени.....................................................19*

***Вкупно..............................................................1483***

*Отишле од Прилеп...............................................95*

*Исклучени биле....................................................68*

***Вкупно..............................................................153***

Вкупно членови Партијата имало 1330.

Во оваа година партиски ќелии имало во следните работни организации и маала.

*- ГК на КПМ*

*- ГК на НМ*

*- Корзо*

*- Ридот*

*- Ат-пазар*

*- Вишне*

*- Шарена Чешма*

*- Тризла*

*- ОК Монопол*

*- Долно Маало*

- *Ѓогдере*
- *Тутунски институт*
- *ФЕП*
- *Инвалиди*
- *УДБ*
- *ОВР*
- *Народна милиција*
- *Железничка станица*
- *Варош*
- *ГНО*
- *Селце*
- *Дабница*
- *Тутунска станица*
- *Кооперација*
- *АРШ*
- *Мице Козар*
- *Кооперација "Напредок"*
- *НА-МА*
- *Момирок*
- *Градежно прет. "Пелагонија"*
- *Градска болница*
- *Гиманзија 1 и 2*
- *ОКООПС*
- *ДОЗ*
- *Обвинителство*
- *Дрводелска раб. "Тарцан"*
- *Тракторска*
- *Градежно "Мукос"*
- *Околиско производително прет."Народен борец"*
- *Исхрана и др.*

Во оваа година се располатало со бројката од 83 партиски ќелии, но во извештаите овој број не можев да го сретнам, секогаш бил помал, и од горе-наведената евиденција се гледа дека се располага со бројката од 40 партиски ќелии.

Но, според податоците што ги располагаме се гледа дека секоја година се примале нови членови. Но во 1950 година е покарактеристичен бројот на исклучени членови од Партијата, тој бил некаде 60 членови. Порасnатиот број на членови на КП бил 255 повеќе отколку во 1949 година. Развојот на примените членови во 1950 година може да се виде од следниов шематски преглед:

| *Примени членови* | **Национален состав** | | | **Социјален состав** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Макед.* | *Тур.* | *Шиптари* | *раб.* | *служб.* | *бед.* | *сред.* | *богати* | *задругари* |
| 2 | 2 | - | - | - | - | - | - | - | 2 |
| 11 | 11 | - | - | - | - | 3 | - | - | 8 |
| 11 | 11 | - | - | | | | | | 11 |
| 2 | 2 | | | | | | | | 2 |
| 15 | 11 | | 4 | | | | 2 | | 10 |
| 20 | 19 | | 1 | 2 | | 2 | 2 | | 14 |
| 39 | 38 | | 1 | | | 3 | 2 | | 34 |
| 47 | 44 | | 3 | 3 | 1 | 3 | 5 | | 35 |
| 42 | 40 | 2 | | 3 | | 5 | 5 | | 24 |
| 2 | 2 | | | | | | 1 | | 1 |
| 2 | 2 | | | | | | | | 2 |
| 2 | 2 | | | | | | | | 2 |
| **Вкупно: 195** | **184** | **2** | **9** | **13** | **1** | **19** | **17** | | **145** |

Од овој табеларен преглед се гледа како се движел приемот на кандидатите за членови на Партијата во 1950 година, а тоа е изразено по месеци и во кој месец колку членови биле примени, од која националност произлегувале и нивната социјална состојба. Од прегледот се гледа дека кандидатите биле претежно од сиромашните слоеви и оние кои биле членови на Задругите.

Во 1950 година имало 217 кандидати за прием на членови на Партијата, од нив 203 биле членови на македонската нација, а 14 шиптари, работници имало 11 службеник 1, бедни 19, средни 12 и задругари 174 членови.

Од табеларниот преглед може да се види дека бројот на примени кандидати рапидно растел во споредба со другите години.

Во 1949 година Градскиот комитет на КПМ во Прилеп го сочинувале:

*1. Димески Сотир, претседател на ГК на КПМ*

*2. Димески Миле, политички секретар на ГК на КПМ - Прилеп*

*3. Весела Мојсоска, член на ГК на КПМ - Прилеп*

*4. Василески Боге, член , повереник за земјоделство*

*5. Јорданоски Борка, член, повереник за локална индустрија.*

Членови на Бирото на Партиската организација биле:

*1. Димоски Миле - Коки, политички секретар*

*2. Илиоски Кире, организационен секретар*

*3. Трајкоски Петар, член*

*4. Тодорски Душко*

*5. Дабески Добре*

*6. Филипоски Димче*

*7. Во текстот е нечиток*

Во 1950 година бирото на ГК на КПМ - Прилеп било во следниов состав:

*1. Ѓорески Ѓоре*

*2. Иваноски Боце*

*3. Спиркоски Блаже*

*4. Дабески Добре*

*5. Божиноски Василе*

*6. Солески Мице*

*7. Димески Сотир*

*8. Филипоски Димче*

Во споредба со Бирото од 1949 година во него се задржани сосема мал број во 1950 година и тоа за континуитет.

Во 1951 година ГК на КПМ бил во следниот состав:

*1. Ѓорески Ѓоре, политички секретар на ГК на КПМ - Прилеп*

*2. Иваноски Боце, организационен секретар на ГК на КПМ - Прилеп*

*3. Дамески Сотир, член*

*4. Филипоски Димче*

*5. Божиноски Василе*

*6. Стефаноски Целе*

*7. Шефкија Авни*

*8. Ристески Стеван*

Во 1952 година ГК на КПМ - Прилеп бил во следниот состав:

*1. Димески Ѓоре*

*2. Дуганова Васка*

*3. Јованоски Димче*

*4. Алексоски Карче*

*5.Пајмакоски Гога*

*6. Јорданоски Борка*

*8. Крстески Гога*

*9. Пашоски Киро*

*10. Дамеска Горица*

*11. Димески Мице*

Според податоците од Архивот на Прилеп за составот на Месниот комитет на КПМ - Прилеп од 5.1.1945 година составот бил следниот:

1. *Димче Јованоски, организационен секретар*
2. *Димче Крстески*
3. *Борка Коруноски*
4. *Миле Ѓорески*
5. *Марко Ристески*
6. *Васе Козароска*
7. *Димче Антулески*
8. *Петре Јосифоски*
9. *Боце Оџоски*

Во 1946 година членови на МК на КПМ биле:

1. *Ратка Иваноска, секретар*
2. *Љупчо Аџимитрески*
3. *Перо Атанасоски*
4. *Ничо Јанески*
5. *Димче Јованоски - Дабоски*
6. *Мице Пинзур*
7. *Трајко Мирчески*

При МК на КПМ - Прилеп имало ќелии во следните маала:

- *Ѓогдере*
- *Ат-Пазар*
- *Ридот*
- *Монопол*
- *Милиција*
- *Долно Маало*
- *Тризла*
- *Шарена Чешма*

Во 1946 година Околискиот комитет на КПМ имал 14 основни ќелии со вкупно 198 членови и 143 членови на Скоевци, а според социјалниот состав биле:

- *Интелектуалци............................26*
- *Занаетчии....................................51*
- *Полјоделци..................................25*
- *Останати....................................72*

***Вкупно........................................189***

Националниот состав на членовите на Околискиот комитет на КПМ - Прилеп бил следниов:

- *Македонци............................181*
- *Срби..........................................1*
- *Муслимани................................8*
- *Црногорци................................2*
- *Словенци..................................1*

Партиската организација во Прилеп која имала подолга традиција во борбата за национално и социјално ослободување на Македонија имала силен подем за време на Народноослободителната и антифашистичката војна на Македонија 1941 - 1945, како и по завршувањето на Втората светска војна по ослободувањето на Македонија и нејзино конституирање во држава. Нејзината активност била поделена на два периода и тоа периодот во вихорот на Војната и по нејзиното завршување и период на илегала и период на нелегален период на активност. Тоа било времето кога со нејзина помош биле конституирани државните органи на власт на Прилепската околија и органите на масовните општествено - политичките организации. Период на одлучни и радикални промени во економскиот, политички, културниот и просветниот живот во Прилепска околија. Сметам дека од овие податоци што ги презентирав можат да се извлечат некои појаснувања и сознанија за активноста на Партиската организација во Прилепската околија. Пред се на работата на МК на КПМ - Прилеп, Околискиот комитет

на Прилеп, Окружниот комитет на КПМ - Прилеп и по реорганизацијата на Партијата и формирањето на ГК - на КПМ - Прилеп.

### 4.3. Дејноста на народниот фронт во прилепската околија

Првите корени на народноослободителниот фронт во Македонија можат да се бараат во 30 - 40 години од 20 век. Неговата Програма и неговите основи и први правци на дејствување биле борба против најмрачните сили на светот - фашизмот и за национална слобода на македонскиот народ. Но, при крајот на Народноослободителната и антифашистичката војна во Македонија 1941-1945 година израсна во моќна општонародна - политичка организација, со добро организирани форми поставени врз здрави основи и меѓусебна поврзаност во лицето на неговите први органи, како по селата, општинските, околиските, а потоа окружните одбори. Народноослободителниот фронт со неговата широка програма овозможи да се појави во сите средини и при крајот на војната, давајќи силна мотивација за мобилизирање на народот за конечно ослоодување на земјата. Веднаш по ослободувањето Народноослободителниот фонт појавил како мобилизатор на народот за спроведување на радикалните промени во сферата на целокупното живеење, од општествено - политичкото, економското, културно, просветното живеење и промена на навиките, воопшто, и однесувањето во спртот и самата постапка на Народниот фронт создале поволна клима за пробив низ широките народни слоеви и собирање во неговите редови на се она шти било антифашистичко, прогресивно настроено и што умело трезвено да размислува и да дејствува во овој период.

Новиот забрзан растеж и секнувањето на нови искуства во новонастанатата ситуација за организациона поставеност и сите активности што се спроведувале во Прилепската околија имале врска со активностите што се преземале на ниво на државата.

За развојот и делувањето на Народниот фронт на Македонија во Прилепска околија гоолемо влијание имала свиканата општа конференција на Иници-

јативниот одбор на Народниот фонт на 26.11.1946 година во Скопје, на која од претставниците на сите Одбори на единствениот Народен фронт бил формиран Главен одбор на единствениот народен фронт за Македонија[88]. Неговата основна задача се состела во организационо доизградување на целата територија на Мекедонија, односно формирање на одбори - селски, градски и околиски подоцна и окружни ЕНОФ и зацврстување на постојаните што ги имало.

Прилеп и Прилепско, како интегрален дел на Македонија и на ЕНОФ започнал силен организационен развој на фронтоските организации, кој за време на НОВ и ПОМ во градот се појавиле како силен мобилизатор на народот во борбата за ослободување на својата земја, а по ослободувањето на градот на 9.9.1944 година НФ се појавил како силен организатор на консолидирањето на првите одбори на народна власт во слободен Прилеп и воведување на народната власт и соочување со радикалните промени што ги носела народната власт во сите сфери на општественото живеење.

Растежот и активноста и дејноста на Народноослободителниот фронт поминува низ повеќе етапи и тоа: период на обновата и тоа од 1944 до крајот на 1946 година и за изградба на земјата од 1947 до 1953 година. Тој, во почетокот ги впрегна сите свои сили да изврши мобилизација на народот за конечно ослободување. НОФ во Прилеп во 1945 година бил поделен на 4 реони, а со тоа постеле и четири реонски одбори на НОФ, а во градот постел Општински НОФ, а и во секое село имало селски НОФ и сите спроведувале голема активност на територијата што ја опфаќале.[89] Меѓутоа, при крајот на јануари 1945 година, односно почетокот на февруари 1945 година во Прилеп започнал да функционира Окружниот одбор на НОФ, во него влегувале Околискиот НОФ на Крушево, Кичево и Македонски Брод.

Програмата што ја имал НОФ како масовна сенародна политичка организација во тогашните сеуште воени или поточно полувоени услови имал разнови-

---

88) Организационен реферат на Го на ЕСНОФ в. Нова Македонија, год. 2 бр.154 4.6.1945

89) Записник од работата и телата на ЕНОФ 16.4.1945 АМ-Подрачно одделение - Прилеп...К-2. Околискиот НФ - Прилеп го сочинувале, според еден месечен извештај Коце Богески, секретар, Димче Аџимитрески, претседател, Киро Диимитриоски, Ристо бунтески, Калина Попадиноска, Трајко Плетварец, Гога Десоски, Ангеле Папучкоски, Стојан Спиркоски, Илија Николоски, Неде Горгиески, Стока Трајковски, Алија Демроски, Адем Сулејманоски, Петко Мирчески.

ден карактер и тоа: политички, стопански, културно - просветен и др. Во почетокот секако бил од приоритетно значење за организационата поставеност. За време на постоењето на Обласниот НОФ постоела истата организациона Шема: селски, градски, општински одбори на НОФ и тие биле поврзани по вертикална линија со повисоките органи. Но, со новата административно - територијална поделба што ја донесол Президиумот на АСНОМ на 22 јануари 1945 година Македонија била поделена на осум Окрузи. Еден од тие окрузи е Прилепскиот округ, и во почетокот на февруари 1945 година бил оформен и Прилепскиот окружен НОФ со околиските НОФ во Крушево, Македонски Брод, Кичево и Прилепскиот околиски НОФ. Значи, тоа одело како по линија на власта, така и по линија на масовние политички организации.

Реализирањето на програмата според организационата поставеност не одело така брзо и лесно, туку оддело многу споро и со доста проблеми, како од страна на слабите врски што постоеле меѓу околиите, така и од самите временски прилики и неприлики што постоеле во овој период од годината. Така изборот на делегати за повисоките органи бил доста спор. Во првите денови од февруари 1945 година во сите Околиски одобори на НОФ се одржале изборни конференции, бил конституиран Градски одбор на НОФ, со четири реонски одбори на НОФ, а реонските имале квартални одбори на НОФ, а функционирале и улични одобори на НОФ, така што немало жител во Прилеп и Прилепско да не бил опфатен во НОФ.[90)]

Веднаш по тоа, се констатирала Извршниот одбор на Прилепскиот окружен одбор на НОФ со претседателството и тоа:

*1. Димче Крстески, претседател*

*2. Благоја Талески, секретар*

*3. Трајко Мирчески, благајник*[91)]

---

[90)] АМ-ПО- Прилеп К-2 ГНФ. Записник бр.1. Извршениот одобр на НФ има 25 члена претседател Мече Соколоски, секретар Пецо Думбалот потпретседател Боге Присаѓанец. Извршниот одбор на ГНФ во 1946 година го сочинувале Киро Павлоски, Коста Томе Тодорски, Тодорка Трифуноска, Киро Спироски и др. Во 1946 година Извршниот одбор имал одржано 36 седници и 8 вонредни и дале преку 5.762 работни саати во болницата, гимназијата патот Битола- Маково, Градска Река и Црна Река. Во 1947 година Извршниот одбор го сочинувале 13 и него го предводел Киро Пашоски. Во 1948 година ИО на НФ - Прилеп го сочинувале 10 одборници го водел Ничо Јанича, во 1951 година го водел Ѓоре Ѓорески.

[91)] АМ-Подрачно одделени - Прилеп; Фонд ИО на ГНФ...К-2

*4. Тодор Вандевски, член*

*5. Пенко Шерифоски*

*7. Ицко Цветкоски*

*8.Ордан Миноски*

*9. Коста Такоски*

*10. Мемед Сулјеманоски*

*11. Неде Ангелески*

*12. Методија Најчески*

*13. Јоска Стојчески*

*14. Мико Михајлоски*

*15. Сталe Попов*

*16. Мите Андреевски*

Во Извршениот одбор биле и:

*1. Борис Крстески Алексоски - Карче*

*2. Томе Мацаноски*

На изборните конференции за Околискиот одбор на НОФ, главно се расправало за политичката ситуација, за организационата состојба на НОФ, потоа за претстојните избори за органите на народната власт во Околијата што ги распишал Президиумот на АСНОМ, потоа за акцијата за помош на војската и за настраданото население и др. Преку конференцијата на НОФ на сите нивоа во Прилепскиот округ се вршела мобилзација на членството за учество во обновата и изградбата на градот и пошироко. Конференциите имале големо значење и за давање отчет на работата и тоа пред целиот народ, во целост била застапена јавноста на работата.

Организационата поставеност на НОФ во Прилеп и Прилепско во почетокот, односно во првите денови од ослбоодувањето имало видливи траги на недоследност, несреденост и слабости. Но, во почетните месеци на 1945 година, а и потоа организираната поставеност се повеќе се зацврстувала се зајакнувала и добивала своја цврстина и успешно ги решавала поставените

прашања, и тоа пред народот, а тоа било предуслов секоја акција да добие и масовен карактер, пред се во обновата и изградбата на земјата. Во првите месеци од ослободувањето пред НОФ во Прилепската околија, пред се имал наитна задача населението да се снабди со храна, како и преокупацијата за избор на народната власт - избор на Народноослободителните одбори. Президиумот на АСНОМ ги распишал изборите на НОО во февруари 1945 година. Веднаш по тоа, Главниот одбор на НОФ на Македонија им дале упатства на своие пониски органи да развијат сила на организациона и политичка дејност меѓу населението и покрај тоа што НОФ се јавил како носител на изборните листи. Окружниот НОФ за Прилепскиот округ, врз основа на инструкциите што произлегле од Главниот одбор на НОФ на Македонија издал свои инструкции за одржување на организирани масовни конференции. Разјаснет бил изборниот систем карактерот на изборите на дилемата што тие претставувале за новата млада држава. Масовни конференции биле одржани на сите нивоа, селски општински, околиски, градски, квартални и улични. За ваквиот организиран настап ни зборуваат записниците од овие масовни конференции. Таков е записнико од Одборот на 2 реона на НОФ од 2.3.1945 година. Покрај овие конференции, по реоните, била одржана и посебна конференција со муслиманското население во Прилеп.[92)]

На сите конфернеции што биле одржани на сите нивоа, главно, на дневен ред било поставено и анализирано политичкото значење на изборите, потоа непосредно се предлагале на кандидати, како и се истакнувала големото значење на изборите. Тоа биле најзначани фактори за развојот на демократските процеси. Вакви конференции биле одржани во сите четири реони на Прилеп, а и во кварталните. На овие конференции бил разгледуван службениот весник на ДФМ, и тоа одредбите од Законот според кој право на глас првпат добиле жените, војниците и младите од 18-21 година. Тоа била една голема придобивка, и новина во овој град. За вакви права порано не можело ниту да се слушне, а камоли да се спроведува. Според, податоците што ги располагале за време на изборите не се вршеле некакви притисоци, како тоа што го имало во

[92)] АМ-Подрачно одделение - Прилеп. Записник од одржаната конференција на НОФ во Прилеп ....Фонд НОФ...К-2.

претходните режими. За време на изборните кампањи имало чисто политичко објаснување за активноста на НОФ. Овие избори според тогашната оценка биле први слободни избори. Тоа, било голем настан за населението, кое во минатото било запоставувано. Ваквите насоки и правци на дејствување предизвикале воодушевување кај населението, а за тоа ни зборува и одивот на изборите што биле спроведени на 11 март 1945 година. Тој процент се движел од 92% до 100%. Во Прилепската околија изборите за НОО биле спроведени на 18 март 1945 година, а одзивот бил масовен со 95%.

Во овој временски период активностите на НОФ во Прилепската околија се подудриле со времето кога било одржано Третото заседание на АСНОМ, на 14-16 април 1945 година. При тоа на ова Заседание покрај другите решенија и одлуки од големо значење било што била формирана Првата народна влада на Македонија[94] . Веднаш по формирањето на Владата на ДФМ била објавена нејзината Декларација, во која биле набележани и основните правци на нејзиното дејствување во стопанскиот просветниот, политичкиот правец во општественото живеење.

Согледувајќи ги правците на дејствување опфатени во Декларацијата на Владата на ДФМ, Главниот одбор на НОФ им дал инструкции на Окружните НОФ, а тие на пониските органи. Декларацијата на владата била нашироко разгледувана на масовните конференции, а исто така разработувана била и пред народот. Разгледувањата на овие масовни конференции биле опфатени во извештаите на Околискиот одбор на НОФ.[95]

НОФ во Прилепската околија се занимавал и со проблемите од стопански карактер кои биле од витално значење за опстанокот на луѓето. Во тие тешки денови на опстојување основна и приоритетна задача не само пред НОФ, туку и пред другите органи на власта, била сеидбата што била и гарант за прехрана на луѓето. Пред се грижата била, во есента 1944 годна да се посеат што повеќе површини под житни култури во Прилепско. Но како тоа да се изведело кога имало недостиг на семе, на орудија за работа и.т.н. таков проблем се појавил и за

[94] Д-р Новица Велјановски...в.Нова Македонија...1996 година
[95] АМ - Подрачно одделение - Прилеп, Фонд ОНФ-Прилеп...К2

време на пролетната седба на овие почетни години по завршувањето на Втората светска воја. Сепак, поголема грижа Околискиот НОФ имал и во формирањето на работни групи - бригади за работа во Војводина за собирање на пченката НОФ се вклучи и во сузбивање на шпекулативните дејствувања. НОФ во Прилепската околија им давала голема помош на органите на власт за мобилизирање на населението за совладување на тешкотиите во извршување на сеидбените работи, за собирање на летнината. Тоа било во времето кога голем број на луѓе се уште биле единиците на ЈНА. Во Прилепската околија било актуелно и прашањето за собирање на тутунот, потоа неговото расадување. Со колкаво внимание сето ова се следело покажуваат и свиканите масовни конференции посветени исклучиво на овие прашања. Од извештаите на прочелниците за земјоделство се гледа дека во секој Околиски НОО имало недостаток на семенски материјал и работен добиток. За да се реализирала оваа проблематика биле формирани Околиски, Општествени и Месни комисии за сеидба. Во овие активности ќе ја споменам активноста на Градската сеидбена комисија на Прилеп, која извршила многу правилна распределба на слободната државна земја. Со голем успех НОФ ја спровел акцијата за садење тутун и за корнење на лозјата, а воедно бил направен и план за натпревар.[97)]

Во организираните активности на НОФ зеле учество сите слоеви на населението: трговци, интелектуални, работници и учители. Под раководство на НФ биле создадени и сеидбени фондови со кои раководеле посебни комисии. Преку овие фонодви со семе се снабдувале сите земјоделци, особено оние бедните.

Според Извештајот на Околискиот НФ од Прилеп до Окружниот одбор на НОФ во текот на декември 1945 година, со својата активност се одело до таму, да му се помага на луѓето во калапење на тутунот, потоа распределба на облеката како и за сечење дрва за огрев, потоа рамноправна распределба на газијата, која служела за пеглање на тутунот, и која била неопходна за осветлување.

По ослободувањето на земјата, покрај приватниот сектор, биле создадени услови за создавање на кооперација, односно кооперативен сектор. И во оваа

---

[97)] Исто....К-1

насока биле дадени низа упатства и донесени законски акти за регулирање на овој сектор од стопанството. Главниот одбор на НОФ на Македонија од своја страна им дал Упатства на пониските органи да развиваат силна политичка дејност. Преку масовните конференции се вршела силна пропагнада за развивање на кооперативното дело. Во работата на широките конференции, за објаснување на карактерот на СРЗ биле земени стручни лица кои можеле добро да објаснуваат. Такви лица биле прочелниците и тоа: Томе Мацаноски, Атанса Кавкалески, Милан Самак и др.[98]. Во Прилеп и Прилепско до април 1945 година биле формирани повеќе кооперации. Такви имало не само во градот туку и во селата. Некои од нив постоеле и пред тоа и ја обновиле работата,а некои биле на новоформирани.

Една од пошироките активности на Околискиот НФ била акцијата за формирање работни бригади за Војводина. Во оваа акција биле ангажирани сите органи на НОФ. Во формирањето на Бригадите учествувале преку 200 луѓе и тие заминале на работа во Војводина.[99]

НОФ на Прилепската околија својата активност ја насочила и во подигањето на културно - просветното описменување на населението. Оваа активност била реализирана со целосна опфатеност на децата во образовниот систем и преку спроведување на аналфабетските курсеви.

Во Прилеп и Прилепско постела голема неписменост, а тоа било резултат на туѓото ропство и тешката економска положба на населението. Туѓите власти во Прилепската околија настојувале да извлечат што повеќе материјално богатство и што повеќе да опљачкаат,а не да се зафат со описменување на населеието. Во нивни интерес било населението да биде во тотална неписменост. Борбата за описменување траела долги години. За периодот од 1944 година па се до 1953 година биле преземени најразлични методи, за описменување и во тој правец имале доста успеси. Во Прилеп и Прилепско имало преку 20.000 неписмени луѓе. Во текот на 1945 година биле описменети преку 400 луѓе, во наредната 1946 година биле описменети 1200 луѓе, во 1947 година 2700 луѓе, во 1948

[98] Исто цф.К-2
[99] в.Нова Македонија, бр.5 и 6 15.4.1945... Запис

година 3.500 луѓе, а во 1949, 50, 51, 52 година неписменоста била сведена на минимум, но не и искоренета. Таа ќе се провлекува и во подоцнежните години. Организацијата на НФ во Прилеп и Прилепско земала широки активности и на полето на културно - просеветното издигнување на населението. Во таа насока голема улога одиграл и Народниот универзитет кој бил формиран на 9 мај 1945 година.[100)]

Преку фронтовската организација, покај актуелните дневно - политички прашања биле одржувани и предавања од историскиот развој на македонскиот народ. На широките конференции било читано за Илинденското востание, за 1 Мај - Денот на трудот, за значењето на 11-ти Октомври - Денот на вооруженото востание на македонскиот народ, 8 Март - Денот на жената, потоа 27 - мартовските настани, 42 - години од загинувањето на Гоце Делчев, како и победата над фашизмот и завршувањето на Втората светска војна.

Преку НОФ и другите масовни организации се вовел и натпревар меѓу работниците од разни стопански и општествени дејности. Овие натпревари биле побројни и помасовни за време и пред одржувањето на значајни конгреси, и настани, пример пред одржувањето на 1 конгрес на КПМ.

НОФ од Прилеп и Прилепско организира масовни работни акции за регулирање на градската река, потоа за регулација на реката Црна, биле организирани масовни акции за пошумување, како што била акцијата на Шаторов Камен. Фронтовската организација голема активност пројавила во спроведувањето на Законот за аграрна реформа колонизацијата и одземањето на земјата на големопоседниците. Обичај било секој закон што се носел да помнува во манифестација. Исто така, големи организациони зафати биле направени при спроведувањето на Колективизацијата и влегувањето во СРЗ.

Меѓутоа, за разграничувањето на компетенциите на органите на НОФ и власта имало извесни проблеми. Пример, во врска со борбата со шпекулантите било нагласено, дека претресот во куќите на шпекулантите врши само власта. А, ако имало потреба помош се барала и од другите организации за сузбивање на шпекулантите.

[100)] АМ - Подрачно одделение - Прилеп... Фонд ОНФ. К2

Во в.Нова Македонија за прилепските шпеклуланти од 5.6 и 7 мај 1945 година е запишано "Овие денови во Прилеп имаше голема демонстрација против шпекулантите. Народот организиран и потикнат од НОФ во долга колона на демонстранти низ чаршијата со многу огласи и траспаренти, со пароли каде што се барало смрт на шпекулантите, како најголемо зло за нормален развиток на народниот живот. Врвејќи низ улиците на демонстрантите им се приклучиле се повеќе народ, така поворката станала долга како што дотогаш не се паметело во Прилеп. Народот беше револтиран од затворените дуќани, се бараше да се отворат и да се разнеси стоката и да се продава. На многу места се јавувале говорници. Еднаш за секојапат да расчистиме со сите шпекуланти и воени богаташи, па потоа со здрави и снажни чекори да се тргне напред кон посветла иднина и посреќен живот, тоа го истакнал Блаже Талески од говорницата.[101]

Прилепската фронтовска организација за да можела подобро да го информира своето членство имала и орган, односно локален весник 11-ти Октомври, орган на Градскиот и Околискиот народен фронт - Прилеп.

Овој орган - локален весник излегувал две години и на многу успешен начин ги информирал читателите. Уредници на овој весник биле:

*1. Дано Миланов Пиљакоски, главен уредник, повереник на Просветниот отсек на Градскиот народен фронт - Прилеп.*

*2. Добрица Дончева Димеска, службеник во Околискиот суд - Прилеп.*

*3. Смугрески Лазаров Алекса, службеник при Околинскиот просветен отсек.*

*4. Лазески Христов Александар, референт при Просветниот отсек.*

*5. Димче Горгиев Оровчанец*

*6. Ацо Рампов Топличанец.*

Весникот се печател во Битола во печатницата Киро Дандарот и според планот било предвидено овој весник да излегува двапати месечно. Весникот до-

---

[101] в.Нова Македонија, Скопје, 1945 година

бивал дописки од организациите и овие дописки биле редактирани од Редакцискиот одбор, а потоа се печателе.[102]

## 4.4. Развојот и активноста на синдикалното движење во прилепска околија

Синдикалното движење во Прилеп има своја подолга историја. Неговите зачетоци датирале веднаш по завршувањето на Првата светска војна. Во годините по Првата светска војна во Прилеп било силно развиено синдикалното движење. Во далечната 1919 година во Прилеп била формирана Месна организација на СРПЈ (комунисти), која развила широка организациона и политичка културно - просветна дејност меѓу работниците во Прилеп[103] . Нејзино главно упориште на организационата работа била меѓу работниците во синдикалните организации. Во овој период брзо се ширело синдикалното и работничкото движење во Прилеп. Прилеп и Прилепско во развојот на синдикалното движење имало специфични услови на развој.[104]

Прилеп бил тутунски град. Тутунопроизводството, тутунопроизводителите ја претставувале работничката класа, која целосно или делумно ја базирале својата егзистенција од оваа стопанска гранка. Индустријата во Прилеп ги носела истите белези како и во Македонија. Главно од прехранбената област, со мали капацитети. Пред Втората светска војна во Прилеп имало индустриски претпријатија со потребниот минимум на вработени работници и тоа: Електричната централа Претпријатието за неметали, Рудникот “Моминок”, претпријатијата од прехранбената гранка и тутунскиот Монопол.

Во Прилепската околија работниците работеле и живееле во многу тешки услови. Монополските работници биле најмногубројни, но и работеле во најтешки

[102] АМ-ПО-Прилеп ФОНДОНОО...К1
[103] Во 1921 година во Прилеп имало 18.406 жители, а во целата околија имало 45.770 жители, а во 1931 година бројот на аселението во градот броел 22.821, а со околината 54.480. Прилеп и Прилепско низ историјата Прилеп, 1972 година.
[104] Во перидото меѓу двете светски војни населението во Прилеп и Прилепско се занимавало со сточарство, тутунопроизводство, според некои податоци 60-80% од населението се занимавало со тутун. Прилеп и Прилепско ...цф...стр.154.

услови и врз нив се вршела голема експлоатација. Од тие причини биле создадени услови за формирање на првите синдикални подружници на монополските работници.

Кон крајот на 1919 година по формирањето на МО на СРПЈ во Прилеп била формирана Синдикална подружница на шивачките работници од 5 члена. Бројот на членовите на оваа подружница секојдневно се зголемувал и достигнал бројка од 20 до 40 луѓе. Исто така, во наредната година Синдикалната подружница се формирала и од кожарско - чевларските работници[105)] .

Меѓутоа, и покрај одредени поволни услови за развој на синдикалното движење во почетните години од Првата светска војна во Прилеп и Прилепско не можело да се развива силно синдикално движење, од причини што работниците биле расцепкани на мали занаетчиски капацитети, не постоеле некои поголеми индустриски капацитети. Синдикалните организации воделе жестока борба за подобрување, но и за зголемување на надниците, намалување на работното време, за создавање на неопходни хигиено - техничките услови во процесот на производството. Во овој период Синдикалните организации воделе борба, претежно од класно - социјален, а потоа и национален карактер.

Синдикалната организација во Прилеп повела низа активности како што била активноста на работниците на железничката пруга за постигнување на покачување на тарифните акции, за зголемување на надниците на работниците и за измена на нивниот статус од сезонски работници во стални работници. Синдикалното движење во Прилеп било активно и за време на одбележувањето на 1-ви Мај, Денот на трудот, потоа за време на општите и парламентарните избори во 1920 година.

Во 1921 година во Прилеп било формиран Месен синдикален одбор од седум члена, претседател бил Боше Стојановски, а секретар Милан Продан. По формирањетона МСО во Прилеп биле обновени активностите на Синдикалните подружници на монополските, шивачките, чевларско - кожарската, железничарските работници и др. Силен подем во развојот на синдикалното движење имало по 1933 годни, и биле спроведени низа активности. Позначајни

активности биле формирањето во Месниот меѓуструков одбор во април 1937 година. Во овој ММО влегувале претежно работници од Монополот. Синдикалното движење во Прилеп водело силна борба против владиниот синдикат Југорас. Оваа борба против владиниот синдикат започнал по 1929 година. По 1937 година, по зајакнувањето на Партискаа организација, сидикалното движење во Прилеп пораснало во носител на борабата против режимот и против експлотацијата. Синдикалнoто движење имало силни упоришта меѓу работниците во Монополот и во чаршијата. Сите прогресивни работници биле опфатени во движењето. Синдиланото движење во градот станало еден вид универзитет каде што се школувале кадрите и оттука заминувале во првите борбени редови во борбата за слобода на македонскиот народ, во борбата против режимот на тогашна Југославија за национална и социјална слобода, за борба против фашизмот како светско чудовиште. Во годините пред Втората светска војна во Прилепското синдикално движење организирало голем штрајк на монополските работници од 1938 година.

Со овој краток предлог за развојот на синдикалното движење меѓу двете светски војни настојува да дадам еден континуитет на развојот на синдикалното движење затоа во различни периоди, со развлични услови на дејствување. Во понтамошниот текст ќе го проследиме развојот на синдикалното движење по Втората светска војна во градот каде веќе се измениле условите на живеење и работа и синдикатот се јавил во сосема нови услови на работење.

За време на бугарската фашистичка окупација во Прилеп не постоело синдикално движење. Тоа во целост било разбиено од страна на бугарските фашистички сили. Но, и покрај тоа, напредното работничко движење на работниците - припадници на прогресивното предвоено синдикално движење во текот на НОВ го сочинувале јадрото на партизанските одреди формирани на територијата на Прилепската околија. Брзиот развој на напредното прогресивно движење во градот бил резултат на силната единствена Партиска организација предводена од МК на КП. Борбата што ја повела била со широк фронт на дејствување и во него можеле да влегуваат и оние граѓани кои влегле во борбата за осло-

---

105) Прилеп и Прилепско низ историјата...цф...стр.140

бодување на Македонија од туѓото ропство. Од овие причини во борбата народот влегол масовно. Во овој текст ќе го наведам примерот на Првиот прилепски партизански одред "Гоце Делчев", кој помеѓу и почетокот на вооруженото востание на македонскиот народ во борбата против бугарскиот фашистички окупатор. Во Одредот имало 33 борци, колку што ги имало во почетокот, од нив 25 борци припаѓале на синдикалното прогресивно движење. Ист бил случајот и со Вториот партизански одред "Димитар Влахов". Од 54 борци 40 борци биле работници.

По ослободување на Македонија, односно на Прилеп во него се создале услови за брз развој на сите сегменти во општественото живеење. Во Прилепската околија се создале сите предуслови за создавање и организација на сите државни органи, кои ја презеле целокупната активност во организирањето на населението за расчленување на урнатините и за организација на стопанството. Во Прилеп како интегрален дел на Македонија, односно Федерална Југославија, сите одлуки донесени од повисоките органи биле спроведувани во живот.

Синдикалното движење во Прилепската околија кое имало богата борбена традиција било обновено. Оваа обнова настанала како резултат од тоа потребата за изградба на опустошената земја и по иницијатва на одржаната Земска синдикална конференција од 23-25 јануари 1945 година на работниците и намесниците од сите републики на Југославија. На оваа конференција биле удрени темелите на Единствениот југословенски синдика, а по тој повод во Македонија бил одржан Општ работнички митинг во Скопје. На него биле набележани повеќе проблеми со кои требло да се занимава синдикалното движење. Основна задача на синдикалното движење било ослободување на неослободените краеви, обнова на разрушеното стопанство во Македонија и просветно - културна активност на работниците. На овој општ работнички митинг бил избран акционен синдикален одбор на Македонија со задача во сите македонски градови да се формираат Месни Акциони одбори, што требало да ги организираат работниците во своите струкови сојузи. Во склоп на нив требало да се организираат Синдикални подружници, управи. Овие ставови и решенија на овој прв работнички митинг имало силен одзив во Прилеп и Прилепско.

Во Прилеп првата Синдикална организација била обновена на 17 февруари 1945 година. Тогаш бил создаден месен синдикален совет со истурени подружници во поголемите работни организации. Месниот синдикален совет - Прилеп имал свој Извршен одбор и Пленум што го сочинувале делегати од подружниците. Во истражувањето на архивскиот материјал не успеав да го пронаједам составот на Првиот месен синдикален совет, од причини што не беше наведен во ниту еден документ.[106)]

Прва синдикална подружница што била формирана, односно обновена била во Државниот монопол и Тутунската станица која броела 24 работници. Тоа било на 17 февруари 1945 година, а потоа биле формирани подружници и во другите работни организации и тоа: прехранбено - воденичарската, кожарската, комуналната, дрводелската, монополската, Институтот за тутутн, градежната, трговската, здравствената и просветната подружница. Во 1945 година имало три просеветни подружници. На секоја подружница имало претседател, секретар и благајник. Во 1945 година во Прилепската околија постоеле два месни одбора. Тој можел да биде оформен од две и повеќе подружници кои биле од иста гранка. Меѓутоа, од ова може да се извлече заклучок, дека голем број синдикални подружници постоеле на хартија без да развијат своја активност се со цел да задоволат одредени критериуми. Од следниот преглед за 1945 година може да се види колкуи синдикални подружници постоеле при Месниот синдикален совет и колку луѓе биле опфатени со нив и колку останувале надвор од Синдикланата организација.

---

[106)] МСС - Прилеп, организирал работна екипа за помош во собирањето на летнината во села:.....в.Трудбеник...2...10 Скопје 1946 година.

Табела 4

**П Р Е Г Л Е Д**

*на сите подружници при Месниот синдикален совет - Прилеп*

| Р. бр. | Назив на подружницата | Организирани раб. | Неорганиз.рабо. |
|---|---|---|---|
| 1. | Финансиска пр. ГНО - Прилеп | 29 | 29 |
| 2. | Монопол | 93 | 93 |
| 3. | Рекопс | 42 | 42 |
| 4. | Финансиска при Народна банка | 16 | 16 |
| 5. | Институт за тутун | 253 | 253 |
| 6.1. | Просветна | 64 | 64 |
| 7. | Гранап | 91 | 91 |
| 8. | ФАП | 20 | 20 |
| 9. | Просветна | 134 | 134 |
| 10. | Судот | 27 | 27 |
| 11. | Тракторска | 70 | 40 |
| 12. | Администрација при ОКО | 68 | 65 |
| 13. | Кооперација | 35 | 35 |
| 14. | Здравство | 84 | 79 |
| 15. | Рударство и метали | 27 | 27 |
| 16. | Околиски огрев | 34 | 31 |
| 17.3. | Просветна | 53 | 53 |
| 18.4. | Просветна | 35 | 35 |
| 19. | Угостителство | 71 | 71 |
| 20. | Администрација при | 80 | 80 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ГНО | | |
| 21. | Финансии при ОНО | 30 | 30 |
| 22. | Метална индустрија | 421 | 421 |
| 23. | ПТТ | 32 | 32 |
| 24. | Градежништво | 364 | 364 |
| 25. | АТП | 40 | 40 |

Вкупно во сите Синдикални подружници биле организирани 2.393 работници или неорганизирани 143 работници. Овие податоци се од есента на 1955 година.[107)]

Синдикалното движење во Прилеп во почетните години од ослободувањето на Прилеп успеало да ги собере работниците во Синдикални подружници и за време на овие години горенаведената бројка е прилично голема тоа било од причини што кај луѓето постоеле добри спомени од синдикалното движење кое било носител на прогресивното движење, а од друга страна централистичко - административното раководење создавало услови сите работници да станат членови на синдикалното движење.

Во својата активност синдикалното движење ги разработувало сите актуелни прашања од општественото живеење во градот пред се оживотрворувањето на сите закони и нормативни акти.

Според активностите што ги спроведувала Синдикалната организација во Прилепската околија може условно да се подели на два периода и тоа: Период на обнова од 1945 - 1946 година и 1947 година, а од 1947 до 1952 година Периодот на планска изградба во Прилеп и Прилепско. Во овие години силен поттик на

107) Во еден извештај од МСС; Прилеп стои дека МСС-Прилеп бил во следниот состав; Коце Јанески, секретар, Стеван Стојаноски - претседател Стеван Димески, Пецо Думбалот, Василе Богески. АМ - Подрачно одделение Прилеп Фонд; Општински синдикален совет 1945-1946. Во 1948 година, Месниот синдикален совет во Прилеп бил во следниот состав: Киро Пашоски, претседател, Блаже Николоски, претседател Коста Крстески, Василе Богески, Илија Адамчески, Димо Оровчанец. Распордот по сектори на членовите на МСС - Прилеп било на следниот начин распоредено: Мице Солески, организационен секретар Киро Пашоски претседател, Коста Крстески, тарифи и натпревари, Мице Талески, културно - просеветен сектор, Димче Ѓорѓиески, снабдување и станови, Димче Ацески, фискултура. Во еден извештај на МСС - Прилеп до Главниот одбор на ЕСНОМС - Скопје во 1950 година стои претседателството на МСС - Прилеп и бил во следниот состав: Јоска Магдески, претседател, Василе Чупаркоски, секретар, Целе Стефаноски, културно - прос-

кативност и Синдикалната организација дале четвртиот пленум на Главниот одбор на Единствениот синдикат на работниците и намештениците на Југославија од 17-18 ноември 1946 година одржан во Белград. Централно прашање на активноста на синдикалното движење во Прилепската околија биле следните прашања: планското производство и задачите на Синдикатот, масовноста во остварување на културно - просветните активности на Синдикалната организација и социјалното осигурување на работниците. Тоа е период кога завршувала обновата на земјата и преминот кон планска изградба, односно донесување на петгодишниот план за развој на народното стопанство. Сите одлуки донесени на Главниот одбор на ССМ придонесле за побрз организационен развој на синдикалното движење во Прилепската околија и негова сестрана активност и опфаќање во сите пори од општественото живеење.

Во текот на 1946 година во Прилеп имало пет Месни одбори со 23 подружници. Месни одбори имало во:

*- Монополскиот месен одбор со две подружници, Монополот и Институтот за тутун. Во овие Синдикални подружници имало преку 2.165 членови;*

*- Просветниот МО бил со шест подружници и во нив влегувале сите просветни работници;*

*- Банакрско - трговскиот Местен одбор со три подружници и тоа Кооперација, Гранап и Нама со целокупното членство до 172 работници;*

*- Месниот одбор на транспортните работници бил со три подружници секции во Гаража и Фап со целокупното членство од 127 членови;*

*- Месниот одбор на градежните работници со три подружници градежна 1 и 2 и каменорезачка со целокупното членство од 26 работници.*

Подружници на Синдикатот кои биле без Месни одбори, а биле врзани со Месниот синдикален совет биле:

*1. Металска..........................................168 члена*

*2. Здравствена........................................65*

*3. Правосудна........................................61*

---

ветен сектор, Пеце Наумоски тарифи, Блаже Спиркоски снабдување, Умер Јаја социјално, Спасија Димеска, Киро Темелкоски, Петар Костоски.

*4. Поштенска.........................................41*
*5. Дрводелска........................................72*
*6. Текстилна..........................................62*
*7. Управно - техничка............................29*
*8. Стопанска...,........................................24*
*9. Финансиска.........................................27*
*10. Угостителска...................................132*
*11. Комуналната.....................................87*
*12. Полјоделската................................190*
*13. ФЕП.....................................................19*
*14. Прехранбена.....................................27*
*15. Машино - тракторска........................25*
*16. Берберо - хигиенска.........................15*

Овие подружници дејствувале само без да имаат оформено Месни одбори и тие биле директно врзани со месниот синдикален совет на Прилеп и за својата работа одговрале пред него. Во извештаите стои дека вкупниот број на членството на синдиланото движење во Прилепската околија бил 3.928 членови.[108)]

Во месниот синдикален совет имало формирано, односно организирано Културно - просеветен одбор и тоа со свои сектори, Културно масовен одбор, Уметнички одбор и фискултурен одбор.

Месниот синдикален совет - Прилеп покрај своите струкови активности се вклопувале и во одржувањето на разни митинзи по повод одделени настани.

Месниот синдикален совет на Прилеп се состанувал реодвно и по повеќе пати во месецот. Меѓутоа, за време на седниците се расправало за слбаостите во работата на Синдикалната организација и за слабата посетеност или, воопшто, не одржувањето на конференции од причини што во летните месеци работниците биле зафатени со полски работи, односно со садење тутун или негово прибо-

[108)] Архив на Македонија - Поодрачно одделение - Прилеп Извештај за Скоевската и Малдинската организација за период 1946 - 1950 година...К-1

рање. Во еден извештај од работата на Месниот синдикален совет на Прилеп се вели дека за време на состаноците се расправало за новиот закон за чиновниците, за социјалното осигурување, за стопанскиот план, а биле посочувани и конкретни работи и нивно разрешување, за овие проблеми било расправано и на состаноците од подружниците. Така, целото членство било во ситуација да биде запознато со сите задачи што биле преземени, или пак биле донесени и нивно спроведување. Особено интересирање предизвикувало учеството на членовите од Синдикалната подружница во изградбата на позантите објекти во градот и тоа изградбата на болницата, на гимназијата, потоа учеството на масовните работни акции во Прилеп и околијата особено, на работата на реката Црна и др.

Во друг извештај се вели дека од Синдикалната организација биле испратени 18 екипи по селата со по двајца членови за одржување на широки конфернеции за објаснување во врска со откупот на житото. Во овие акции големо учество зеле работниците од Просветната подружница и Монополската подружница. Синдикалната организација организирана и митинг во Прилеп против франкова Шпанија на кој учествувале преку 2000 учесници.

На вонредните состаноци на Месниот синдикален совет на Прилеп присуствувале делегати од Белград и Скопја на еден од тие состаноци присуствувала и Пеипца Кардељ. На состаноците било расправана за снабденоста на работниците и пропустите во снабдувањето.

### 4.5. Развој и активност на организацијата на СКОЈ и НОМСМ во Прилепската околија по Втората светска војна 1944 – 1945

По звршувањето на Втората светска војна, Сојузот на комунистичката младина на Југославија СКОЈ во Прилепската околија претставувале масовно младинско движење кое опфаќало повеќе стотина младинци. Ова движење било раководено од Комунистичката партија. СКОЈ - евската организација претставувала непосредна врска на Партијата и младинската популација. Партијата ја насочувала енергијата на малдите, нивната решителност, храброст, како и нив-

ната присутност во сите пори на општественото живеење (во чаршијата, училиштата, работните организации, кварталните, населените места - села, во остварување на задачите и целите што се поставувале по вертикална линија. Партијата врз малдите вршела силна идејно-политичко влијание и ги ангажирала во изведувањето на најсложените задачи.

Скоевската организација во Прилепската околија активно учествувала во Народноослободителната и антифашистичката војна на Македонија, тука во виорот на војната во градот ги стекнала и своите борбени искуства кои по ослободувањето биле преточени во силен градителски ентузијазам во обновата и изградбата на земјата, на градот.

Организационата поставеност на СКОЈ-евската организација во градот ги добила оние организациони поставености, како и другите масовно - политички организации. Постоел Местен комитет на СКОЈ за Прилеп. Во самиот град постоела неколку Скоевски раководства на СКОЈ. Постоело чаршиско раководство на СКОЈ, кое ја развивало својата активност во чаршијата. Чаршинското раководство го сочинувале: Благоја Видевски - Чичето, секретар, Боце Оџоски, членови Спиро Забрчанец.

По ослободувањето на Прилеп Месниот комитет на СКОЈ, раководеше со Скоевските групи кои биле организирани врз територијален и производствен принцип. Во градот постеле Скоевски групи по кварталите - маалата. Скоевски групи имало во гиманзијата (6-7 групи), потоа во Монополот, Гранап, Електричната централа. Во составот на Месниот комитет на СКОЈ влегувале: Боце Оџоски, подоцна бил префрлен во Околискиот комитет на СКОЈ, Милан Талески - Пинзур, Стева Симоница, Назим Сулјемани, Вера Талеска, Стеве Мала, Методија Лазески. Со обласниот комитет на СКОЈ раководел Киро Ристески - Лулата. Овие раководства често претрпувале измени во зависност од самата положба и реорганизација.

Основна задача на Скоевската организација по ослободувањетона градот била да се обнови и изгради градот и да се спроведат во живот сите нормативни акти што биле донесувани од повисоките органи. Во почетните години по Втората светка војана Скоевската организација во Прилеп се зафатила со мобилизирање

на населението во единиците на НОВ и ПОМ, потоа борба за прехранување на населението, особено внимание посветувала на есенската сеидба која била и единствен избор за добивање храна во овие воени години. Скоевската организација се нашла на браникот на спроведувањето на Аграрната реформа и сите нормативни акти што предизвикувале радикални промени во секојдневното живеење во Приепската околија. Покрај задачата да се гради народната власт и борба против сите оние кои давале отпор на власта водела грижа за организирање и зацврстување на Народниот младински сојуз на Македонија (НОМСОМ).

Во Прилеп имало организирано Скоевски групи и тоа: во маалата; Корзо, Долно Маало, Варошко Маало, Монопол, Варош, Тризла Рид, Вишне и во секое село од Прилепската околија.[109)]

Скоевската организација водела голема грижа во спроведувањето на радикалните промени во Прилепската околија, а и во целост се вклучила во образовно - просеветната политика, во описменувањето на населението. Биле формирани групи кои ги воделе анафалбетските курсеви, се разбира под контрола на просветните работници.

Во 1947 година бројната состојба на Скоевската младина била следната 281 члена во Прилеп, а во околијата имало преку 400 младинци - членови. Но овде морам да подвлечам дека за точна бројка не може да се каже од причини што секојдневно се променувале и тоа едни веќе станувале членови на Партијата и заминувале, а додека пак малдинските членови станувале Скоевци. Во овој текст ќе ја земам 1947 година. Според извештајот за Сековската оргнаизација во Прилеп со трите села имало 281 члена, а во Прилепската околија имало преку 400 членови. Сите секретари на Скоевските групи биле и членови на Партијата, во градот имало 22 групи.[110)]

Стажот на Скоевската организација било: Со стаж од 7 години имало 3 членови, со 6 години имало 4, со 5 години 9, со 3 години 34, со 2 години 84, со една година 141 член. Во текот на 1947 година имало примено во Партијата 32 членови. Примањето било вршено на тој начин што секретарот на скоевската

[109)] Исто....цф...док...3 К-1
[110)] АМ - Подрачно одделение - Прилеп....Извештај..цф...К-1

група, разгледувајќи ја работата им предлагална членовите на ќелијата во Партијата да се примат за членови на Партијата .

Во текот на 1947 година за членови на СКОЈ биле примени 42 членови. Начинот на примање бил тема што на секој редовен состанок бил разгледуван предлогот на малдинската огранизација за примање на нови членови. Овие податоци можат да бидат показатели и за другите години што следувале: 1948, 49, 50. Во одделни периоди Скоевската организација покажала и извесни слабости. Но, таа брзо била попречувана од Партиската организација и повторно била воспоставена рамнотежа во понатамошниот развој.

Организацијата на Народноослободителната малдинска организација во градот била забележана веднаш по одржувањето на Првиот конгрес на НОМСМ во с.Фуштани во Егејскиот дел на Македонија. Во првите години од ослободувањето активноста на НОМСМ била многу присутна на секојдневниот живот во Прилепската околија.

Организационата поставеност била како и другите масовно политички организации. Градскиот одбор на НОМСМ бил во состав: Милан Талески - Пинзур, кој бил и секратар на МК на СКОЈ, а секратар на ГО на НОМСМ била Стеве Симоница.

Во текот на 1947/48 година Младинската организација броела 1.568 членови. Не организирани биле 432 младинци. Од овие работници биле737, селани 225, ученици 524. А по националност Македонци биле 1.485 Цигани - роми 30, турци 32, Срби 39.[111)]

Активноста на народната малдина била пристуна во сите сегменти на општественото живеење и вос проведувањето намасовните акции за пошумување, за мелиоризација на речните корита, потоа во описменувањето на населението и други Младински бригади учествувале за берба на пченика во Војводина и на други места во Југославија.

---

111) Исто...К-1

## 4.6. Развој и активноста на антифашистичкиот фронт на жените во Прилепската околија

Антифашистичкиот фронт на жените од Прилепската околија имал една своја подолга традиција на борбеност и политичко созревање. Првите политички созревања и стекнување на борбено искуство започнало во годините пред Втората светска војна кога и жените се вклучиле во напредното движење за национална и социјална слобода на македонскиот народ.

За време на фашистичката окупација на земјата во Прилеп се објавиле и првите борбени никулци кај жената - борец. Таа е вклучена во борбата за слобода. При формирањето на Партизанскиот одред Гоце Делчев жената била во неговите борбени редови. Учествувала при изведувањето на борбената акција на 11-ти Октомври 1941 година. Потоа, учествувала во сите вооружени борбени акции што биле изведени за време на четиригодишната вооружена борба против бугарскиот фашистички окупатор во градот. Жената од Прилепската околија имала континуитет и масовно учество во борбата против фашизмот. Таа во оваа борба учествувала организирано и самата создала своја организација која длабоко се втемелила во историјата на македонскиот народ.

Месниот одбор на АФЖ во Прилеп бил формран во месец декември 1943 година. Првиот одбор на АФЖ во Прилеп го сочинувале: Васе Капчева, Мара Козароска, Драгица Трајкоска и Фанче Николоска. Овој Одбор претрпувал измени. Така, во 1944 година него го водела: Фанче Николоска, а членови биле: Васе Камчева, Мара Козароска, Добра Цекоска и Паце Иваноска.[112)]

По ослободувањето на Прилепската околија продожила континуирана активност на АФЖ. По ослободувањето постоела Местен одбор на АФЖ од 3 члена, Извршен одбор од 11 члена и Пленум од 22 членови. Исто така биле формирани и реонски одбори на АФЖ. Според еден извештај за работата на АФЖ во Прилепската околија имало формирано 11 одбори во градот, а вакви одбори имало и во секое село, таканраечен селски одбор на АФЖ.

---

112) Сеќавање од Драгица Трајкоска, дадени на авторот

По одржувањето на Првата главна конфернеција на АФЖ на Македонија во пролетта 1945 година била формиран и Окружен одбор на АФЖ. Претседател на Окружниот одбор на АФЖ влегувале и претседателите на Градските одбори на АФЖ Прилеп, Крушево, Кичево и Македонски Брод.

АФЖ во Прилепската околија претрпува реорганизации во зависност од административно - териториjалната поделба на македонската држава. Во 1948 година Градскиот одбор на АФЖ и неговиот Извршен одбор го сочинувале: Добра Цекоска, Драга Русеска, Павлина Пирганоска,, Павлина Ачкоска, Мели Ибраим. Пленумот на ГО на АФЖ го сочинувале 30 жени. Секторите биле водени од жени кои имале поголемо борбено искуство. Економскиот сектор бил воден од Хисула Пиљакоска Културно - просветниот од Павлина Петреска. Раководни одбори постоеле по квартали. Во кварталот Корзо раководела Весела Мојсоска, Рид Блага Галеска, Ѓоргдере Весела Мирисалкоска и др.

Дејноста на АФЖ во Прилепската околија била многу значајна и многу масовна. Сепак, основна задача и била да ја гради народната власт и како и сите други масовно - политички организации дејствувале и зела активно учество во спроведувањето на масовните акции за пошумување и описменување. Зела учество и во пошумувањето на Шаторов Камен. Поголема активност зела во спроведувањето на здравствените акции во сузбивање на тифусот, и други болести. [113)]

АФЖ - Прилепската околија во целост била вклучена во описменувањето на населението. Имала формирано Бригади за изведување на оваа задача. Оваа оргнаизација била како трансмисиона организација на Партијата. Таа ги спроведувала директивите на Партијата.

---

113) АМ- Подрачно одделение - Прилеп, Фонд АЖ 1-1948-1955

## 4.7. Мерките и активностите на народната власт и масовните политички организации во спречување на отпорот на разни реакционерни групи и новопојавени политички сили во Прилепската околија

Насловот, како што е даден во оваа подглава, има една своја посебна специфика и своја тежина. Тој досега не е разгледуван, но во последно време се пријавени напори да се разгледуваат одделни политички сили кои се појавиле во тој период, но тие се расветлуваат онака како што ги гледале тогашните нивни идејни творци. Овде немаме можност во целост да ја разгледаме оваа проблематика, за неа спроед мое мислење треба една целосна студија. Моите напори се свртени кои расветлување на овие настани во контесктот на нашата тема, секако сврзано со времето и просторот што го имаме на располагање. Ќе настојувам да се определат сите отпори што се давале на тогашната власт. Овде се наметнува и прашањето да се разгледаат сите отпори онака како што се случувале и во чија режија работеле. Во Прилепската околија, веднаш по ослободувањето имало голем број на остатоци кои биле тесно поврзани со бугарската фашистичка власт. Тоа биле групи, поединци отворени соработници на окупаторот и лично биле вклучени во неговиот административен апарат. Тие сите не биле протерани ниту апсени, но останале во азаветрините и подмолно почнале да дејствуваат против народот и власта што била во зачеток на своето оформување.

Бугарскиот фашистички окупатор за да ги оствари своите цели и да докаже дека бил ослободител на Македонија доведува силен административен, полициски, образвоен и културен апарат и настојувал; да го всади чуството на бугаризмот во Прилеп и Прилепско. Но, за да ја оствари оваа цел, тој настојувал да најде свои соработници и погодни личности со задача преку нив да ја зајакне власта и да го елиминира македонското чувство.[114)]

Меѓутоа, во обидите бугарската власт да ја измени националната свест на македонскиоит народ наидел на одобрување само на поединци, помали

[114)] Целокупна Б,лгарија стр.4.

политички групи на Иван Михајлов, Чкатров Ѓузелов, Китинчев и други кои тргнале од своите политички убедувања и карактеристични амбиции, го прифатиле бугарскиот окупаторски систем и се ставиле во негова служба, а со тоа станале предавници на македонскиот народ.

Бугарскиот фашистички окупатор се поцврсто се врзувал со овие отпадници од народот. Вакви групи и личности имало и во Прилеп и Прилепско и тие биле вклучени во административно - пропагандниот и полицискиот апарат кој од нив барал максимална ангажираност во зацврстувањето на бугарската власт и во спроведувањето на нејзината денационализаторска и асимилаторска политика.

Бугарската власт во градот уште од почетокот на окупацијата ангажирано ги вклучил во повисоките административни функции и тоа за кмет на Градската општина бил поставен МЕТОДИЈА НОЧЕВ. За негов заменик БЛАГОЈА ЌУРЧИЕВ и двајцата прилепчани и ЦАНЕ АЏИЗДРАВЕВ, кој подоцна бил поставен за секретар на Градската општина. Луѓе од Прилеп и Прилепско биле поставувани и за кметови на Општините. Голем број на соработници на окупаторот биле вклучени во разни културни и просветни институции. Потоа, голем број на соработници на окупаторот биле во униформа и биле вклучени во полицискиот систем. Таков бил случајот со полицајците стражарите на Участокот, каде и бил даден сигналот за почеток на вооруженото востание на македонскиот народ.

Бугарската власт во Прилеп и Прилепско формирала мрежа на занаетчиски, трговски и земјоделски здруженија се со цел да ги вградат во развојот на целокупниот политичко стопански живот на бугарската држава.

Од досегашните истражувања и документација се доаѓа до сознание кои лица биле отворени соработници на окупаторот. Во текстов ќе ги набележеме оние соработници на окупаторот кои извршиле тешки злосторства и нанесувајќи му тешки загуби на Народноослободителното движење на градот: Киро Тамбурката, Јани Туфа кој извршил тешка провала во текот на 1942 година, Коло Стојанов, Киро Червенко, Мице Корубин, Методија Чавкар, д-р Брдаров, Вера Христоска-Звездоска која извршила злосторство и предавство на Кире Гаврилоски и Круме Волнароски, Милан Ѓурлуков кој на НОВ во Прилеп и Прилепско им

нанесол тешки загуби. Атанас Џамо, предавник и егзекутор на деветте партизани во с. Прилепец на 19.12.1942 година, Петре Кузманоски - Зеленко, дезертер и предавник на борците од Втората чета од Одредот "Димитар Влахов" на Мукос Планина каде на 14 септември 1942 година загинале 14 борци.

По ослободувањето на Прилепската околија голем број од овие предавници биле фатени и затворени, дел од нив успеале да избегаат, а дел од нив останале во заветрините на народот и во зависност од политичката и економската ситуација се појавувале и ги реализирале своите мрачни цели, повторно да го послушаат своите надоврешни господари за да ги реализираат нивните мрачни идеи. По ослободувањето му се судело и беа осудени на казни со затвор и смртни пресуди и тоа на: Милан Ѓурлуков, Благоја Радобилец, Петре Спасески, Миле Тошески, Ицко Срчарот-Христоски, Ристе Врдароски, д-р Брдароски,Коста Корубиноски, Зора Думбалоски, Џемо Таировски. На 2 март 1946 година му било судено на воените предавници и му била одземена воената печалба, а му било судено на Трајко Мирчески, Милан Зојчески, Ѓоре Мирчески, Трајко Неделкоски, Тоде Секулоски, Тоде Рочески.[115)]

По ослободувањето на Прилепската околија со цел да се зацврсти позицијата на органите на народната власт и да се развиваат придобивките од НОВ и ПОМ масовните - политички организации и народната власт преземале енергични мерки против сите непријателски појави. Против сите непријателски дејствувања масовните политички организации и народната власт издавала прогласи за борба против остатоците и соработниците на окупаторот. Така во еден проглас од септември 1944 година упатено до граѓаните на Прилеп, се повикуваат граѓаните да земат што помасовно учество во што побрзо ликвидирање на остатоците од непријателот. Во него се вели "Денес тие фашистички гадој ако не ги очистивме, не можеме да живееме слободно и ја изградуваме нашата држава - Слободна Македонија".[116)]

Во Прилепската околија, по ослободувањето се појавиле и еден друг вид непријатели, наречени шпекулантски групи, поединици и елементи. Тие, ко-

115) Прилеп и Прилепско низ историјата, Прилеп 1971 стр.160
116) АМ-Подражно одделние - Прилеп Фонд ОНОО-Прилеп 1914-1945 К-1 Записник

ристејќи го недостатокот од некои производи, особено на прехранбените артикли ја диктирале цената на пазарот, која била многу висока за населението. Ако не можеле да ја држат цената висока тие обично ја криеле стоката за да се појави недостиг од одделни витални производи. Заради ваквата положба народноослободителниот одбор на Прилепската околија преземале конкретни мерки за сузбивање на овие појави. Во борбата против шпекулацијата, а за разјаснување на целите, задачите и активностите на народната власт, голема улога одиграле масовните политички организации. За обезбедување на населението со производи за исхрана на конференциите од Народноослободителниот фронт и од другите масовни - политички организации се барало да се развие посебна активност за популаризирање на мерките на народната власт меѓу кои била и реквизицијата на жито во општините каде што имало жито. Се преземале широки акции за развивање на свеста кај производителите кои имале вишок на жито. Овие мерки биле актуелни за сите години на обновата и изградбата на земјата.

Во Прилепската околија по ослободувањето, односно по Втората светска војна се појавиле нови политички сили кои тргнувајќи од новонастанатата ситуација и со влегувањето на Македонија како федералана единка во Југословенската федерација и тие сметале дека не се оствариле вековните стремежи и желби на македонскиот народ - слободата и државноста. Од тие причини започнале да се организираат и да се појавуваат на македонската политичка сцена како поддржувачи на обезбедувањето на Македонија на другите основи, не онака како што било решено и одлучено на Второто заседание на АСНОМ во манастирот Свети Прохор Пчински. Во Прилеп била формирана една младинска - политичка организација под името ВМРО-СДМРА или Самостојна демократска Република Македонија под протекторат на Америка ,а подоцна истата била реорганизирана и го носела името ВМРО ПРАВДА.

ВМРО-СДРМА била формирана во месец март 1946 година како самостојна младинска организација со програмска определба за самостојна Македонија, обединета под протекторат на Америка. Нејзината активност била најраспространета во редовите на младите, а особено кај учениците од гимназијата “Мирче

Ацев" во Прилеп. Идејни творци на оваа Младинска оганизација биле Глигур Крстески, Костадин Смичкоски, Александар Георгиески и Благоја Мрмески.[117)]

Активноста на ВМРО-СДРМА била забележана во градот преку растурање летоци. Тие, обично биле растурани во периферните квартали на градот. Преку овие летоци се настојувало да се разобличат постојаните комунистички организации и да се всади идејата дека Македонија може да биде обединета под протекторат на Америка, а не блиска со сталинистичкиот режим.

Месниот комитет на КПМ - Прилеп во својата активност и организациона работа ја забележале активноста на оваа политичко - младинска организација.[118)]

Во извештајот на МК на КПМ Прилеп до Окружниот комитет на КПМ - Битола од 3.5.1946 година се вели дека се најдени летоци закачени на повисоки места со следната содржина: "Да живее новата организација за Самостална демократска Македонија под протекторат на Америка, а еден друг леток имал содржина "Долу СКОЈ и сите комунистички оганизации, Да живее СДРМА". На шести мај 1946 година бил забележан друг леток со слична содржина, а бил растурен во кварталите Рид и Корзо.[119)]

По растурањето на овие летоци власта и масовните - политички организации започнале да преземаат силни активности меѓу младината за да ја разобличат активноста на новопојавените политички организации[120)] .

Активноста на оваа младинско - политичка организација престанала по провалата и притворањето на поголемиот дел на раковдството на 8.9.1947 година. Врз нив било извршено судење и тоа јавно во Прилеп. Во овој судски процес се осудени Глигур Крстески на 3 години затвор, Костадин Смичкоски на 2 години, Благоја Стојкоски на 1 година, а Благоја Мрмески на 10 години затвор.

ВМРО - Правда започнала да дејствува од пролетта 1949 година и нејзината мрежа се проширала и надвор од Прилеп скоро во сите градови на Маке-

---

117) Глигур Крстески - Отпор и прогони.Матица Македонска, Скопје 1994, стр.14

118) Архив на Македонија - Подрачно одделение - Прилеп, фонд МК на КПМ - Прилеп ... Извештај од Окружниот комитет - битола на КМП.

119) Исто...цф...Извештај 6.7.1946 година

донија. Нејзин иден творец бил Глигур Крстески. Нејзина основна задача била обединување на Демократска Македонија во рамките на тогашна Југославија или во некоја Балканска Федерација. Но и оваа политичка организација немала долг век на дејствување, во 1950 година раководството повторно било откриено и паднало во затвор, а со тоа и дејноста на оваа Организација престанала да постои, активноста била спроведувана по други методи. На овие две политички организации не им се дало можност да станат опозициони организации.

Во 1948 година во Прилепската околија дејствувала уште една група која била против постојаниот систем, но со радикални методи на дејствување.

Оваа група била откриена и притворена на 23 и 24 јуни 1948 година. Окружниот суд од Битола ги осудил на повеќе години затвор Ристо Топличанец, кој бил отворен соработник на окупаторот, Стева Хаџи Митреска и други .[121)]

Народната власт и масовно политичките организации презеле низа мерки и активности за разобличување на овие политички активности на соработниците на окупаторот, шпекулаторите и новите политички сили. Покрај одржувањето на конференции на кои се разобличувала непријателската дејност, се одржувале и јавни митинзи каде се осудувала активноста на овие новонастанати политички организации во Прилепската околија.

---

[120)] Некои од нашите историјографи ова движење го условуваат како самоникната малдинска организација, како опозиција на власта, Глигур Крсески..цф..стр.16.
[121)] Стојан Ристески, Судени за Македонија Скопје, стр. 608

# ГЛАВА ПЕТТА

## ОРГАНИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ ВО ПРИЛЕПСКАТА ОКОЛИЈА

## 5.1. Првото заседание на АСНОМ и неговите одлуки за развојот на училишната мрежа во Прилепска околија

Одржувањето на Првото заседание на АСНОМ во манастирот Св.Прохор Пчински - Кумнаовско, како настан има непроценливо значење во историјата на македонскиот народ. АСНОМ е одраз на борбата на македонскиот народ низ вековите и тој претставува светол патоказ во развојот на македонската држава низ иднината.[122] На него се ставени темелите на македонската современа држава.

Првото заседание на АСНОМ, донело девет документи. Тие немале подеднакво значење во изградувањето на македонската држава и во изградувањето на народната власт на целокупната територија на Македонија.[123]

АСНОМ, како највисоко политично и законодавно тело на Демократска Федеративна Македонија, на своето Прво заседание донело значајни историски акти, во кои се содржеле основите на државата и правниот развој на Македонија. Од нив, од особено значење за воспитно - образовниот систем во Македонија било решението за воведување на македонскиот јазик, како службен јазик во Македонската држава.[124]

Воведувањето на македонскиот јазик како службен јазик, не негирајќи го јазикот на малцинствата кои живееле во Македонија, имал големо политичко и државно значење. Всушност, оваа одлука значела зацврстување на придобивката од Народноослободителната и антифашистичката војна на Македонија.

---

[122] АСНОМ од 2 август 1944 година засдавал уште два пати и тоа на 28 и 20, 30 декември 1944 година и на 14-16 април 1945 година кога се применувало во Народно собрание и е избрана првата влада на Демократкста Федерална Македонија. На ова собрание биле донесени одлуки решенија од витално значење на новиата држава. Зборникна документи АСНОМ док.40 стр.239

[123] Биле донесени следните решенија: Решнеија за одобрување на решенијата на ГШ и Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ. Решение за рогласување на АСНОМ, за врховно - законодавно извршно тело и највисок орган на народната власт. Декларација - основните права на граѓаните во ДФМ. Решение за заведување на македонскиот јазвик за службен јазик. Решение за формирање Комисија за утврдување на престапите на окупаторите. Решение за прогласување за 2 август за државен празвник. Решение за одржување признание на НОВ и решение за создавање на Законодавна Комисија при Президиумот на АСНОМ.

[124] На состанокот на 6 август 1944 година Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ и ГШ го согледаа големото значење од употребата на македонскиот јазик. По тој повод била дадена сугестија за македонскиот јазик да се користи слободно, целосно на слободната територија. Лазар Лазаров, Просветен пат во Македонија 1944 - 1956, Просветно дело, Скопје, 1984 год.

Оваа одлука имала големо значење за развојот на училиштата во Македонија, воспитувањето и образованието на учениците на македонски јазик и целокупниот училишен систем.

Воведувањето на училишниот систем во Македонија во овие години бил многу тежок бидејќи се почнувало од почеток без некои посебни искуства на ова образовно поле/воведување учебници на македонски јазик, обновување на училишта кои биле разрушени и опљачкани. За ваквата тешка положба зборува и говори на Емануел Чучков под наслов "Народната демократка власт во Македонија". Пред се изработка на учебници за новите училишта каде што ќе се́ учи на македонски јазик. Во државата се поставило и прашањето за создавање граматика и речник за да може да се пишува на македонски јазик.

Президиумот на АСНОМ, како прва легитимна народна власт како највисок орган, кој се грижел за извршување на оживотворување на сите решенија во македонската држава, посветило големо внимание за организирање на новиот просветен училишен систем, во Македонија. Во оваа глава од трудов ќе го подвлечам историското значење на Првата седница на Президиумот на АСНОМ одржана на 6 август 1944 година во селото Рамно - Кумановско. На оваа седница биле оргнаизирани повеќе поверенства, меѓу кои и поверенството за просвета.[123)]

Президиумот на АСНОМ на седницаа одржана на 2-5 септември 1944 година ги донело и првите упатства во областа на просветата. Во овие упатства биле поставени основните насоки за развој на образованието и воспитанието во Македонија. Тука во тие упатства биле дадени и наставните планови за основното образование. На оваа седница биле воден разговор за просветната политика, воопшто, бидејќи за првпат во долгогодишната историја била дадена можноста за организирање и заземање на една правилна просветна политика на целото подрачје на Македонија. Според првичните согледувања, а од самата пракса се наметнала и потребата од издавање на прв македонски буквар со

123) Биле донесени следните решенија: Решенија за одобрување на решенијата на РШ и Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ. Решение за прогласување на АСНОМ, за врховно-законодавно извршно тело и највисок орган на народната власт. Декларација - основните права на граѓаните во ДФМ. Решение за заведување на македонскиот јазик за службен јазик. Решение за формирање Комисија за утврдување на преstapите на окупаторите. Решение за прогласување на 2 август за државен празник. Решение за оддавање признание на НОВ и решение за создавање на Законодавната комисија при Президиумот на АСНОМ.

кирилично писмо. Во насоките биле утврдени и упатствата за отворање на училишта и други средни училишта. На седницата се расправало и за организирање на аналфабетски курсеви и отворање на народните универзитети.[126)]

Веднаш по формирањето на повеенството за просвета по седницата на Президиумот на АСНОМ од 6 август 1944 година ги превзело сите потребни дејства во Македонија на полето од образованието и воспитанието. Донесен бил и акт за време на траењето на задолжителното образование. Според овој акт било предвидено задолжителното образование да трае седум години, а во основното образование можеле да се запишуваат деца со навршени седум години, но и со шест години, ако до крајот на календарската година навршиле седум години.[127)]

Во овие почетни години на конситутирањето на ДФ Македонија просветните органи и органите на Народна власт, донеле такви законски акти со кои биле направени битни измени и определби во основните училишта, кои останале да важат и до денес и покрај сите напори за трансформирање на образованието и воспитанието во Македонија.

Според донесените законски норми за основното образование биле опфатени оние деца кои наполниле од 7-15 години. Тоа било бесплатно за секој граѓанин без разлика на вера, народност и припадност. Одлуката на АСНОМ претставувала силен поттик за брзиот развој на просветата во воспитанието и образованието на училишната мрежа. Реализирањето на одлуките на АСНОМ значело и реализирање на една многу важна придобивка од Народноослободителната и антифашистичката војна на Македонија.[128)]

126) За прв повереник бил именуван проф.Епаминонда Поп Андонов, кој бил член на Президиумот... Зборник на АСНОМ...цф стр.231
127) Неписменото население во македонија нанесувала 75% од вкупниот број на населението.
128) Заборник на АСНОМ...цф...стр.353,362

## 5.2. Организационо создавање и функционирање на просветните органи во прилепската околија

По одржувањето на Првото заседание на АСНОМ и донесувањето на првите просветни акти од просветно - културно значење претставувале основен темел на развојот во образованието и воспитанието во македонската држава. Во овие брзи и радикални промени во животот и стопанството, образованието претпрело квалитативни и квантитативни промени.

Просветата во Прилепската околија пред Втората светска војна и за време на бугарската фашистичка окупација на Македонија била на многу ниско ниво и во колку го имало, тоа било прилагодено на окупаторските власти. Наставата во Прилепската околија била изведувана на туѓ јазик во зависност од окупаторските власти. Меѓутоа, по ослободувањето на Македонија и на Прилепската околија со донесените законски акти донесени од АСНОМ и поверенството за образование и воспитание се удриле темелите за брз развој на просветата во Прилепската околија.

Сите овие законски норми биле внесени во Уставот на Народна Република Македонија, донесен на 31 декември 1946 година од Уставотрворното собрание на Р.Македонија. Според овие уставни норми просветата била достапна за сите луѓе во државата без ограничување на било која основа. Државата големо внимание посветувала на воспитанието на маладата генерација. Основното образование според уставот било бесплатно. Училиштето е одвоено од црквата.[129] Уставот на Република Македонија ги потврди суштинските принципи на воспитно образовниот систем, принципот на потполна демократизација на училишниот систем.

Во Прилепската околија овие основни начела биле во целост применети, започнало отворање на училишта со настава на македонски јазик и училишта на јазиците на малцинствата, ромски, турски и на албански јазик.

---

[129] Устав на НРМ, Скопје, 1947

За брзиот развој на образованието и воспитанието во Македонија па и во Прилепска околија голема улога одиграло донесувањето на Петгодишниот план за развој на народното стопанство. Со овој петтгодишен план основната задача била да се ликвидира стпанската заостанатост и да се зајакнела одбрана за земјата. Исто така, основни приницпи и приоритетно значење се давало на ликвидирање на културно - просветната заостанатост, односно ликвидирањето на неписменоста. За развојот на училишниот систем во Македонија придонеле и одлуките што ги донеле Првиот конгрес на КПМ.

Во програмата за образованието на Првиот конгрес на КПМ меѓу целите на политиката за образовнието и воспитанието приоритет се давало на:

*- Ликвидација на неписменоста во што пократок рок;*

*- Обезбедување задолжително школување;*

*- Подигање и организација на нови основни општообразовни средни, како и стручни училишта, со цел да бидат задоволени сите потреби на државата;*

*- Развој на мрежата на народни универзитети и на сите видови курсеви за стручно - идејно, политично и културно воспитување на народот преку вклучување на масовните општествено - политички организации;*

*- По 1949 година започала и појавата на првите никулци за денацентрализација не само во другите области, туку и во просветниот систем. За таа цел при крајот на ноември 1950 година било донесено Упатство, за основање на Совет за просета.*

По одржувањето на Првото заседание на АСНОМ и констатуирањето на Президиумот на 6 август 1944 година и одржувањето на првата седница во селото Рамно - Кумановско, било формирано повереноство за просвета и за прв повереник бил именуван Епаминонда Поп Андонов, кој истовремено бил и член на Президиумот, а потоа на наредната седница биле комплетирани кадрите за просвета. При назначувањето на повереникот биле избрани и референти. За прв референт за просвета бил назначен проф.Димче Стојаноски - Мире, кој во почетокот на месец јануари 1945 година бил назначен за повереник на поверенството, а за помошник бил назначен Љубен Лапе, кој според тоа ја вршел

функцијата школски училиштен инспектор во Обласниот народноослободителен одбор во Битола. Президиумот на АСНОМ ги утврдил надлежностите и одговорностите на сите поверенства, па и на поверенството за просвета.

Во организационен поглед ќе наведам дека Поверенството за просвета било поделено на Одделение за школство, Општо одделение со архива, Одделение за средно и основно образование, Одделение за народно просветување, култура поделено на три отсеци, Одделение за виша настава и др.

Со формирањето на Поверенството за просвета при Президиумот на АСНОМ, биле формирале одделенија и отсеци при Обласните и Околиските народноослободителни одбори. Исто така и при Општинските, Градските и Месните народноослободителни одбори биле формирани одделенија за просвета, покрај другите задачи што ги имале овие одделенија тие биле одговорни фактори пред народот за целокупниот просветно-културен живот на своето подрачје и тие биле во врска со повисоките органи и со Президиумот на АСНОМ.

Во Упатството што го издал Президиумот на АСНОМ за организација и работа на НОО, како органи на државната власт во Федерална Македонија. Во Упатството се содржани и насоките за работа на просветните одделнија во НОО, околиски, градски, општински и Месни народноослободителни одбори.[130)]

Веднаш по ослободувањето на Прилеп и Прилепско, се пристапило кон целосна организација на народната власт. На осми септември 1944 година во селото Присад бил утврден составот на Градскиот народноослободителен одбор во Прилеп.[131)]

На 10 септември 1944 година на состанокот што го одржал Градскиот народноослободителен одбор на Прилеп било формирано и просветното одделение. Подоцно било формирано и просветното одделение при Околискиот народноослободителен одбор на Околија Прилепска. Во Прилепската околија

---

130) Извештај до Министерство за просвеа од 1948 година. Архив на Македонија - Подрачно одделение - Прилеп...К-3

131) Димче Стојаноски - Мире, Првиот народноослободителен одбор Народен глас, Прилеп, 1972 год.бр.212.стр.21

биле формирани и Општински и Месни народноослободилени одбори.[132] Во ГНОО - Прилеп на чело на просветното одделние бил прочелник - учителот Ѓорче Мирчески. По формирањето на Околискиот НОО во селото Маргари на 5.10.1944 година било формирано просветното одделние на чело со Трајко Ѓоревски. Прочелниците се менувале повеќе пати, а подолго за прочелник се задржал Стојан Велјаноски, родум од селото Сланско, по професија учитек. Извесно време за прочелник на просветното одделние на Околискиот НОО бил Александар Крстески - Јулски.[133]

Просветното одделение при Околискиот НОО - Прилеп било во постојана врска со повисоките органи Обласни и Републички и во целост давало информации за се што се случувало на полето на просветата во Прилепската околија.

Околискиот НОО на Прилепската околија на својата седница одржана на ден 10.10.1944 годна во врска на насоките и упатсваа на Президиумот на АСНОМ за развојот на просветата и културата било донесено решение; Општинските НОО да оформат свои просеветни одделенија по нивни пример и секој МНО да оформи свои сектори за просвета и да водат грижа за просветата и културата на своето подрачје. Тоа било од насушна потреба за брзите промени што се случувале на теренот, а на ова подрачје просветата и културата била на многу ниско ниво.

Околискиот просветен оддел на Прилеп се состоел од:

*- Служба за основно и средно образование;*

*- Служба за аналфабетски курсеви и општо образовни курсеви, разни просветни и стручни курсеви, народен универзитет, библиотекарство, читалишта и друго;*

*- Контролни - педагошки служби раководени од учители - референти службеници;*

*- Служба за персонални прашања и статистика.*

---

[132] Во Прилепската околија биле формирани следните општини: Долнени, Костинци, Браилово, Коњари, Небрегово, Плетварска, Витолишка, Тројанчка, Дуњска и securityополчанска општина. АМ - Подрачно одделение Прилеп, Фонд Околиски НОО - Прилеп 1944/45 К-1

[133] АМ-Подрачно одделние - Прилеп Фонд; Околиски НОО - Прилеп К-1 док.123

На чело на Околискиот просветен оддел се наоѓал прочелник по просвета. Прочелникот за просвета и инспекторот за просвета во Прилепската околија биле најодговорни за просветните работи. Во општинските НОО имало прочелници за просвета и просветни инспектори.

Со брзиот развој на општествените промени во државата се наметнала и потребата од брзо организационо поместување на просветата и културата. Со формирањето на Народната влада на Република Македонија на 14-16 април 1945 година Повереноството за просвета било преименувано во Министерство за просвета. На чело на Министерството за просвета во периодот од 1945 до 1950 година на функцијата министер за просвета биле Никола Минчев, Киро Хаџивасилев, Димче Стојаноски, а помошни министери во овој перод биле: Димче Левков, Методија Соколоски, сите од Прилеп.

Министерството за просвета како државен орган имал мошне важни ингеренции пред се да оспособи училиштната мрежа, да отвора училишта, да назначува наставници, да го распределува и контролира буџетот, да донесува наставни планови и програми за основното и средното образование. Министерот заедно со своите помошници во рамките на своите надлежности имале право да издаваат општи акти кои биле донесувани во форма на правилници, упатства и др.

Со оваа реорганизација и именувањето на Министерството за просвета настанале и промени во пониските просветни органи. Така биле извршена реорганизација и промена во Околиските просветени оддели. Тие биле преименувани во Просветни одделнија, во повереноства.

Според еден извештај од Околискиот народен одбор просветниот оддел се состел од повеќе служби.

Повереник бил назначен РИСТО ПОПОСКИ, со завршен едногодишен училиштен курс. Тој раководел со Повереноството.

Инструктури за школство биле:

Александар Лазески и

Алксандар Смугрески и двајцаа учители со завршена учителска школа, раборел со наставно - воспитната работа на учителите.

Референт по општонародно просветување бил именуван Методија Димоски.

Дактилографи Спасија Славеска, режисер Слободанка Гулеска.[134)]

Во 1947 година за повереник на просветното одделние бил именуван Ристо Паноски, за инспектори за школство биле:

*Александар Лазески и*

*Благоја Кондарко*

Референт за Народно просветување бил назначен Гога Јашмак за режисер Коста Котоски, Слободанка Гулеска.

Во учебнаа 1946/1947 и 1948/49 година немало некоја поголема промена на персоналот.

Во почетокот на 1949 година биле воведени мерка за децентрализација и дебирократизација на системот на власт и управување во сите подрачја на работата и општественото живеење.

Промените што биле извршени во 1950/1951 година во правец на општественото самоуправување во следната етапа на развојот на државата биле извршени промени и во просветната политика. Со донесување на законот за Управување на државните стопански претпријатија и повисок степен на здружување од страна на работните колективи од 26 јуни 1950 година започнала втората етапа - период од развојот на државната управа.

Советот, во законодавство и изградба на народната власт, кон крајот на неомври 1950 година донесол Упатство за основање на СОВЕТ за просвета наместо Поверенства за просвета кои веќе имале одредени овластувања во споредба со дотогашните раководења.

Во 1951 година била извршена и реорганизација на Министерството за просвета и било преименувано во Совет за просвета, наука и култура на НРМ.

По извршената реорганизација на Министерството за просвета во Совет за просвета била извршена реорганизација и на пониските органи во Околискиот народен одбор во Прилепската околија. На 9.2.1951 година бил формран Совет за просвета и култура при Околискиот народен одбор и тоа:

- *Секретар на Советот со 5 инспектори*
- *Служба за персонални прашања*
- *Служба за материјално - финансиски прашања*
- *Администрација*
- *Курир*

## 5.3. Просветните прилики во прилепската околија до 1953 година

По ослободувањето на Прилепската околија биле создадени поповолни услови за отворање на училишта на мајчин македонски јазик. Тоа претставувало исполнување на вековните желби на населението на овој крај од Македонската држава.

Но, во тие тешки денови, кога сеуште била присутна окупаторската власт - војска, Прилепската околија се наоѓала во многу тешка економска положба. Исто така, и просветата се наоѓала во тешка положба. Органите на народна власт, а особено просветното одделение, како при Градскиот народноослободителен одбор, така и при Околискиот народноослободителен одбор, во Општинските народноослободителните одбори, во заживувањето и спроведувањето на просветната политика се судрувале со многу тешкотии и проблеми, кои биле наследени и кои веќе биле создадени.

Во Прилепската околија имало голем број неписмени жители, недостиг на просветен кадар. Дел од наставниот кадар во овој период бил во војска,училишниот простор бил во лоша состојба, бил неупотреблив или барал поголеми реновирања. Во спроведувањето на просветната политика наставниот кадар немало ни искуство. Дотогаш просветната политика на ова подрачје ја

---

134) АМ- Подрачно одделние - Прилеп Фонд, Околиски НОО 1944-1945 Извештај К-11 бр.5.6.22 11/20.

спроведувале окупаторите, како и во целата држава целосно била свртена кон спроведувањетона туѓата просветна политика.

По завршувањето на Втората светска војна во Прилепската околија имало преку 70% неписмени или изразено во бројки над 13.500 жители.[135)]

За време на Втората светска војан голем број училишта во Прилепската околија биле разрушени, инвентарот однесен, биле оставен само ѕидовите. Најмногу настрадале оние училишта што се наоѓале во населените места што биле покрај поважните комуникации. Тие во одреден период биле претворени во касарни. Така за време на големиот Февруарски поход, бугарската фашистичка окупаторска војна ги разрушила/покрај другите разорнувања/и училиштата во Царевиќ, Големо и Мало Радобил, Тројаци, Плетвар и др.

Според извештајот на Комисијата за утврдување на воени штети во училиштата била утврдена следнаа состојба:[136)]

На училиштето Св.Кирил и Методиј, му била направена воена штета во износот до 229.140 динари.

Голема штета претрпело и училиштето Св.Климент Охридски и тоа во износот од 144.960 динари.

Училиштето Кире Гаврилоски во износот од 60.960 динари.

Училиштето Мирче Ацев во износ од 40.840 динари.

Училиштето Цар Самоил претпило штета од 19.800 динари.

Штета претрпело и училиштето Браќа Миландинови и тоа од 5.400 динари.

Училиштето Пере Тошев 4.400 динари.

Ваква воена штета претпела и гиманзијата Мирче Ацев од 33.390 динари. Женското професионално училиште претпело штета од 39.350 динари.

Во овој период состојбата во училиштата била тешка. Покрај нададените штети, немало ниту нагледни средства, намало ниту креди за пишување, табли, и воопшто немало основни елементарни услови за започнување на училиштата со работа.

---

[135)] Ибидем...К-11. Ц.ф...АМ...Подражно одделение - Прилеп Околиски фонд 1945 К-12.
[136)] Исто...К-11 Извештај.

Во вакви крајно тешки услови, Органите на власта и просветните органи требало да преземат соодветни мерки и да создадат услови за започнување на наставата во Прилепската околија.

Во едни вакви услови, органите на власта и просветните органи требало да преземат соодветни мерки да го повикаат населението и со нивна помош да се обноват училиштата, да се доведат до оној степен да можат да ги примат учениците и да се започне со настава. Онаму каде што не можело да се санираат штетите, училиштата биле сместувани во приватни куќи и тука започнувала наставата.

Во наредните учебни години до 1952 година сукцесивно била подобрена положбата во просветата. Скоро секоја година се изградувале нови училишта.[137)]

Веднаш по завршувањето на Втората светска војна во Прилепската околија бројот на учениците рапидно се зголемувал секоја години, а сотоа се наметнала потребата не само од обнова на постојаниот училишен простор, туку и од изградба на нови училишта. Во 1946 година биле изградени нови училишта во следните села с. Алинци, с. Клепач, с. Ново Селани, с. Чумово, с. Ракле.[138)]

Во учебната 1947/48 година биле изградени нови згради и тоа во:

*с.Тројаци,*

*с.Загорани,*

*с.Годивле,*

*с.Присад,*

*с.Галичани,*

*с.Крушеани,*

*с.Пешталево.*

Ова темпо на изградба на нови училишни згради во Прилепскаа околија продолжило и во наредните учебни години. Во годините 1949/50, 1950/51, 1952/53 година биле изградени во следните села:

[137)] АМ-Подрачно одделниеи - Прилеп Фонд -Ок.НОО- Прилеп Просветен оддел, К-11

*с.Костинци,*

*с.Тополчани,*

*с.Дупјачани,*

*с.Мало Коњари,*

*с.Рилево,*

*с.Царевиќ,*

*с.Бешиште,*

*с.Полчиште и*

*с.Чумово.*

Градскиот народноослободителен одбор на град Прилеп со своите органи извршил брза поправка на помалку оштетените училишта и тие започнале со настава на 22.11.1944 година. Прилеп заедно со селата Дабница, Селце и Мажучиште имал дванаесет училишни згради од кои единаесет биле за основните училишта, а едно за гиманзија. Повеќето од нив биле стари и дотраени, градени уште за времето на турското владеење во Македонија.

Народната власт веднаш по ослободувањето на градот извршила промена на имањата на училиштата, како во градот така и во целата околија. Имањата на училиштата биле на личности заслужни за историјата на македонскиот народ, заслужни борци од илинденскиот период и од поновата историја од Народноослобидителната војна на Македонија, народни херои.

Училиштата во Прилеп биле именувани со имињата: Кире Гаврлиоски н.х., Пере Тошев, заслужен борец од илинденскиот период, Браќа Миладиновци, Цар Самоил. Св.Кирил и Методиј, Климент Охридски, Први Мај, Гимназијата го добиила името на народниот херој "Мирче Ацев":

*Алинци - Браќа Миладиновци*

*с.Беловодица - Мирче Ацев*

*с.Бело Поле - Менде Црвенкоски*

*с.Беровци - Св.Кирил и Методиј*

*с.Бешиште - Стив Наумов*

---

[138)] Исто...К-11, Извештај

*с.Бонче - Мирче Ацев*

*с.Браилово - Гоце Делчев*

*с.Боротино - Димитар Влахов*

*с.Варош - Св.Наум*

*с.Вепрчани - Блага Ружето*

*с.Веселчани - Ристе Маркоски*

*с.Витолиште - Борка Талески*

*с.Вранче - Кирил и Методија*

*с.Врбјани - Даме Груев*

*с.Гостиражни - Боро Секулоски*

*с.Горно Село - Петре Дамески*

*с.Големо Коњари - Кузман Јосифоски*

*с.Горно Радобил - Даме Груев*

*с.Долгаев - Александар Мирчески*

*с.Долнени - Пецо Крстески - Даскалот*

*с.Дреновци - Гоце Делчев*

*с.Дрен - Климент Охридски*

*с.Десово - Кочо Рацин*

*с.Дуње - Александар Ношпал*

*с.Дупјачани - Рампо Левката*

*с.Клепач - Димче Могилчето*

*с.Кадино Село - Страшо Пинџур*

Во Прилепската околија сериозен проблем било и немањето стручен кадар за изведување на наставата. Немањето на наставен кадар се должело на повеќе причини пред се на денационализаторската политика на окупаторските власти во Прилепската околија. Тие не оспособиле наставници за изведување настава од македонските, туку најчесто носеле наставници надвор од Македонија и градот Прилеп.

За оваа проблематика за обезбедување на просветни кадри било распрaвано и на Првото заседание на АСНОМ, а били актуелизирано по одржувањето

на Првото заседание на АСНОМ, особено по конечното ослободување на Македонија.

Една од поголемите пречки и тешкотии на кои наидувал просветниот оддел на Прилепската околија во реализирањето на просветните задачи била недостигот на училиштата во градот и околијата на просветните кадри. Заради тоа народната власт и Просветниот оддел биле принудени да преземат соодветни мерки за решавање на овој недостиг од кадри. Пред се биле вклучени оние кадри кои имале завршено погорни класови, биле отворени курсеви за учители, каде брзо биле оспособени училишта со најосновните наставни елементи за да можат да држат настава по околијата на Прилеп. Потоа, било наредено да се вратат сите мобилизирани учители од војска и да бидат вклучени во наставата.

### 5.4. Отворање на основните и средните училишта

По ослободувањето на Прилепската околија на 9.9.1944 година биле создадени услови за брзо организирање на народната власт на ова подрачје. Исто така, по создавањето на органите на народната власт приоритетно прашање било да се организира училишната мрежа. Но, се уште Македонија не била ослободена, се уште биле присутни окупаторските војски.

Органите на народна власт и органите за просвета во Прилеп и Прилепско преземале соодветни мерки, како во градот, така и во селата да започне наставата во основните училишта на македонски јазик. Сите училишта во Прилепската околија биле во тешка положба, еден дел биле срушени, со искорнати врати, искршени прозорци, со целосно уништени клупи, однесен инвентарот, а тој што останал бил упропастен. Пред органите на народната власт се поставило прашањето за брзо санирање, односно за создавање минимални услови за зпочнување на наставата. За таа цел Околискиот НОО упатил барање до сите општински НОО, а овие до сите Месни народноослободителни одобори, училиштата да се доведат во таква состојба за да може да започне наставата.

Од извештаите од Околискиот народноослободителен одбор можело да се види дека за кратко врреме МНОО ги оспособиле училиштата за започнување со настава иако се уште траеле борбените дејствија. Во оние села каде што немало училишта или не можело да се изврши поправка, од причини што биле многу оштетени МНОО наоѓале простории во приватни куќи и таму започнувала наставата.

Во средината на октомври 1944 година во Прилепската околија, иако се уште биле присутни германските војски, почнала работата на некои основни училишта во градот и селата.[140)]

Во едно сеќавање од Александар Лазески за работата на основните училишта во Прилепската околија[141)] започнала во месец септември 1944 година. За изведување на наставата во училиштата биле ангажиани учители кои моментално се наоѓале во Прилепската околија, покрај стручните учители биле ангажирани завршени и незавршени средношколци, па и студенти за да не остане ниту едно село без учител.

Со отворањето на училиштата во Прилепската околија биле реализирани во целост решенијата на Президиумот на АСНОМ по однос на просветната политика на ДФ Македонија.

Во извештајот на ГНОО - Просветен оддел било издадено решение[142)] од кое сите учители од Прилепската околија се повикувале да дојдат на конференција во селото Зрзе, каде се наоѓал претставник на Повереноството за просвета при Перзидиумот на АСНОМ. На конференцијата биле дадени упатства и по дискусијата бил направен список кој учител во кое село ќе учителствува. Веднаш потоа сите учители заминале на терен и на тој начин започнала работата на учителите и училиштата во Прилепската околија и таа работа траела се до крајот до конечното ослободување на Македонија.

Училиштата во Прилепската околија како и нивната работа била организирана според времениот план од страна на Повереноството за просвета при

---

140) Записник бр.2 од 16.9.1944 година, Околиски НООК-23.
141) Секаќавата се дадени на авторот и се наоѓаат кај него
142) АМ-Подрачно одделение Прилеп, Фонд Окружен НОО-Прилеп.

Президиумот на АСНОМ. Од овој документ се гледа како е организирана училишната мрежа на основното образование, потоа организационата поставеност и програмата за изведување настава. Според времениот план основното образование било задолжително и траело седум години. Целта на основното образование била: да се оспособат учениците да се служат со перо и книга не само кога се ученици, но и подоцна.

Примањето на учениците во училиште започнувало со навршени седум години, но и со шест години, ако до крајот на соодветната календарска година наврши седум години. Според времениот план предмети во прво одделние биле:

*- веронаука - факултативен предмет,*

*- народен јазик, обука за читање и пишување,*

*- предметно учење,*

*- сметање,*

*- цртање,*

*- русување,*

*- пеење,*

*- гимнастика.*

Во второто одделение биле следните предмети:

*- вероучение - факултативен предмет,*

*- народен јазик,*

*- обука, читање и пишување,*

*- предмет учење,*

*- сметање,*

*- русување,*

*- пеење,*

*- гимнастика.*

Во трето одделение се изучувале следните предмети:

- *веронаука,*
- *народен јазик,*
- *отечественознање,*
- *историја,*
- *природознаење,*
- *русување,*
- *пеење,*
- *гиманситка,*
- *рачна работа*

Четврто одделение ги имало следните предмети:

- *вероучение,*
- *народен јазик,*
- *сметање,*
- *геметрија,*
- *географија на Југославија и соседните држави,*
- *историја на македонски народ и Југословенските држави,*
- *природознание,*
- *русовање,*
- *пеење,*
- *гимнастика,*
- *рачна работа.*

Во петто одделение немало вероучение, биле изучувани аритметика и геомертија, потоа географија на Европа, историја на стар век, руски јазик, ботаника, пеење, гиманстика и рачна работа.

Во шесто одделение биле додадени само хигиена и ботаника. Во седмо одделение биле додадени физика, изучување на македонски јазик, другото останувало исто. Во сите основни училишта наставата била изведувана на маке-

донски јазик и тоа во почетокот со 25 букви и тоа: а, б, в, е, г, д, е, ж, з, и, к, л, м, н, о, п, р, с, т, у, ф, х, ч, ш.[143)]

Според табеларниот преглед што ќе го презентирам се гледа дека уште во 1945/46 година било посветено големо внимание за отворање на училишта во сите села во подрачјето на Прилепската околија. Но, во почетокот не се успеало да се отворат во секое село. Така, во учебната година 1945/46 година во Прилепската околија имало 76 населени места, со тогашната административно - територијална поделба, а биле отворени 56 училишта, и значи дека не биле опфатени сите села.

[143)] Доклад на просветен оддел ГНО - Прилеп К-10 АМ-Подрачно одделение - Прилеп

Табела 5

**П Р Е Г Л Е Д**

*на училишна мрежа, учениците и учителите од 1945 - 1953 година*

| Учеб. год. | Села во околи-јата | училишта | | | Училишта по нар.јазик | | | | Ученици по нар.јазик | | | | Училишта по нар.јазик | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | *Ос-новни* | *Осмо-летки* | *Вкуп.* | *Мак.* | *Шип.* | *Тур.* | *Вкуп.* | *Мак.* | *Шипт.* | *Тур-ски* | *Вкуп.* | *Мак.* | *Шипт.* | *Тур.* | *Вкуп.* |
| 1945/46 | 76 | 57 | - | 57 | 53 | 2 | 2 | 57 | 3.747 | 105 | 205 | 4057 | 60 | 3 | 5 | 68 |
| 1946/47 | 106 | 75 | 1 | 76 | 72 | 2 | 2 | 76 | 5.641 | 308 | 303 | 6.252 | 76 | 3 | 5 | 84 |
| 1947/48 | 106 | 75 | 4 | 79 | 75 | 2 | 2 | 79 | 5.529 | 365 | 517 | 6.612 | 91 | 4 | 4 | 99 |
| 1948/49 | 106 | 77 | 5 | 82 | 78 | 2 | 2 | 82 | 5.854 | 385 | 660 | 6.909 | 98 | 4 | 5 | 107 |
| 1949/50 | 106 | 75 | 7 | 82 | 78 | 2 | 2 | 82 | 5.886 | 414 | 672 | 6.972 | 129 | 5 | 8 | 142 |
| 1950/51 | 106 | 75 | 8 | 83 | 79 | 2 | 2 | 83 | 6.849 | 274 | 532 | 7.655 | 147 | 5 | 9 | 161 |
| 1951/52 | 127 | 95 | 10 | 105 | 95 | 8 | 2 | 105 | 7.783 | 900 | 512 | 9.195 | 190 | 11 | 10 | 231 |
| 1952/53 | 127 | 94 | 11 | 105 | 95 | 8 | 2 | 105 | 7.648 | 880 | 549 | 9.077 | 202 | 16 | 13 | 231 |
| 1953/54 | 127 | 98 | 12 | 109 | 99 | 8 | 2 | 109 | 7.433 | 872 | 669 | 8.974 | 207 | 19 | 13 | 239 |

Според еден друг податок на ГНОО - Прилеп просветен оддел имал сосема други податоци и тоа: во учебната 1944/45 година во Прилеп и Прилепско имало 71 училишта, со 3.474 ученици машки и 2.880 женски ученици или вкупно 8.354. Наставата ја изведувале вкупно 145 учители од кои 73 од машки пол и 72 учители од жениски пол. Во градот работеле седум училишта, во него влегувале сеата Дебница, Селце, Макучиште и Лениште. Во околијата имало 64 училишта или вкупно 71 училиште. Во 6 училишта наставата се изведувала на македонски јазик, а во две училишта на турски јазик.[144)]

Во Прилепската околија интересот за отворање на нови училишта бил голем. Секоја наредна година се отворале нови училишта. Според податоците што ни се на располагање бројот на учениците во учебната 1946/47 гдина бил 6.252 ученици, во 75 училишта. Со ваквата распространета мрежа на училишта биле опфатени скоро сите деца, но дел од нив останале неопфатени и покрај сите настојувања на органите на власта да бидат опфатени.

Според податоците од табеларниот преглед за училишната мрежа се гледа дека имало повеќе населени меса од училишта. Во извештајот за учебната 1951/52 година стои дека имало 127 населени места, а имало 105 училишта. Тоа значи во училиштата биле опфатени повеќе населени места.[145)]

## 5.5. Бројната состојба на училиштата, учениците и учителите

Во учебната 1944/45 година во Прилепската околија работело 71 училиште, во кои имало 3.474 машки ученици и 2.880 женски ученици, или 73 мажи и 72 жени. Во градот работеле 7 училишта. Но, според еден месечен извештај испратен до обласниот НОО - Битола од ноември 1945 година се дадени поконкретни показатели. Бројната состојба на училиштата била 68 училишта, што е евидентирано во гореназначените податоци. Во градот имало шест училишта во кои наставата се изведувала на македонски јазик и во едно училиште на турски јазик. Во Прилепската околија имало 56 училишта во кои наставата се изведувала на македонски јазик, во две на турски, во две на ал-

---

[144)] Децата одделе од Шелеверци во с.Алинци, од Воѓани во Бело Црква, од Средорек во Дабајни, од Вранче, од Кореница во Годивлље, Мало Рувци, во Лагово. Од Големо Радобил во Мало Радобил и др. Извештај на просветниот оддел...АМ - Подражно одделение, Прилеп - Фонд Околиски НОО - Просветен одел - К-10.

бански и во една од српски јазик, или вкупно работеле 68 учиилишта. Наставата ја изведувале учители и тоа: на македонски јазик вкупно 35 учители од кои 20 мажи и 15 жени, на турски 4 учители, на српски 2 учители. Во околијата имало 36 мажи и 30 жени вкупно 66, или заедно со градот 101 учител или во градот и околијата 56 мажи и 95 жени вкупно 101, турски 30, албански 3 или вкупно мажи 69, жени 47 вкупно 116. Бројот на паралелките во градот било 36 со македонски наставен јазик, турски 5, или вкупно 41. Во околијата на македонски јазик имало 66, турски 5, на албански јазик 3, на српски 1, сите во околијата 75 паралелки. Бројот на учениците: 1. Одделение, 2. Одделение, 3. Одделение, 4. Одделение, Макед.273 мажи 210, жени 483.

Во табелата што ќе ја наведеме стои бројот на учениците машки, женски и вкупно по одделенија на македонски наставен јазик на другите јазици на кои се изведувала наставата во овие училишта во Приепската околија, вклучувајќи го и градот.

Табела 6

**Број на ученици по одделенија во градот**

| по народност | 1 одделение | | | 2. одделение | | | 3. одделение | | | 4 одделение | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *м.* | *ж.* | *вк.* | *м.* | *ж.* | *вк.* | *м.* | *ж.* | *вк.* | *м.* | *ж.* | *вк.* |
| Макед. | 273 | 210 | 483 | 280 | 223 | 503 | 207 | 191 | 398 | 196 | 200 | 396 |
| Турци | 45 | 45 | 93 | 53 | 26 | 76 | 20 | 10 | 30 | - | - | - |
| Цигани | 36 | 25 | 61 | | | | | | | | | |
| ***Вкупно :*** | ***354*** | ***275*** | ***639*** | ***333*** | ***246*** | ***579*** | ***227*** | ***201*** | ***428*** | ***196*** | ***200*** | ***396*** |

145) АМ - Подрачно одделение - Прилеп ... доклад, фонд Околиски НОО - Прилеп 1945 к-10.

## Табела 7

## Бројната состојба на учениците во Прилепската околија

| по нар. | 1. одделение | | | 2. одделение | | | 3. одделение | | | 4. одделение | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *м.* | *ж.* | *вк.* | *м.* | *ж.* | *вк.* | *м.* | *ж.* | *вк.* | *м.* | *ж.* | *вк.* | *м.* | *ж.* |
| Макед. | 733 | 594 | 1387 | 620 | 540 | 1160 | 546 | 442 | 988 | 381 | 402 | 783 | 2280 | 1970 |
| Турс. | 123 | 105 | 228 | | | | | | | | | | | |
| Албан. | 110 | 80 | 190 | | | | | | | | | | | |
| Срб. | 6 | 4 | 10 | 17 | 9 | 16 | 8 | 2 | 10 | | | | | |
| *Вкупно* | *972* | *783* | *1755* | *637* | *549* | *1186* | *554* | *444* | *998* | *381* | *402* | *783* | *2544* | *2178* |

Вкупно во градот и Околијата:

*1326 1058 2394 970 795 1765 781 645 1426 577 602 1179 3654 3100*

Здравствената состојба на учениците била лоша. Тие боледувале од разни епидемии, и тоа од сипаници, дизентерија, шуга. Многу деца биле неухранети слаби, тоа било особено по селата, а сето тоа се должело на слабата исхрана.

Наставни помагала немало, тоа било реткост. Немало ниту доволно литература.

Според еден преглед под бр.5 6.22-244/300 АМ - Подрачно одделение Прилеп К-6 бројната состојба на учениците и учителите по школски години биле следните:

Табела 8

| Школска година | Број на ученици | Број на учители |
|---|---|---|
| 1945/46 | 3.809 | 68 |
| 1946/47 | 6.412 | 84 |
| 1047/48 | 6.917 | 97 |
| 1948/49 | 8.452 | 139 |
| 1949/50 | 8.491 | 155 |
| 1950/51 | 7.655 | 161 |
| 1951/52 | 9.195 | 211 со Крушево ок. |
| 1952/53 | 9.394 | 231 |

Од гореизнесените податоци може да се заклучи дека бројот на учениците секоја година се наголемувал, исто така, и бројот на учителите се наголемувал во зависност од бројот на учениците. Но овде ќе го изнесам и податокот дека во 1952 година бројот на учениците бил зголемен, а тоа зголемување било во зависност од новата административно територијална поделба и во Прилепската околија во која влегла и Крушевската околија.

Во темава ќе го изнесам и следниот податок од Околискиот народен одбор, Совет за просвета и култура бр.11515 од 30.09.1952 година до Советот за просвета, наука и култура на НРМ, одбор на општо образование школство - Скопје во кое стои:

Во Прилепската околија имало:

- *Основни четиргодишни.......................94 училишта*
- *Основни осумгодишни.........................11 училишта*

Број на паралелки:

*Во осмолетки.......................................79*

*Од нив виши.........................................43*

*Од нив нижи.........................................36*

*Во основни училишта........................135*

Бројниот преглед на наставничкиот кадар бил:

*Учители со учителска школа.......................................12*

*Учители со ВПШ..............................................................1*

*Учители со дипо243ломски испит преку курсеви.............22*

*Учители дипломски испит - курсеви..............................6*

*Курсеви.......................................................................17*

*Вкупно........................................................................58*

Учители во нижите одделенија на осмолетките

*Со учителска школа................................................11*

*Со ВПШ*

*Со дипломски испит преку курсеви.........................5*

*Без дипломски испит - курсеви.............................12*

*<u>Без курсеви...........................................................5</u>*

***Вкупно.................................................................33***

<u>Во основните училишта</u>

*Со учителска школа............................................11*

*Со ВПШ*

*Со дип.испит преку курсеви.................................35*

*Без диплом.испит-курсеви...................................64*

*<u>Без курсеви.......................................................20</u>*

***Вкупно...............................................................130***

**се.......................................................................221**

За побрз развој на училишната мрежа и за што поголема опфатеност на учениците со Петгодишниот план за развој на народното стопанство, бил опфатен и развојот на школството во Прилепската околија.

Според овој План до крајот на 1951 година, во основните четирогодишни училишта во Прилепската околија требало да бидат опфатени сите оние деца кои биле подложени за образование опфатени 100%. Со Петгодишниот план биле предвидени поголеми инвестициони зафати за подобрување на школскиот простор.

Исто така и за оспособување и поголема стручност на наставниот кадар што бил вклучен во наставниот процес.

Од гореизнесените податоци се гледа дека во Прилепската околија училишната мрежа била проширена и без разлика на пол, вера. Сите тие биле еднакви пред законот и како такви ги уживале сите права што тогаш ги пропишала народната власт.

### 5.6. Формирање на гиманзијата “Мирче Ацев”

Првите основни училишта во Прилепската околија биле организирани во есента на 1944 година. Наставата се изведувала на македонски јазик. Насоките за организирање на воспитно - наставната дејност во основните и средните училишта, биле определени од највисокото претставничко законодавно тело АСНОМ. Согледувајќи ја потребата од гиманзиско воспитување и создавање на кадар, АСНОМ донесло решение под бр. 9 од 3 ноември 1944 година за отворање гиманзии во девет градови на Македонија и учителски школи во Охрид. Со тоа решение било предвидено и во Прилеп да се отвори гиманзија.

На 1 февруари 1945 година, три месеци од донесувањето на Решението на Президиумот на АСНОМ по извршените подготовки оспособување на зградата, прибирање на училишен инвентар, повикување на професори и нивно назначување започнала работата на гимназијата во Прилеп.

За прв директор на Прилепската гимназија бил назначен професорот Стеван Шапчески и под негово раководство било извршено запишувањето на учениците. Пред започнувањето со работа на гиназијата сите професори положиле заклетва дека ќе му служат на народот. Советот при гиманзијата решил за име на гимназијата да се предложи името на Мирче Ацев и Пере Тошев. Меѓутоа, препораката од Градскиот народен одбор била да се усвои името на народниот херој Мирче Ацев и Советот го прифатил ова име.

Во првата учебна година по Втората светска војна гимназијата била именувана како народна гимназија, а наставата се изведува на народен македонски јазик. Според списокот од народната гимназија бр.25 од 24.2.1945 година професори биле:

*Стеван Шапчески*

*Проф. Ѓорѓи Елим*

*Проф. Стеван Спасески*

*Круме Кепески*

*Борка Талески*

*Борис Бошкоски*

*Анета Печијареска*

*Ана Елим*

*Борис Наумоски*

*Димче Тошески*

*Ибраим Ибраимоски*

*Рампо Ачкоски*

*Киро Миноски*

Од горенаведените професори девет професори биле завршени со филозофски факултет, двајца со теолошки фактултет, еден студент и еден стручен учител. Наставниот кадар во гимназијата брзо се менувал. Едни биле назначувани за професори, а други биле преместувани од органите за просвета.

Во учебната 1946/47 година гимназијата работела од први до осми клас. Наставата била изведувана според наставните планови и програми донесени на ниво на државата. По наредба на Министерството за народно просветување од 1 јули до 15 август 1945 година по завршувањето на учебната година за учениците од осмите класови бил одржан курс, а посебно за другите класови. Гимназијата била сместена и работела во старата зграда каде што била пред војната, денес тука е сместено Основното училиште Кочо Рацин. Таа во првата година имала 12 паралелки од 5-ти до 8-ти клас со 291 машки ученици и 186 женски ученици или вкупно 477 ученици.

Гимназијата до учебната 1952/53 година работела како полна гиманзија со нижи и виши класови. Во нижите класови имало паралелки со ученици од турска народност. Од учебната 1950/51 година со проширувањето на училишната мрежа во Прилепската околија бројот на учениците во Гимназијата се наголемил.

Со наголемувањето на бројот на учениците во гиманзијата се наметнала потребата од зголемување и на училишниот простор. За реализацијаа на сите училишни активности барале и соодветен простор. Просторите во старата заграда не одговорале на оваа немена на образование.

Во втората година 1945/46 година се запишале поголем број ученици и тоа 1600 од прва до четврата година. Наставата се изведувала во две смени. Но, и тоа не можело да го реши проблемот. Во тој период директор на гиман-

зијата бил професорот Методија Соколоски и целиот наставнички совет се нашол во многу тешка положба, заради тоа во летото на 1946 година со помош на тогашниот Градски народен одбор започнало доградувањето на уште еден кат на постојаната зграда. Но, и тоа не било решение за училишниот простор и била донесена одлука да се започне со градење на нова зграда во Тризла Маало, наспроти Тутунскиот комбинат и за неполни две години било изградена нова зграда од страна на ГП Пелагонија, Битола, градежно бр.5 Прилеп.

Гимназијата се преселила во новата зграда во втората половина на учебната 1949/50 година. Таа располагала со 18 училници и кабинети, фискултурна сала и други простории со 5.300 $м^2$ квадратен простор. Со тоа биле подобрени условите за изведување на настава во гиманзијата. Гиманзијата извршила преродба на гимназиското воспитување и се создал голем кадар кој бил вклучен во општественото живеење во новосоздадената држава.

### 5.7. Аналфабетските, основните и општобразовните курсеви

По ослободувањето на Прилепската околија, покрај сите други потешкотии се наметнал и проблемот за описменување на населението. На просветните органи во Прилепската околија, покрај грижата за организирање на училишната мрежа се наметнал и проблемот за опфаќање и описменување на неписменото население.

Уште од самиот почеток органите на народна власт во Прилепската околија описменувањето на возрасната популација го сфатиле како мошне сериозен проблем дури како политички проблем. Борбата против неписменоста се сметала како дел од борбата за сестран интензивен развој во сите области од живото.

Бројот на неписмената популација во Прилепската околија бил голем. Во проценти изразен бил над 70%. Вкупниот број на неписмено население над 10 година изнесувал над 25.000 лица. Големиот број на неписмени се должело на долгогодишното ропство и на денационализаторската политика на сите окупатори кои поминувале и престојувале на ова подрачје.

Основна форма за описменување на возрасното население биле аналфабетские курсови. Во Прилепската околија, веднаш, по ослободувањето органите на народната власт затекнале околу 13.500 неписмено население. Отворањето на аналфабетските курсови било со акт од највисоките органи од Президиумот на АСНОМ. Со овие акти биле создадени услови за зпочнување на описменувањето. По предлог на Министерството за просвета во 1947 година, Владата на НРМ донела уредба за организирање на курсови на неписмените. Со оваа уредба биле определени основните и организационите поставености по кои требало да се организираат курсовите и да се води борбата против неписменоста. Овие курсови биле формирани од МНОО, од Општинските НОО, Градските НОО, културните друштва и масовните организации.

За организираната борба против неписменоста од голема важност биле донесените акти на Президиумот на АСНОМ од 2-5 септември 1944 година. Според ова решение се вели: Поради подигање на писменоста на народот се организираат аналфабетски курсови. Органите за просвета во Прилепската околија постапувале по овие акти и пристапиле кон организирање на анлфабетски курсови.

Според податоците што ги располагаме, а се најдени во АМ - подрачно одделение - Прилеп се вели дека првите аналфабетски курсеви биле отворени во следните села: Мажучиште, Кадино Село, Бело Поле. Во селото Мажучиште аналфабетскиот курс започнал со работа на 20 декември 1944 година и траел до 25 февруари 1945 година. Со неговата работа раководел Пецо Каранѓуле и Милан Здравкоски, всушност тие биле иницијаторите за отворање и работа на овој аналфабетски курс. Него го посетувале 54 луѓе од различна возраст и пол, и тоа 23 мажи и 31 жени или вкупно 54 и сите овие со успех го завршиле курсот и се описмениле.

Во Кадино Село аналфабетскиот курс бил отворен на 20 декември 1944 година и траел до 25 февруари 1945 година. Тој бил отворен по иницијатива на Месниот народен одобр АФЖ и НОМСМ, како и учителите во селото, но за нивните имиња не успеав да дојдам до сознание. Курсот го посетувале 30 посетители. Од нив 10 мажи и 20 жени. Со курсот раководеле двајца наставници и со голем успех овој курс го завршиле сите посетители. Во наредната

1945 година бил отворен курс во Прилеп и тоа по иницијатива на АФЖ и учителката Анче ВОЛчЕСКА. Курост бил отвоен на 6.2.1945 година и него го посетувале 37 жени и сите со успех го завршиле овој курс и биле описменети. Во Бело Поле бил отворен аналфабетски курс на 14.1.1945 година. По иницијатива на масовните оргнаизации го посетувале 37 од кои 21 мажи и 16 жени. Само едно лице не го завршило курсот, а додека 36 посетители биле описменети.

Во Борисово/денешно Славеј/ курсот започнал со работа на 26.1.1945 година по иницијатива на МО на НОМСМ, го посетувале 8 посетители и тоа 3 мажи и 5 жени. Од нив еден посетител го напуштил курсот, а другите биле описменети /го завршиле курсот/.

Покрај аналфабетскиот курс за жени во Прилеп бил отворен и курс за мажи. Него го раководел Злате Попоски. Него го завршиле 50 курсисти.

По иницијатива на учителката Наде Зуграфоска на 19 март 1945 година започнал со работа аналфабетски курс во селото Плетвар. Сличен курс започнал со работа во Прилеп со 21 курсисти, во Дреновци со 18, Десово со 55, Дупјачани со 30 и во други населени места во Прилепската околија.

Од документацијата што ја имам на располагање се дознава дека во Прилепската околија, од ослободувањето заклучно со мај 1945 година биле одржани 15 курсови кои траеле од 1 до 2 месеци и преку нив се описмениле над 900 лица. Според другите податоци од 1944 година па се до 1953 година вкупно се организирале преку 200 курсови, или биле описменети преку 8.500 лица.[146)]

Неспорно е дека иницијативата за одржување на вакви аналфабетски курсови во погоелмите населени места, била подигната од учителите, АФЖ, НОМСМ, но од објективни причини, како што е немање петролеј за осветлување, дрва и сл. материјални околности, курсовите биле прекинувани уште во нивниот почеток. Затоа, при такви услови учителите применувале поединечни форми на образование. Во некои населени места, каде се уште немало отворено училишта, најдобрите малдинци и младинки биле ангажирани во работата на описменување на возрасното население.

---

146) Исто...ц.ф. доклад

Најголем број на аналфабетски курсови биле одржувани во мртвите сезони (зимски период, кога немало работа). Според еден податок во декекмври 1947 година било извршено описменување и тоа:

Табела 9

| Народност | Број на курсови | Број на курсисти | | |
|---|---|---|---|---|
| | | *м.* | *ж.* | *се:* |
| Македонци | 13 | 68 | 147 | 215 |
| Турци | 3 | 41 | 35 | 77 |
| Цигани | 9 | 98 | 131 | 229 |
| се: | 25 | 207 | 314 | 521 |

Од гореизнесените податоци се гледа дека со описменувањето биле опфатени сите структури на населението кои живееле во Прилепската околија.

Споредбено, од податоците се гледа, дека за описменување поголемо внимание се обрнувало на женското население бидејќи тука неписменоста била поголема во споредба со машкото население.

Во Прилеп биле отворени аналфабетски курсеви од различни иницијатори и во различни квартали, школа. Во текот на 1948 година биле отворени следните аналфабетски курсеви:

*Кв.Корзо..........................................................20 курсисти*
*Кв.Ридот 1 со....................................................36 неписмени*
*Кв. Ѓордере 1. курс со ..................................17 неписмени*
*Кв.Долно Маало - Гарата 1 курс со............... 20 неписмени*
*Тризла 3 курса со ............................................96 неписмени*
*Кв."Вишне" 8 курса со ..................................235 лица*
*с.Варош 1 курс со ...........................................24 неписмени*

Исто така, аналфабетски курсови биле отворани по работни оргна-изции,најнапред се отворале курсеви во оние работни организации каде што имало најмногу неписмени, а тоа биле:

Градежно претпријаие "Пелагонија" 1 курс со 24 неписмени, Момирок 1 курс со 18 неписмени. Во Тутунскиот комбинат 1 курс со 18 неписмени.

Според еден извештај само во кварталот Ат-пазар немало неписмени.

Во 1949 година активностите за описменување продолжиле со поголем интензитет за целосно искоренување на неписменоста. Во оваа година имало отворено 30 курсови со 463 неписмени. Во Прилеп биле описменети 3.166 лица.[147)]

Во 1950 година при Поверенството за просвета и култура била формирана Комисија за борба против неписменоста со задача да раководи со борбата на теренот, да врши контрола, да дава напатствија и помош, да изнајдува форми и начини за работа. Уште при крајот на 1949 година платен актив од 26 членови. Сето тоа беше во духот за искоренување на создадените пволни услови на неписменоста. Меѓутоа се уште постоеле огромни тешкотии, а тоа пред се биле:

Поголем дел од МНО немало единствен став по однос на искорнувањето на неписменоста, тоа се сметало како второстепена задача. Управата на СРЗ не посветувала посебно внимание на искоренувањето на неписменоста.

Ќе го наведеме примерот на СРЗ во Никодин каде не се дозволило да се отвори аналфабетски курс. Не ги праќале своите членови на курсевите.

Посебен проблем за описменување имало во мариовските села. Таму долго време не можеле да се отворат аналфабетски курсови, особено кај женската популација. Најголем отпор давале селаните во селата Црнилише, Лажани, Канатларци и, скоро во сите муслимански села. Но со упорна и организирана работа во 1951/52 година во село Црнилиште започнал со работа курсот со 67 мажи и 78 жени или вкупно со 145 курсисти, во селото Лажани со 41 мажи и 102 жени или вкупно 143, во селото Десово 75 мажи и 50 жени, вкупно 125.

---

[147)] АМ - Подражно одделние - Прилеп, ГНОО - Прилеп 1944-1945, К-1.

Во Прилепската околија во 1952/53 година биле преземени низа активности и биле отворени 39 курсови, со 708 курсисти.

Според извештајот за аналфабетските курсови АМ - Подрачно одделение - Прилеп, К-2 стои (од 1945 година па се до 1953/54) година се описменети 13.500 неписмени со оформени 350 курсови. Но, мој заклучок е дека сепак не успеало да се искорени неписменоста во Прилепската околија. Слободно може да се каже дека и денеска во Прилепската општина има голем број неписмени лица и покрај слободниот упис и задолжително основно образование.

## 5.8. Библиотекарството во Прилеп и Прилепско

Во Меѓународната повелба за книгата /член 3/ е запишано "Бибилиотеките ја заземаат клучната положба во дистрибуцијата на книгата. Тие честопати се најефикасен посредник што овозможуваат печатениот збор да допре до читателот. Како јавна служба тие го унапредуваат читањето, го унапредуваат индивидуалното богатство, перманентното образование, економскиот и општествениот прогрес".

Тргнувајќи од овие сознанија при формирањето и изградувањето на народната власт во Прилеп и Прилепско, понатаму во текстов ќе го употребувам терминот Прилепската околија во која влегува и градот. Библиотекарството водела внимателна грижа за прибирање и чување на книгите независно од какво потекло се и од кое подрачје доаѓаат, бидејќи во овој период книгите биле оскудни. За време на окупацијата биле уништени голем број книги кои не одговарале на окупаторскиот систем. Книгите што биле во интерес на народната власт во овој период биле сосема малку.

За библиотекарството се грижел ГНОО - Прилеп и Околискиот НОО и тоа исклучиво се грижеле просветните органи. Но, морам да напоменам дека голема грижа се водела за библиотекарството и при Општинските НОО и МНОО. Веднаш по завршувањето на војната во Македонија, во сите сегменти на општественото живеење, настанале промени и многу тешкотии. Во тие тешки години на опустошеност од вирот на војната, до загрозување на човековата репродукција, се нашле чувства да се поведе грижа и за библио-

текарството. Библиотекарството во Прилепската околија имало и своја подолга традиција. Во овој текст нема да навлегувам во таа проблематика, но конкретно ќе се задржиме за библиотекарството на ова подрачје по Втората светска војна.

По завршувањето на Втората светска војна библиотекарството во Прилепката околија започнало рапидно да се развива. Во почетокот во собирање на книги и нејзино чување, а потоа и нејзино користење од страна на лицата кои биле заинтересирани да читаат. Во текстов ќе се задржам на податоците што ги пронајдовме во Архив на Македонија - Подрачно одделение - Прилеп во К-2, за библиотекарството со сите нејзини слабости и позитивности. Ќе дадеме една споредбена поралела на книжниот фонд од 1939 година, па се до 1945-1948 година.

Табела 10

**ПРЕГЛЕД**

| Р.б. | Година | Број на библиотеки | Број на книги | Број на книги | Прочит. читатл. | Број на посета |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 1939 | 1 | 170 | 150 | 270 | |
| 2. | 1945 | 10 | 1.500 | 1.200 | 3.500 | 2.500 |
| 3. | 1946 | 3 | 1.240 | 1.108 | 973 | 3.500 |
| 4. | 1947 | 7 | 2.630 | 2.195 | 2.168 | 3.500 |
| 5. | 1948 | 36 | 4.672 | 3.356 | 3.276 | 6.203 |

Од гореизнесениот табеларен преглед се гледа дека книжниот фонд во 1939 година бил многу скромен. За време на окупацијата, немало интерес за библиотекарството, а веднаш по ослоодувањето имало поголема грижа за него и бројот на книжниот фонд бил поголем. Зголемен бил и бројот на читалиштата, а се наголемувал и бројот на прочитани книги. Во 1948 година исто така бројот на библиотеките рапидно бил зголемен, како и бројот на прочитаните книги, а бил зголемен и бројот на читалните. Меѓутоа, во наредната година 1949 година во Прилеп и во двете села кои биле во составот на ГНОО имало само 22 библиотеки, а читални имало 17. Книжниот фонд изнесувал 8.104 книги а бројот на читачите бил 6.827 читачи. Меѓутоа, покрај сите

напори да се создадат по поволни услови за библиотеките, сепак тие се наоѓале во една тешка состојба.

Според анализите, извештаите што биле доставувани до повисоките органи, а се наоѓале во АМ - Подрачно одделение - Прилеп К-12 ја даваат следната слика:

Во Прилеп имало 12 библиотеки, што не одговара на претходниот податок каде се вели дека во Прилеп и во двете села имало 22 библиотеки. Во Прилеп постоела една централна библиотека која го носела името "Максим Горки" и имала еден вработен библиотекар. Таа била сместена во Домот на културата во Прилеп и имала најповолни услови за работа. Во градската библиотека имало 3.410 книги кои биле изложени на рафтови и биле сместени во шкафови. Вакви библиотеки имало и во квартовите, потоа во подружниците на синдикатот, во кооперациите и во трговските претпријатија. Библиотеки имало во следните квартови во Прилеп:

*1. Кв.Ат-Пазар, просторијата и инвентарот биле добри.*

*2. Кв.Корзо, состојбата на книгите била слаба.*

*3. Кв.Рид имало две простории, книгите не се чувале добро, а ги имало повеќе.*

*4. Кв.Ѓогдере, книгите биле во шкафови и добро сочувани.*

*5. Кв. Шарена Чешма, книгите биле добро сочувани.*

*6. Кв.Тризла.*

*7. Кв.Долно Маало - Гарата*

*8. Библиотеката Орде Чопела во ТЗЗ во Варош била добро опремена и дборо работела.*

Во градската библиотека, Максим Горки биле добиени и списанија и дневни весници што биле читани од посетителите. Во 1947 година во библиотеката имало зачленето 862 члена, број на книги 951, ги добивала следните списанија:

*Дуга,*

*Наша Крила*

*Фронт, а од дневните весници добивала:*

*Борба,*

*Нова Македонија*

*Еж,*

*Глас.*

Во оваа година, според една друга статистика пронајдена исто така во АМ - Подрачно одделение во Прилеп, К-13, док.56 стои:

Табела 11

| Прочитани книги | | | Прочитани весници | | | Прочитани списанија | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *м.* | *ж.* | *се:* | *м.* | *ж.* | *се:* | *м.* | *ж.* | *се:* |
| 50 | 20 | 70 | 1243 | 174 | 1417 | 400 | 32 | 443 |

Во селото Дабница и Селце имало библиотека со читална, но нема извештај за состојбата и за бројот на членовите.[148)]

Во 1949 година, според извештајот доставен до Министерството за просвета од Околискиот просветен оддел е забележано; Во Прилеп во овој период имало 39 библиотеки и читални. Бројот на книгите бил 6.873, бројот на списанијата 43, прочитани книги 643 бројот на читачките групи 183. Членови на библиотеката имало: 1.163 мажи, 1.587 жени или вкипно 2.755. Во оваа година имало Народен универзитет. Состојбата на библиотеките во Градскиот НОО - Прилеп, Дабница и Селце била следната, прикажано табеларно:

Табела 12

| **р.б.** | **име на библиот.** | **Бр. на библиот.** | **Бр. на книги** | **бр. на списанија и весници** | **бр. на проч.книги** | **Читачи** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | *м.* | *ж.* | *се.* |
| 1. | Максим Горки | 1 | 1276 | 28 | 72 | 38 | 34 | 72 |
| 2. | Кузман Шапкарев | 1 | 30 | - | 8 | 8 | - | 8 |
| 3. | ГК Н.Младина | 1 | 340 | 9 | 81 | 46 | 29 | 75 |
| 4. | Кв."Монопол" | 1 | 200 | 1 | 18 | 11 | 6 | 17 |
| 5. | Кв."Вишне" | 1 | 103 | - | 31 | 18 | 9 | 27 |
| 6. | Кв.Ат-Пазар | 1 | 233 | 8 | 18 | 9 | 5 | 14 |
| 7. | ГС-совет | 29 | 3.240 | 33 | 412 | 232 | 191 | 902 |
| 8. | Кв."РИД" | 1 | 1.202 | 2 | 37 | 13 | 12 | 25 |
| 9. | Кв."Тризла" | 1 | 146 | 2 | 36 | 22 | 13 | 35 |
| 10. | АДЕМ Мах-муд | 1 | 35 | - | 5 | 5 | - | 5 |
| 11. | Кв."Корзо" | 1 | 192 | 2 | 36 | 17 | 18 | 35 |

[148)] АМ - Подражно одделение - Прилеп Фонд, Околиски НОО К-13, Извештај бр.240 20.5.1950 година.

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12. | Шарена Чешма | 1 | 185 | 1 | 25 | 13 | 10 | 23 |
| 13. | Кв.Долно Маало | 1 | 130 | - | 23 | 10 | 11 | 21 |
| 14. | Орде Чопела | 1 | 240 | 4 | 56 | 32 | 21 | 53 |
| 15. | ГНФ и АФЖ | 1 | 155 | 7 | 17 | 8 | 9 | 17 |
| *Вкупно:* | | ***44*** | ***8.194*** | ***97*** | ***897*** | ***508*** | ***330*** | ***838*** |

Од табеларниот преглед што дава една поцелосна слика за состојбата на библиоткарството на ова подрачје и со споредување на податоците се гледа дека бројот на книгите и читателите од ден на ден се подобрувал и се наголемувал книжниот фонд. Грижата се гледа и од тоа што скоро во секоја синдикална подружница биле отворани библиотеки, таков случај бил и со другите масовни организации и со работните организации. Со еден збор се давала една голема перспектива за развој на библиотекарството. Исто така и бројот на списанијата и весниците се наголемувал и читателите биле заинтересирани да ги читаат зашто преку дневните весници се запознавале за сите промени во државата, па и за настаните во светот. Тоа било резултат на тоа што не се поседувале други информативни средства од причини што им биле_______________, а населението било осиромашено.

Од еден друг извештај се гледа дека во Прилепската околија имало развиено библиотекарство и во работните оргнаизации и тоа:

*1. ГНО - Прилеп.................................50 книги*

*2. ФЕП.................................................44 книги*

*3. ГП Пелагонија................................50 книги*

*4. ГП "Мукос"......................................23*

*4. Козјак..............................................45*

*6. Моминок..........................................76*

*7. ФАП..................................................65*

*8. Монопол.......................................985*

*9. Институт за тутун ........................350*

*10. Исхрана........................................55*

*11. Шивачи.........................................47*

*12. Дрводелска раб."Тарцан"............58*

*13. Коларо - Ковачи...........................66*

*14. Народен борец...........................348*

*15. Мице Козар..................................95*

*16. Инвалидско...............................387*

*17. ГНР - Прилеп...............................92*

*18. Тулана “Победа”..........................57*

*19. Ж.Стопанство..............................78*

*20. Мичурин.......................................25*

Книжниот фонд бил зголемил во 1950 година и изнесувал 22.625 книги.

За популаризирање на книгата во Прилепската околија биле организирани “недела на книгата” и изложби. Една таква изложба била организирана на 13.10.1946 година. Во одборот биле: Симка Трифуноска, Димче Горгиески, Кирил Миноски, Тодор Николски и Ризе Блажески. Изложбата била сместена во центарот на градот во салата на Домот на културата.

Во 1950 година биле вработени двајца библиотекари:

*1. Цветкоски Раде, со 4-то одделение курс за библиотекари.*

*2. Гагалески Аце со завршено 4 одделение и заврше курс за библиотекари имал плата 2.500 динари, а Раде 3.500 динари.*

Персоналот во 1952 година се наголемил и тоа:

*библиотекар, управител и курир.*

Во годините по ослободувањето Прилепската околија била во многу тешка положба и не можела да одделува средства за библиотекарството. Но подоцна тоа одело со побрзи чекори напред и книгата била се повеќе на доближување до читателот. Во составот на библиотеките имало читални кои одиграле голема улога за читање на книгата. Во нив се читале книги, списанија, весници и др.

Библиотекарството во Прилеп и Прилепско во наредните години добивало поголем замав и тоа денеска е на едно завидно ниво во однос на бројот на книгите и бројот на читателите.

### 5.9. Народен универзитет, театар, хор

Градскиот народен театар бил формиран на 1.9.1949 година, со 13 вработени и 10 хонорари бил сместен во градското кино “Москва”, а за кратко време требало да се изгради нова зграда каде што условите биле далеку подобри. Во Прилеп имало голем број ентузијасти кои работеле во оваа дејност.

Во 1947 година овие ентузијасти давале разни културно - просветни приредби. Свеченото отворање на театарот во Прилеп било на 18.2.1950 година со претствата Кир Јања. Во оваа година биле удредни темелите на новата зграда и овој ден бил земен како ден кога во Прилеп бил формиран Театарот.

Градскиот репрезентативен хор, што работел под Повереноството за просвета и култура го носел името Борка Талески. Во основа, неговата работа била да се организираат приредби по повод значајни денови и празници. Во 1947 година биле организирани следните приредби:

*Овде е Младината на Југославија,*

*Мариовски народни песни,*

*Цуцул стои на грутка,*

*Бетовеновата 9-та синфонија,*

*Марш на Црвената Армија*

*Хорот исполнувал и други песни, маршеви и др.*

Покрај Градскиот хор “Борка Талески”, постоеле и гратски културни уметнички друштва. “Мирче Ацев”, “Кузман Јосифоски - :Питу” и др.

Исто така, во Прилеп постоел и Народен универзитет што одиграл голема улога во одржувањето на предавањата од разни гранки, посебно од нашата поблиска историја.

## 5.10. Здравствената и социјалната заштита на населението во Прилепската околија

По Втората светска војна во Прилепската околија било наметнато прашањето за организирање на здравствената и социјалнаа заштита на населението.[151)]

Прилепската околија била опустошена од фашистичкиот окупатор, опљачкани биле прехранбените продукти, населението било доведено до работ на голата етгистенција, а со тоа било подложено на разни болести.

Повереноството за социјална политика, народно здравје и исхрана издало упатство за заштита на населението на здравствен и социјален план. При Околискиот народноослободителен одбор на Прилеп било формирано одделение за социјална заштита и здравствена заштита, за трговија и снабдување.[152)]

Во Прилепската околија немало некои поголеми традиции за заштита на населението на здравствено и социјално поле. Во градот пред војната и за време на војната имало по двајца лекари кои биле сосема малку за населението за да им дадат здравствена заштита. Во Прилепската околија имало појавено повеќе заразни болести, пример, пегав тифус, тој бил најраспространет во селото Канатларци,Костинци и Тројаци, потоа највеќе луѓето страдале од маларија која била најписутна во Прилеп, Кадино Село, боротино по течението на реката Црна Река и Блатото. Во борбата против овие заразни болести голема улога за нивно сузбивање придонеле и докторите д-р Димитар Дуљан, д-р Методија Тројачанец, д-р Никола Хаџиздравев, кои биле најзаслужни за отстранување на маларијата од Прилепската околија. Здравственото одделение водело голема грижа и за други превентивни дејства против болестите, како што била масовната вакцинација против голеите сипаници и детската парализа.[153)]

За подобрување на условите за давање здравствена заштита започнала градбата на државната болница во Прилеп. Таа започнала да се

---

151) Во Прилепската околија немало некоја поголема продукција за здравствена и социјална заштита со државниот карактер. Д-р Томисавл почески, "Здравството во Прилеп 1900-1943, 1996 Прилеп стр.170.
152) Зборник на документи АСНОМ 1949-1945 година , Скопје 1964, стр237
153) Д-р Томисав Шамчески у.р. стр.120

гради во 1946 година, а завршила во почетокот на 1947 година кога и била дадена во употреба. Со тоа Прилеп добил една современа болница за лечење на заболеното население и давање превентива.[154] Од година во година здраствената заштита на населението се подобрувала. Но,недостатокот на медицински кадар во овој период многу се чувствувал и оној персонал што бил вработен во здравствената станица правел натчовечки напори да дојде до бараните резултати.

Во Прилепската околија се водело грижа за социјалната заштита на населението кое во овие повоени години било многу осиромашено. Сепак, од примарна заштита биле земени семејствата на паднатите борци, потоа воените инвалиди биле згрижени децата што немале родители.

Се водело грижа за сместување на семејствата кои биле дојдени од другите околии од Македонија и тоа од Охридската околија од Дебарца. Тие биле населени во селата Ново Лагово, Славеј, и други села. Потоа, во овој период имало доста бегалци од Егејскиот дел на Македонија и тие биле разместени во 24 села на Прилепската околија. Нив им било доделено земјиште од земјишните фондови од Аргарната реформа. Во селото Бело Поле имало изградено 70 куќи за сместување на вакви семејства кои немале покрив над главата.

Во Прилепската околија се водела грижа и за здравствената и социјалната заштита. Но, тоа не го дозволувале ни самите услови и тогашната меѓународна положба на земјата.

### 5.11. Спортот и спротскиот живот

Во Прилепската околија спортскиот живот имал подолга традиција. Тој се одвивал во многу тешки услови и зависел пред се од расположбата на присутниот окупатор. Се развивале оние спортови што биле во интерес на режимот, додека, многу спортови што биле блиски до населението не биле развивани.

---

[154] в. Нова Македонија, 18 јули 1946 година III БР.473 Во Прилеп се гради државна болница

По ослободувањето на Прилепската околија се создале одредени предиспозиции за создавање на спортски клубови, а кај оние што постоеле требало да се обнови нивната работа и да започната со своја активност.

Во Прилеп по Втората светска војна постоеле два клуба и тоа:

*Спортски клуб "Прилеп"*

*Спортски клуб "Гоце Делчев"*

Овие клубови имале богата традиција и двата клуба зеле активно учество во борбата против фашизмот. Спортското друштво, "Гоце Делчев" имало преку 350 членови, активни 50 членови,фудбалери 40, прв тим 16, членови, вториот тим 12 членови, подмладокот 12 членови, екипа за кошарка и лесна атлетика.

Спортското друштво "Јане Дуња" вкупно имало 240 членови од кои активни имало 46 членови, фудбалска екипа за првиот 20 членови, за втората екипа 12 членови, подмладок 14 членови.

Во спортското друштво "Работнички" членувале 300 членови од кои активни биле 45.

Во селата на Прилепската околија имало формирано фискултурни одбори, кои биле носители и организатори на различни натпревари во скокање, фрлање на камен, трчање, борење. Спортот со брзи чекори почнал да се развива во општините Маково, Тополчани, Долнени, Коњари, Плетвар и во Дупјаланската општина. Во Коњарската општина имало изградено фудбалско игралиште.

Во овој период поголема активност покажало Младинското спортско друштво - "Прилеп". Неговата цел му била да воспостави здрави и морални вредности и да биде врска со другите фискултурни друштва во земјата.Фискултурно друштво "Прилеп" во составот ги имал следните фискултурни секции:

- *лесна атлетика,*
- *скијање,*
- *планинарство,*
- *пинг понг,*
- *столни тенис,*

*- кошарка,*

*- фудбал,*

*- одбојка,*

*- хазена,*

*- шах,*

*- велосипедизам*

*- тенис.*

Спортското друштво својата активност ја спроведувало и преку спортски приредби меѓу своите членови и други друштва. Потоа организирало забави и екскурзии, курсеви за спортски раководители. Друштвото се финансирало од членарина, уписнина, местен влог за спортски приредби и забави, дарувања и помош. Членови на друштвото можело да бидат лица кои уживале граѓански права и почитувани од народот, а пред се од младите. Членовите биле редовни, доброволни и почесни. Редовни членови биле младинци и младинки над 18 години, јуниори од 14 до 18 години и пионери од 7 до 14 години. Секој член бил должен да има 3 дисциплини.

Со фискултурното друштво "Победа" раководело Собранието на друштвото, Извршниот одбор, Пленумот и Контролниот одбор. Како што наведов погоре во градот и Прилепската околија постоело спротско друштво "Годе Делчев", а тоа ја обновило работата на 24 март 1945 година. Тогаш било одржано основачкото собрание, а по неколку недели бил одржан и првиот фудбалски натпревар.[149)]

Друштвото "Гоце Делчев" имало богата традиција во Прилеп. За време на фашистичката окупација на нашата земја Друштвото одиграло позитивна улога. Тоа били вклучено во НОВ и ПОМ. Во таа борба своите животи ги дале млади револуционери, членови на ова друштво.

По ослободувањето Друштвото било обновено и доживеало брз развој. Во него имало повеќе секции, но секако дека ќе ја споменам фудбалската секција, која била најпопуларна во Прилеп. Меѓу најпознатите фудбалери ќе ги споменам:

---

[149)] Весно тофоски, фудбалот во Прилеп, Прилеп 1996 година, стр.110

*Петар Костоски,*
*Благоја Мојсоски*
*Алекса Најчески*
*Димче Московот*
*Ице Најчески*
*Благоја Попето*
*Никола Цицимот*
*Методија Крстески*
*Ристо Тренкоски*
*Атанас Камчев*

Според извештаите од фудбалските натпревари клубот "Гоце Делчев" во 1946 година имал одиграно 14 натпревари. Во оваа година било донесен и првиот нормативен акт на друштвото. Според содржината што ја имал тој акт бил наречен Устав. Овој акт бил одобрен од Окружното одделение за внатрешни работи на Битолскиот окружен Народноослободителен одбор под бр.2258 од 5 август 1946 година "Устав" на СД "Гоце Делчев" имал 11 глави и 40 членови. Со овој акт се определила улогата и значењето на постоењето на СД "Годе Делчев", во држава на и пошироко. Во член 3 биле дадени и секциите што постоеле при СД "Гоце Делчев" и тоа: скијање, планинарство, пинг - понг, кошарка, фудбал, шах, велосипедизам, и др.

Во текот на 1947 година настанале низа пропусти на организационо поле. Во организирањето на спротскиот живот во градот се наметнал проблемот за организирање на една единствена организација која со успех ги совладувала сите настанати проблеми. По иницијатива на Градскиот Народен одбор на Прилеп се одржал заеднички состанок на кој дошло до соединување на двете спротски друштва "Прилеп" и "Гоце Делчев", а во едно кои дотогаш биле носители на спротскиот живот во градот и Околината. Состанокот бил одржан на 7 март 1948 година во фискултурниот дом - Прилеп.[150] На овој состанок присуствувале околу 90 луѓе од двете СД. На состанокот било донесено решение да се фузинираат двете СД. Друштвото не се именувало. Одборот го сочинувлае:

[150] АМ – Подрачно одделени Прилеп Фонд ГНО – Прилеп просветен оддел …анализа К-14

*Лазо Чучуроски, претстедател, почесен претседател*

*Блаже Николоски, претседател,*

*Ратко Петрески, потпретседатл,*

*Благоја Ралески, трет потпретседател,*

*Дарче Бичоски, секретар*

*Целе Стефаноски, организационен секретар*

Секциите ги воделе следните лица:

*Гимнастика - Стеван Милески*

*Атлетика - Василе Ацески*

*Скијање - Блаже Вангелески*

*Туризам - Круме Гулески*

*Стрелаштво - Добре Дабески*

*Бокс - борење Цане Секулоски*

*Фудбал Борка Димкароски и Димче Крстески*

*Одбојка, кошарка, ракомет - Тале Петрески*

*Тенис - Здравко Зравкоски*

*Пинг - Понг - Таче Перески*

*Мечување - Миле.....*

*Велосипедизам - Боге Илиоски*

*Јавање - Коста Конески*

*Куглање - Тоде Штаргоски*

*Шах - Кире Стојаноски*

Спортското друштво “Гоце Делчев” со ова име останало до 1950 година кога било преименувано во ССД “Подбеда”. Тоа било заклучок и на заедничката седница. За сменувањето на името имало и голем отпор, а тоа било резултат што многумина не сакале да се откажат од името “Гоце Делчев”. Тогашен претседател на СД “Гоце Делчев” бил Гога Крсески - Ѓуре, кој во своите сеќавања вели: нас ни падна многу тешко променувањето на името, како на управата, така и на фудабалерите, а и на навивачите. Тоа беше во втората половина на 1950 година. Меѓу предложените имиња беа:

Маркови Кули, Црвени Стени, Партизан, Ѕвезда. Беше предложено и името Победа. Со тајно гласање, “Гоце Делчев” го доби името “Победа”.

По сите овие развојни нагорнини на спротскиот живот во Прилепската околија започнала една силна полетност кај младите, а тоа го потврдувале и резултатите што се постигнувале на разни полиња од спортиските натпревари.

# ЗАКЛУЧОК

Содржината во темава опфаќа период што е многу значаен за понатамошниот државно - правен развиток намакедонската држава. Македонскиот народ за време на Втората светска војна бил определен на страната на антифашистичките сили и тука ја видел својата шанса да дојде до слобода и да создаде своја држава. Населението од Прилеп и Прилепско целосно било вклопено во Народноослободителното движење, а само број луѓе останале соработници со бугарскиот фашистички окупатор.

Во Прилеп и Прилепско бугарскиот фашистички окупатор направил тешки злодела и тие ќе се памтат од генерациите. Такви тешки злосторства во Прилеп и Прилепско биле извршени во Дабнички Завој каде биле масакрирани деветнаесет прилепчани и дабничани. Такво злодело направил и во манстирот Прилепец и на други места. Таквата негова постапка била рамна на морбидно дејство и тоа во свеста на луѓето било осудено и никогаш не ќе може да се помират со ваквите злосторства што му биле нанесени на народот, а тоа било правено во името на Голема Бугарија. Но, вербата на народот во победата за слободата не се поколебал, туку со уште поголема сплотеност тргнал во борба и ја остварил својата вековна желба - слободата, и во лицето на АСНОМ го создал највисокото, законодавно врховно - претставничко тело на македонската држава.

Прилепската околија како интегрален дел на македонската држава одиграла многу значајна улога во антифашистичка борба и во создавање на органите на власта во Македонија. Веднаш по ослободувањето во Прилеп и Прилепско биле создадени органи на власт. Тоа се случувало во градот кога сеуште биле присутни германските војски. Биле создадени: Градскиот народноослободителен одбор на Прилеп, а нешто подоцна и Околискиот народноослободителен одбор, а потоа биле создадени Општински народноослободителни одбори, и во секое село Месни народноослободителни одобри.

По формирањето на органите на власта и оформувањето на масовните општествено - политички организации во Прилепската околија се поминувало на брзи радикални промени, пред се спроведување на законите што биле носени од повисоките органи, а со нивното спроведување била извршена и

радикална ромена. Овие промени не оделе така лесно - едноставно и преку ноќ. Се барале доследни законски решенија и врз база на тие акти биле преземени сите овие дејства. Така набргу бил донесен Законот за конфискација, Законот за зграрна реформа и колонизација, Законот за национализација кој бил носен на неколку пати. Тие значајни закони што биле спроведувани во живот носеле и големи промени во имотно - правните односи. Се одело на ликвидирање на големосопственичките односи, поделбата на земјата на аграрните интересенти и оформување на државни стопанства преку комесација, арондација и друг начин на окрупнување на земјоделството.

Брзите радикални промени предизвикале и еуфоричност кај населението и со тоа се добило уверување дека во целост се остварени сите придобивки од Народноослободителната и антифашистичката војна. Во неа населението масовно учествувало и била прифатена од целиот народ. Со овие радикални промени не било задоволно она население кое било поимотно. Исто така, се појавило незадоволство и кај дел од населението од причини што Македонија влегла во составот на Југословенската федерација, сметајќи, дека со тоа ги губи сите можности за создавање на своја држава, со свои белези. За тоа имало и повеќе причини пред се долгогодишното ропство под српскиот режим.

Во рамките на стопанско - економскиот развој се појавиле ситно сопственичкот интерес, кои биле против окрупнувањето на земјиштето. Тоа окрупнување водело кон примена на современи агротенички средства. Таквата примена кај ситното земјопоседство не можела да се примени.

По оформувањето на покрупни стопанства во Прилепската околија и изградбата на капитални објкети биле создадени услови за подобро производство, а со тоа и подобрување на материјалната состојба на населението. Но, свеста на населението не одела секогаш со брзите радикални промени. Меѓутоа, во периодот 1952/53 година дошло до напуштање на СРЗ и појава на силен гражбе. Такви грабежи се наведени во текстов во одредени населени места. Често населението било поспремно да добие од државата, но не било секогаш спремно да даде, се што може.

Еден од најцрните периоди од развојот на македонската држава бил перидоот на колективизацијата. Тоа е време на насилно спроведување на

колетивизацијата. Таа во Прилепската околија била спроведувана со најтешки репресии. За такви репресии сведочат голем број луѓе кои не сакале да ги прифатат колективните методи.

Во Прилеп и Прилепско во овој период се направиле силни напори да се развие школството, да се описмени населението. Во Прилепската околија била затекната голема неписменост, а тоа било резултат на денационализаторската политика на окупаторите кои биле присутни на ова парче земја.

Во средината на педесетите години дошла до израз неусогласеноста во развојот на одделни стопански гранки и области, бил загорзен натомашниот развој на стопанството и општеството во целина. Заради отсранување на диспорпорцијата и обезбедување на економскиот развој започнал развојниот процес на самоуправниот систем, а тоа е веќе период што треба да се лседи во некоја друга прилика.

# КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ

## А-I/НЕОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ

### А-1/АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА

Подрачно одделение - Прилеп

Фонд: Окружен народноослободителен одбор 1944-1945

Фонд: Градски народноослободителен одбор - Прилеп 1944-1945

Фонд: Околиски народноослободителен одбор - Прилеп 1944-1945

Фонд: Општински народноослободителен одбор - Кривогашатни 1944-1952

Фонд: Општински народноослободитлен одбор - Витолиште 1944-1952

Фонд: Општински народноослободителен одбор - Тополчани 1944-1952

Фонд: Општински народноослободителен одбор - Долнени 1944-1952

Фонд: Општински народноослободителен одбор - М.Коњари 1944-1952

Фонд: Општински народноослободителен одбор - Тројаци 1944-1952

Фонд: Окруженкомитет на КПМ - Прилеп 1944/45

Фонд: Околиски комитет на КПМ 1945-1955 Прилеп

Фонд: Градски комитет на КПМ 1945-1952

Фонд: Местен комитет КПМ 1944-1948

Фонд: Фискултурни друштва “Гоце Делчев”, 1945-1950

Фонд: Околиски задружен сојуз

Фонд: Народен фронт - ССРНМ - Прилеп

### А-2/ АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА

Подрачно одделение - Битола

Фонд: Обаластен комитет на КПМ - Битола

Фонд: Обаластен НОО - Битола

Фонд: Окружен НОО – Битола

## Б/ ОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ


Документи за создавање и развојот на НРМ 1944/45, Скопје

Зборник на документи на АСНОМ 1944/45 Скопје

Првиот конгрес на КПМ, Извештаи, резолуции

Сл.весник

Уставот на НРМ

Службен весник на НРМ 1945-1955

Службен лист на ДФЈ

Уставот на НРМ 1946


## В/ СПИСАНИЈА, ВЕСНИЦИ, ОД ПЕРИОД 1945-1953


в.Нова Македонија - Орган на НФ, Социјалнистички сојуз на Македонија

Комунист:орган на КПЈ

Народна Задруга - Орган на Главниот сојуз

в.Народен Глас, Прилеп, 1962 ,63, 64

Земјоделец-Месечно списание за земјоделците, ветеринарство и шумарство

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


**Ачкоска Виолета,** Задругарството и аграрната реформа во Македонија 1945-1955, Скопје, 1994, ИНИ.

**Ачкоска Виолета,** Задолжителен откуп во Македонија, 1945-1955, Скопје 1995, ИНИ.

**Ачкоска Виолета,** Резрешување на колонистичките проблеми во РМ 1945/46 Гласник, XXXV, Скопје, ИНИ, 1990.

**Ачкоска Виолета,** Еманципацијата на муслиманската жена и меѓунационал. рамноправност 1992, Скопје ИНИ.

**Ачкоска Виолета,** Дискриминаторскиот однос кон македонскиот селанец в.Нова Македонија, 1996.

**Апостолоски Александар,** Колонизација во Македонија, Скопје, 1990.

**Велјановски Новица,** Државно - правниот развој на Македонија

**Велјановски Новица,** Народната власт во Македонија за време на НОВ и Социјалистичката револуција 1941-1944 Скопје, 1984

**Велјановски Новица,** АСНОМ и образовниот систем.

**Велјановски Новица,** Формирање и дејност на НОО во Прилеп и Прилепско 1943, Зб.Прилеп и Прилепско во НОВ 1943, Скопје, 1984, стр.255.

**Велјановски Новица,** Дејноста на Президиумот на АСНОМ и неговите повереници, Историја, Скопје, 1984.

**Христов Александар,** Историјата на федерализмот во Македонија, Скопје 1987, ИНИ.

**Веселин Тофоски,** Фудбалот во Прилеп 1945-1959, к.2 Прилеп, Народен глас,1997 година.
Историјата на македонскиот народ к.1-3, Скопје 1969 година.
Основањето и развојот на КПМ, Скопје 1990 година.

**Тодорски Миле,** Партизанските одреди и народната војна на Македонија
1941-1944, ИНИ, Скопје, 1971.

**Лазаров Лазар,** Општествено - политичките организации во об новата и изградбата на НРМ 1944-1948 ИНИ.

**Лазаров Лазар,** Општествено економскиот развој на НРМ во периодот на обновата и индустријализацијата на НРМ 1944-1957 Скопје, 1988.

**Лазаров Лазар,** Спроведување на аграрната реформа во НРМ, Правна мисла, Скопје, 1975.

**Лазаров Лазар,** Донесување на Петгодишниот план и негово суштинско значење за примена кон планско стопанисување.

**Лазаров Лазар,** Прилог кон проучувањето на прашањето за електрификација индустријализација, ГНИИ

Скопје, 1976.

**Стојанов Петар,** Прилеп и Прилепско во Балканските војни, Зб.Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни 1918-1941, Прилеп, 1988.

**Христов Ристо,** Некои карактеристики на земјоделството и положбата на селаните во Прилеп и Прилеп ско, Зб.цф.

**Иваноски Владо,** Првиот конгрес на Народната малдина, Исто рија, 1971 Скопје.

**Терзиоски Ростислав,** Денационализаторската дејност на бугарските културно - просветни институции, ИНИ, 1974.

**Миљоски Кирил,** Скица за историјата на македонскиот народ ГИНИ, Скопје

**Нада Јурукова,** Основното образование и воспитание на Маке донија 1944-1950 Скопје, 1990 ИНИ.

**Нада Јурукова,** Просветната политика на народната власт во Прилеп Прилепско, Зб.Прилеп и Прилепско 1944/45 Скопје, 1985.

**Беличаски Цветан,** Просвета, наука, култура, спорт во Прилеп и Прилепско Зб.Прилеп и Прилепско во НОБ 1944/45, Скопје, 1985.

**Лазаров Лазар,** Партијата и општествено - политичките ор ганизации во спроведувањето на контрарево луционерните мерки и шпекулациите...

**Стојкоски Милан,** Формирањето и дејноста на НОК во Прилеп и Прилепско Зб.Прилеп и Прилепско во НОВ 1944/45, Скопје, 1985.

**Георгиески Кузман,** Ослободувањето на Прилеп на 9.9.1944 година, Зб.Прилеп и Прилепско во НОБ 1944/45, Скопје 1985.

**Рулеска Душица,** Библиотекарството во Прилеп низ историјата, в.Народен глас, 1997.

# СПИСОК НА КРАТЕНИЦИ

**АМ** - Архив на Македонија

**АСНОМ** - Антифашистичко собрание на народнотоослободување на Македонија

**АФЖ** - Антифашистички фронт на жените

**ГРАНАП** - Градско набавно претпријатие

**Док.бр**.-документ бр.,

**ЗАРИК** - Закон за аграрна реформа

**ЗЕМС** - Земјоделски машински станици

**ЗЗ** - Земјоделска задруга

**ИБ** - Информационо биро

**ИНИ** - Институт за национална историја

**К**. Кутија

**КПМ** - Комунистичка партија на Македонија

**МАЦЕКООПС** - Македонски центарлен кооперативен сојуз

**МК** - Местен комитет

**МНО** - Местен народен одбор

**МТС** - Машинско тракторска станица

**НОБ** - Народноослободителна борба

**НОВ** - Народноослободителна војна

**НОМСМ** - Народноослободителен младински сојуз на Македонија

**НРМ** - Народна Република Македонија

**НФ** -Народен фронт

**ОК** - Околиски комитет

**ОНО** - Околиски народен одбор

**РЕКОСПС** - Реонски кооперативен сојуз

**Сл.лист** - Службен лист

**ц.ф.** - Цитирана фуснота

**цит.док.** - цитиран документ